# СВЕДОШТВА
## 2001

**Панде Петровски**

СВЕДОШТВА
2001

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2015 by Pande Petrovski & Risto Stefov

e-Book Edition

******

February 23, 2015

******

CONTENTS

ВОВЕД ....................................................................................4
ВОЕНАТА КРИЗА ВО МАКЕДОНИЈА ВО 2001 ......................11
ПРЕЗЕМАЊЕ НА ВОЕНИ АКЦИИ ПРОТИВ Т.Н. "ОНА"......21
ВОЕНАТА ОПЕРАЦИЈА СКОПСКА ЦРНА ГОРА "МХ -1" ...40
ИЗВЕДУВАЊЕ НА ОПЕРАЦИЈАТА ..........................................47
КУМАНОВСКАТА ОПЕРАЦИЈА "МХ - 2" ................................55
ИЗВЕДУВАЊЕ НА ОПЕРАЦИЈАТА "МХ - 2"..........................65
ИЗВЕДУВАЊЕ НА ОПЕРАЦИЈАТА "ВАКСИНЦЕ" ................75
ОПЕРАЦИЈАТА "РУЃИНЦЕ"......................................................78
АРАЧИНОВО - ОБИД ДА СЕ РЕШИ КРИЗАТА СО
ПОЛИТИЧКИ СРЕДСТВА ..........................................................87
ИЗВЕДУВАЊЕ НА ОПЕРАЦИЈАТА - "АРАЧИНОВО" ..........99
СОСТОЈБИ ПОСЛЕ ВОЕНАТА ОПЕРАЦИЈА ВО
АРАЧИНОВО ..............................................................................112
НАСТАНИ ПОСЛЕ ПРЕКИНОТ НА ОГНОТ ..........................128
КАРПАЛАК..................................................................................158
ЉУБОТЕН ...................................................................................183
РАЗОРУЖУВАЊЕ НА Т.Н. "ОНА" ..........................................187
РЕЗИМЕ .......................................................................................191
КРАТКА БИОГРАФИЈА ЗА АВТОРОТ...................................199
ИЗВАДОК ОД РЕЦЕНЗИЈАТА НА ПРОФ. Д-Р ВЛАДО
ПОПОВСКИ ЗА КНИГАТА СВЕДОШТВА 2001 ....................201
ПРИЛОЗИ ....................................................................................203

## ВОВЕД

Југословенската народна армија (ЈНА), како сојузна армија во составот на СФРЈ, со распадот на државата, постепено отпочна и таа да се распаѓа. Распадот на СФРЈ започна со воени дејства, пред се, во СР Словенија и СР Хрватска. Единиците на ЈНА, оставајки дел од воените средства во СР Словенија и во СР Хрватска, се повлекоа од територијата на СРС и СРХ, иако истите прогласија самостојност на независни суверени држави.

Во БиХ живееја три вида на народи: Срби, Хрвати и Босанци. Од тој аспект ЈНА се обиде да го спречи одвојувањето на БиХ, но во тоа не успеа - се случи граѓанска војна со тешки последици, поради што меѓународната заедница испрати воени сили за спречување на конфликотот.

Република Македонија својата самостојност ја стекна без војна - по мирен пат, со референдум на 8. 9. 1991 г. во кој 95% од народот се изјасни за самостојна држава. Во текот на 1990 година беа организирани парламентарни избори со повеќепартиски систем и следеше формирање на сопствени самостојни институции: парламент, влада со свои министерства и тн.

Во м. декември 1991 г. РМ и Сојузниот секретеријат за народна одбрана на поранешна СФРЈ започнаа преговори за формирање на Армија на Република Македонија (АРМ) по мирен пат. По разговорите беше постигнат договор ЈНА - во февруари и март 1992 г., конечно да се повлече од РМ. По повлекувањето на ЈНА, РМ, како последна република од поранешните републики на СФРЈ во остварувањето на својата самостојност, ја формира Армијата на Република Македонија како заедничка армија на сите народи и народности кои живееја во РМ. ЈНА- по постигнатиот договор помеѓу тогашната влада и ССНО, со повлекувањето по мирен пат, ги повлече сите воени средства и опрема, освен личното вооружување што и припаѓаше на граничните единици кои ја обезбедуваа границата према Р. Албанија, Р. Грција и Р. Бугарија.

АРМ - своето формирање го отпочна со старешински кадар кој тогаш беше во ЈНА, без опрема и вооружување. Користејки го искуството на тогашните старешини, кои беа во составот на ЈНА, ентузијазмот на Македонците - старешини, набрзо се отпочна со формирањето на АРМ и веќе на 1. 4. 1992 г. беа повикани првите регрути за служење на воениот рок во АРМ. ЈНА тогаш, до 1991 г., на територијата на РМ ја имаше распоредено командата на 3-та Армиска област (под надлежност на 3-АО беа: териториите на РМ, Косово, СР Црна Гора и Јужна Србија), а од единици (здружени оперативни единици), го имаше Битолскиот корпус за Западна Македонија и Кумановскиот корпус во Источна Македонија и гр. Врање од Јужна Србија. Покрај овие оперативни единици во РМ беа распоредени дел од военото воздухопловство и против воздушна одбрана, ракетни единици за против воздушна одбрана, повеќе самостојни бригади итн, односно 20-25 000 стален состав на војници и старешини.

Иако ЈНА ја однесе целокупната опрема и вооружување, но не и човечки фактор, тогаш во РМ имаше активен и резервен состав-војници и старешини околу 120 000 способни и обучени во ЈНА- човечкиот фактор кој не претставуваше проблем за формирање на сопствена армија. Затоа, веднаш се отпочна со формирањето на АРМ бидејки во РМ имаше оспособен офицерски и подофицерски кадар од сите родови и видови (пешадија, артилерија, оклопни единици, инженерија, пилоти, морнари итн.).

Офицерскиот и подофицерскиот кадар беа основа за формирањето на АРМ, поради што беше брзо формирана. Покрај тоа, во РМ имаше изградено воени објекти во сите градови со добра инфраструктура за совршена и квалитетна обука. Набрзо во АРМ беа формирани 3 корпуси: Битолски корпус, Скопскиот корпус и Кумановскиот корпус. Во составот на АРМ беше вклучена и територијалната одбрана.

Во периодот од 9 години, односно до почетокот на воената криза, АРМ имаше 3 реорганизации со цел да се формира мала, мобилна и современа армија, која, пред се, ќе преставува фактор за одвраќање од евентуална агресија и, истоврмено, со

својата борбена готовност, да обезбеди извршување на задачите, одредени со Уставот и Законот за одбрана на РМ.

Во 1998 г. бев назначен да ја организирам и да ја водам реорганизацијата на АРМ, пред се да формираме компактибилна армија, спрема армијата на земјите членки на НАТО и во рок од 5 години, така реорганизираната армија, да може да биде кандидат за членка во НАТО.

Планот за реорганизацијата на АРМ, односно формацискиот состав, тогаш го потпиша преседателот Киро Глигоров, како врховен командант бидејќи тоа му беше уставна надлежност. Според тој план беше планирано АРМ да има во својот состав: 14 000 активен состав војници и старешини од кои 50% професионални војници и 50% регрутен состав, а во резервниот состав да има околу 40 000 војници и старешини - односно во воена состојба во АРМ бројноста би била околу 55 000 - (воена армија) што одговара на светските стандарди во однос на бројот на жителите и економската моќ на државата (2% во однос на бројот на жителите). Пред оваа реорганизација АРМ, заедно со резервниот и активниот состав, имаше околу 120 000 старешински и војнички кадар.

Како помош во реорганизацијата на АРМ тогашната Влада на РМ потпиша договор со САД, односно со еден тим пензионирани старешини од САД, МПРИ,-со т.н. инструктори - тим на воени ветерани. Помошта беше во изработка на планот за стабилизација и одвраќање, и бидејќи РМ постана како членка во системот за партнерство за мир - која РМ веќе тогаш беше членка на партнерството за мир.

Таа група инструктори предложи свој план за реорганизација на АРМ - кој од генералштабот и МО не беше прифатен. Во предлогот беше РМ да има армија со една бригада- т.н. лесна пешадиска бригада со два лесни баталјони и дел од специјалните единици. (да нема артилерија, оклопни единици, воздухопловство итн.).

Во тоа време (1998) РМ од воена опрема и вооружување имаше: 94 тенка т-55, 36 хаубици 105 мм, преку 100 хаубици 122 мм,

минофрлачи 120-60 мм преку l00 оклопни транспортери преку 300 итн.

На 26.12.1999 г. по изборот на новиот претседател на РМ - Борис Трајковски, министерот за одбрана акад. Н. Кљусев организираше реферирање поради запознавање на врховниот командант со состојбата во тогашна АРМ и Планот за реорганизација за наредните 5 години.

За моментната состојба во АРМ реферат поднесе тогашниот началник на генералштабот генерал Трајче Крстевски, а јас поднесов реферат каква треба да биде АРМ после 5 години, односно после реорганизацијата.

Во тој реферат, покрај другото, нагласив: “Во реорганизацијата на АРМ имаме несогласувања со тимот МПРИ, но тоа е надминато бидејки овој план во два наврати во Брисел е целосно прифатен од сите земји членки на НАТО со небитни забелешки”.

Набрзо после тоа, односно во јануари 2000 година, беа пензионирани околу 500 старешини меѓу кои и сите генерали т.н. “кочничари” на реформите.

Секако после тоа, односно после заминување на дел од нив во пензија, беше прифатен планот на тимот МПРИ - и 2000 г. отпочна реорганизацијата на АРМ под нивна контрола. Р. Словенија не го прифати тимот МПРИ, а Хрватска ги протера после извесно време, додека ние од Македонија ги протеравме дури во мај 2001 година.

На почетокот од 2001 година, пред кризата, АРМ беше во завршна фаза на преформирање, односно “расформирање” (3.АК, расформиран, 2.АК- битолски во фаза на расформирање, тенковските и артилериските единици расформирани, воздухопловството расформирано), граничната бригада во фаза на формирање и на секоја караула имаше по 10-12 војници итн.

Но 2000 година како прво: беше промовирана новоформирана единица, а таа беше лесната пешадиска бригада со два

баталјона која свечено ја претстави претседателот Борис Трајковски и која во својот состав имаше еден професионален баталјон и еден баталјон со регрути.

Предлогот од тимот МПРИ, испратен со писмо преку тогашниот амбасадор на НАТО во РМ, а потпишано од XJ. Хаен, покрај другото го содржеше следново:

Цитат: "Зборувајки за структурата на АРМ, односно каква армија треба да има РМ во иднина се вели: "Најтешкото прашање се однесува на потребните хеликоптери. Сегашниот буџет не може да издржи сила која што ќе биде компактибилна со НАТО и тоа со пилоти, обучени по стандардите на НАТО, ова треба да остане инспирација за во иднина...";

5. "наведената македонска политика е одбранбена, кое во современата воена наука значи дека силата повеќе е противтенковска, а не тенковска. Исто така, ограничувањето во буџетите и човечките ресурси диктираат дека нема потреба од тенкови во силите, посебно ако не се доволно добри и ако нивното одржување е скапо. Треба да се направи правилна проценка на заканите и стратегиската одбранбена анализа која што ќе се фокусира на период до 2005 г. и натаму.

Во моментот, сите во НАТО, и тука, и во Брисел, имаа потешкотии со потребите АРМ да има тенковски баталјони за двата корпуси. Единствено сценарио за кое што би била таквата опрема е или за парада или за внатрешни репресивни операции".

"...Ќе има потреба од радикална редукција на персоналот, и колку што можев да оценам од неодамнешните публикации исто така тоа е цел на министерството за одбрана. Сепак заради правата за пензија сегашните старешини можат да ги одолговлечат реформите. Заради тоа потребно беше да се направи аражман за предвремено одење во пензија кое ќе биде финансиски прифатливо за оние што треба порано да заминат во пензија, а тоа би било добро и за севкупниот морал..."

9. “Постои временски прозорец на можности од 5-10 години додека трупите на НАТО се наоѓаат во регионот за реално преструктуирање које ќе биде интероперабилно со линијата на НАТО. Максимално искористување на овој период ќе резултира во армија со јасна цел, армија која ќе напредува во 21 век. Со тоа ќе зајакне стабилноста на Р. Македонија и на регионот”... завршен цитат.

Овие инструкции - насоки од МПРИ, преку канцеларијата на НАТО во РМ, во 2000 г. беа целосно спроведени, и војната во РМ во 2001 г. ја дочека АРМ како “Армија на 21-от век”.

Во 2001 на РМ и се случи војна, која дојде во искушение да ја брани својата независност и територијалната целовитост. Зошто се случи таа војна во 2001 г. кога РМ, како самостојна и суверена држава функционираше 10 години и како таква беше меѓународно призната. И денес, 2006 г., граѓаните на РМ ја бараат вистината: “Зошто се случи војната во 2001?”- “Никој не сака да ја каже таа вистина”.

Од политички аспект се случи “револуција” за промена на општествено-политичкиот систем. Од аспект на употреба на безбедносните сили не им беше дозволено да ја спречат таа војна - односно се тактизираше “топло-ладно”, за да се стекне мислење дека РМ не може проблемот да го реши сама, со сопствените безбедносни сили. Затоа во оваа војна победија политичарите, а АРМ и народот беше понижен од своите тогаш актуелни “лидери” - “вожди”.

Секако дека историчарите ќе дадат конечна оценка за тој период, а посебно зошто тоа се случи и шом беше тоа што се случи во 2001!?

Јас покасно се вклучив во разрешувањето на тоа што и се случи на РМ. Откога бев вклучен во ГШ директноучествував во државниот врв во начинот на разрешување на кризата со воени средства. И тоа во фаза на одлучувањето, планирањето на воените операции како и во изведувањето на борбените операции. Со овој труд се обидов да го изнесат пред јавноста моето видување на настаните во 2001 година. Ова мое

искажување пред се е поради почит кон храбрите бранители кои искренно застанаа во редовите на АРМ за да ја бранат сопствената татковина, а посебен почит кон погинатите борци кои за слободата на својата татковина ги дадоа своите животи.

Авторот

## ВОЕНАТА КРИЗА ВО МАКЕДОНИЈА ВО 2001

Што и се случи на Р. Македонија во 2001 г. - класична војна, воена криза односно недефинирана војна?

Согледувајќи ги елементите, односно карактеристиките на една класична војна, и споредувајки ги со она што и се случи на Р. Македонија, се доаѓа до заклучок дека станува збор за војна, односно за агресија од една држава врз друга. На РМ во 2001 и се случи војна со елементи на воена криза. Дали таа војна, или воена криза беше договорена со тогашните државни - политички структури во РМ или не, ќе оценат историчарите. Јас, кој подоцна се вклучив во разрешувањето на кризата и учествував во планирањето и изведувањето на воените операции, освен во воените дејствија во с. Танушевци и с. Малино Маало, имам намера да ги изнесам моите видувања и факти, кои укажуваат на многу елементи, дека, сепак тоа беше воена криза планирана однадвор со строго разработени инструменти за контрола на кризата, а секако за постигнување на политички цели.

На 14. 3. 2001 г. тогашниот началник на ГШ на АРМ генерал-потполковник Јово Андревски не повика нас, пензионираните генерали, да не информирал за состојбата во РМ. Не ми беше познато кој беше повикан, но на состанокот бевме присутни: јас, генерал потполковник Митре Арсовски, генерал потполковник Драгољуб Боцинов, генерал Трајче Крстевски и бригадниот генерал Миле Манолев.

Началникот на Генералштабот на АРМ на состанокот не информираше за состојбата, односно она што беше познато преку медиумите и како е изведена воената операција во с. Танушевци и во с. Малино Маало.

За дискусија, по изнесувањето на генерал-потполковник Јово Андревски, се јавија присутните со свои предлози. Еден од генералите, во својата дискусија, покрај другото рече:

“Нашата партија зазеде став Р. Македонија да се брани со помош на Р. Бугарија. На самата граница веќе има 20 000

војници кои веднаш ќе дојдат доколку ги повикаме да ја одбранат Р. Македонија".

Не можев тоа да го слушам и нервозно реагирав: "Како можеш Генерале такви зборови да кажуваш кога ние сите знаеме дека Р. Бугарија во историјата секогаш влегувала во РМ "да не брани", а секогаш се однесувала како окупатор. РМ има доволно свои воени капацити сама да се одбрани од овие "терористички банди" и продолжив: - "Јово треба веднаш да побара од Претседателот на РМ да отпочне мобилизација на дел од единиците - односно делумна мобилизација според Планот за приправност и борбена готовност, кој е разработен во ГШ како документ и е одобрен од Владата на Р. Македонија".

Овој предлог беше подржан од останатите и беше заклучено што побрзо да се формира дел од воените единици како превентива за евентуално влошување на состојбата.

Генералот Јово имаше свој став, дека: "политичарите треба да го решаваат проблемот, бидејќи тие го предизвикаа". Можеби беше во право, но сепак, проблемот треба да го реши АРМ.

Настаните што се случија пред моето активирање зборуваа нешто друго:

На 16. 2. 2001 г. во с. Танушевци дојде до директна престрелка помеѓу припадниците на АРМ со 4 лица облечени во црни униформи меѓу с. Дебалде (СРЈ) кои се движеа во насока кон с. Танушевци. Истиот ден околу 15.55 часот, во шумата, 150 м. северо-западно од "стара продавница", беа забележани уште две лица кои подигнале шатор. На обид да ги идентификува граничното обезбедување лицата се дале во бегство, со истовремено отворање на оган врз граничното обезбедување, а од другата страна на СР Југославија - од шумата, од неколку места се отворило оган врз македонското гранично обезбедување. Тоа беше првиот елемент кој укажуваше дека врз нашата територија, беше извршен првиот акт на агресија, од странска држава, особено што лицата беа облечени во униформи од Заштитниот Корпус на Косово. Подоцна ќе се

покаже дека не само што носеа униформи од КЗК, туку дека беа и негови приврзаници.

Четири дена подоцна, на 20. 2. 2001 г., органите за граничното обезбедување на АРМ забележале движења на вооружени униформирани лица од с. Дебалде на делот кој се наоѓа во Косово. Истиот ден било забележано движење на униформирани лица со маскирни униформи во правецот на с. Танушевци. На 28. 02. 2001 г. дојде до престрелки во непосредна близина на с. Танушевци помеѓу припадниците на АРМ и вооружени униформирани лица. Истиот тој ден, околу 15.40 часот, во непосредна близина на набљудувачницата “Танушевци”, беа нападнати Органите на граничното обезбедување и Органите на МВР од РМ. Нападот се одвиваше од униформирани вооружени групи од самото село Танушевци (лицата што напаѓаа беа со црни униформи - како што е опремен Косовскиот Заштитен Корпус од Косово).

На 4. 3. 2001 г. загинаа тројца припадници на АРМ (двајца од подметната мина, еден со снајперски оган, истреалан од самото село Танушевци).

На 5. 3. 2001 г. беше отворен и минофрлачки оган кон припадниците на АРМ. Сето тоа беше од страна на косовската територија; а отворањето на артилериски оган од соседна држава врз нашата територија на легални припадници на армија кои ја бранат својата територија означуваше почеток на агресија.

На сите овие провокации, односно класичен напад од туѓа територија врз македонската територија и врз легалните гранични органи на АРМ и МВР, АРМ само возвраќаше. Наводно “такви насоки имала од политичкиот врв”, а “Владата на РМ го изрази своето незадоволство од досегашниот инертен однос на силите на КФОР, кои не си ги извршувале задачите” (извештај од седницата на Владата, одржана тие денови). На таа седница Владата заклучи: “Надлежните државни органи да ги зајкнат постојните и да преземат дополнителни мерки за обезбедување на самата граница со цел да се спречи прелевање на конфликтот од север кон нашата земја и да се заштитат

виталните институции и објекти во државата”. По ваквата одлука на Владата, а не на Врховниот командант и началникот на ГШ т.н. провокации се случуваа секој ден. Единиците од Заштитниот Корпус од Косово се префрлаа на нашата територија кај с. Танушевци и с. Малино Маало, а притоа не се преземаа организирани воени акции за разбивање на истите.

Службеното правило на гранична служба децидно предвидува со чл. 24: “Доколку вооружена група влези во наша територија АРМ веднаш презема дејства за разбивање и уништување”.

Дури на 12. 3. 2001 г. била “предизвикана” АРМ да преземе поширока акција за комплетно чистење на целиот простор на с. Танушевци - и на с. Малино Маало, наводно, со знаење на КФОР. После таа акција во 17 ч. на граничната линија се сретнале Командантот на КФОР и Командантот на акцијата од АРМ и после тоа бил “воспоставен граничен режим”. Каде отидоа терористите?

Во Тетово се појавија на 14. 3. 2001 г. бидејќи на тој ден во 1030 часот на Тетовското Кале ја нападнаа полициската патрола на МВР, која се движела во правец: Тетово - с. Селце - с. Лавце. Тој ден од нападот беа повредени 15 припадници на МВР од кои 7 беа со прострелни рани. Се чинеше дека само до толку КФОР и АРМ и ја завршија заедничката акција!

Покрај сите претходно изнесени факти во печатените и електронските медиуми имаше јавно “надмудрување” кој треба да преземе акција: АРМ или МВР. Во суштина “планерот” на оваа воена криза, со однапред изнесени “провокации”, како што ги нарекуваа - сакаше да се увери дали државното и военото раководство се спремни да преземат одлучна акција и во самиот почеток да ги разбијат тие 27 терористи во с. Танушевци и с. Малино Маало, од кои само 8 терористи (Според податоците од заробените документи во списокот на терористите од с. Танушевци и с. Малино Маало, во назначениот временски период, беа: Мухарем Зибери Хасани, Един Адем Шакири, Задик Раиф Романи, Емируш Мецџи Велију, Зекир Сефет Џафери, Агим Муса Мемети и Кадри Рустен Садику; Есат Сејфула Сулуси, Иса Јетиш Синани. Другите беа од Косово.)

беа од Малино Маало и с. Танушевци, а останатите од Заштитниот Корпус од Косово, или пак да продолжи плански да ја шири кризата во длабочина на македонската територија.

И покрај легитимните права кои ги има РМ, како самостојна и суверена држава, дефинирани со Уставот, посебно разработени во Законот за одбрана, како и во Правилото за граничното обезбедување на РМ се чекаше цели 26 дена безбедносните сили да преземат сериозна акција и да го вратат заземениот простор на територијата на Р. Македонија: Танушевци и Малино Маало. Јавните медиуми со право отпочнаа со притисок врз државните органи на Р. Македонија за преземање воени дејства заради одбрана на суверенитетот и територијалниот интегритет при што јавно се изразуваше сомнеж дека АРМ е способна за таа улога.

На 16. 3. 2001 г., во попладневните часови, ми се јави Владо Поповски, член на Советот за безбедност и одбрана и ми рече:

“Панде, премиерот (Љубчо Георгиевски) и претседателот (Борис Трајковски) сакале да се видат со тебе утре во 10 часот”.

“Која е целта на тоа видување?” го прашав Владо.

“Ќе дојдеш еден час порано и ќе ти објаснам”, ми рече Владо Поповски.

На 17. и 18. 3. 2001 г. ме убедуваа да се реактивирам со цел да помогнам да се разреши кризата со воени средства тие што предвреме ме пензионираа. По неколку месеци, во еден разговор, претседателот Борис Трајковски беше искрен во одговорот на прашањево: “Зошто ме пензиониравте кога немав услови за тоа?”

“Генерале, јас кога станав претседател не Ве познавав Вас генералите. Ричард Грифитс, генерал мајорот од САД , ми донесе список кој на која должност да биде, а кој да биде пензиониран. Јас го потпишав списокот”.

Тогаш ми изгледаше посебно искрен во своите искажувања.

Од разговорот со Љубчо Георгиевски констатирав дека тој искрено сака да ја реши кризата со воени средства, но се сомнева во командниот кадар во ГШ. На тој разговор истакна:

“Началникот на Генералштабот е уплашен - се плаши од преземање на сериозни воени акции со АРМ”.

ГЕНЕРАЛНА ПРОЦЕНЕКА

За Тетово беше известено дека е мирно и дека нема значителни борби во брдата северно од градот. Во граничниот регион вкупно 79 лица биле пресретнати од МНБ(ј), голем дел од нив го фрлиле орузјето пред очите на КФОР трупите. Одредено количество на орузје и друга воена опрема беше превземено. Се разбира, дека 44 лица биле приведени затворот на во МНБ(ј) Призрен за понатамошно испрашување. Инаку, приблизно 600 бегалци преминале во Косово. А изгледа дека многу повеке се обидуваат да стигнаат до Косово. МНБ(ј) испрати 2 дополнителни одреди во тој регион. УНХЦР проценува дека 7600 бегалци преминале во Косово од 16 Февруари, од кои 3700 во последниве 3 денови.

Со оглед на тоа дека насилството во ФYРОМ изгледа дека се намалува, вниманието сега се насочува кон движењето на бегалците и поранешните вооружени албански екстремисти кои се враќаат преку границата.

РАЗУЗНАВАЧКИ ИНФОРМАЦИИ

(Н/К С) (ОРКФОР) околу 150 приврзаниси на воорузените албански екстремисти во ФYРОМ, од регионот на Тетово се обиделе да избегат преку граница во Косово во текот на раните утрински часови. До попладнето единиците на КФОР прибере 78 од нив. Со бегањето во Косово, тие најверојатно ке се обидат да се претстават како бегалси кои бегаат од пукањето. Не мозе да биде исклучено дека лутината и фрустрицацијата на овие лица сега мозе да се пренасоци кон КФОР.

ОПЕРАТИВНА СИТУАЦИЈА

1. Акција на опколување и пребарување на Кривеник во близина на границата со ФYРОМ. На 27-ми во 0610х Полукрбат спроведе опколување и пребарување на сомнителна куќа во Кривеник (ЕМ 227 624). Претходната нок тие приметиле 20 лица како носат кутии и сандаци во куќата. Кога ја пребарале куќата насле АКМ 7,62 мм пушка со 27 кутии муниција, М-57 пистол 7,62 мм со 6 кутии на муниција, и 1 елек отпорен на куршуми. Кутиите кои што биле набљудувани претходната вецер биле полни со храна; куќата била пиљарниса.

2. На 27ми во 1325х ХРС 4-27 И 13 ТГ известија дека 7 албански мажи доагјаат преку контролната точка 75 (ЕН 550050) на патот за Витина. Тие тргнале од Скопје за да го избегнат насилството во Македонија и отишле да ја посетат нивната тетка. Тоа биле татко, мајка, 4 деца и еден пријател на семејството. Таткото ке го остави семејството и се враќа во Скопје на работа.

Извештај од бригадата Југ во составот на КФОР што ја обезбедуваше границата помеѓу РМ и Косово

Во суштина се работеше за нешто друго, односно во 2000 г. беа пензионирани 500 искусни старешини, а за НГШ беше поставен инженерски старешина, за негов заменик интендански старешина. Во 2000 г. под вид на реформи во АРМ - дел од единиците беа расформирани, пред се: скопскиот 3. АК расформиран, оклопниот професионален баталјон - расформиран, 2. АК битолски во фаза на расформирање, граничната бригада се уште оперативно неподготвена и 60% пополнета со човечки фактор, а обезбедуваше 43 караули на секоја караула со 10 до 12 војници. Иако АРМ располагаше со доволен број на технички средства, тенкови, артилерија, оружје и муниција, човечкиот фактор беше расформиран. Секако за состојбата во АРМ и нејзината борбена готовност најодговорен беше Врховниот командант - односно претседателот на РМ (според член 16, 18, 28 и 40 од Законот за одбрана на РМ). Но за безбедноста на државата по истиот Закон, одговорност има и Владата на РМ - преку МВР и МО. (член 16, 19 и 20 од Законот). Одговорноста не изостанува ниту на НГШ - како

стручен орган за состојбата во АРМ и вкупната борбена готовоност за одбрана на териоријаниот интегритет на РМ. Но во февруари и март 2001 г. во АРМ се одвиваа “реформи” кои ги изведуваше тимот на МПРИ со договор, потпишан од Владата во 1998 од министерот за одбрана.

Во 1999 год. Американскиот тим МПРИ и ангажираните старешини од АРМ во тој тим работеа на акционата програма за РМ за членство во НАТО. Покрај другото во таа програма имаше предлог каква армија и е потребна на Република Македонија, како услов за членство во НАТО. По согледувањето на програмата тогашниот ГШ истиот предлог не го прифати (покрај другото во предлогот стоеше Р. Македонија да има една лесна пешадиска бригада со два лесни баталјони). Отфрлувајки ја оваа програма, ГШ подготви нова програма во која беше целосно разработена новата реорганизација на АРМ. Таа нова реорганизација - реформација беше потпишана од тогашниот претседател на Р. Македонија - Киро Глигоров. Со ваквата постапка, односно со неприфаќањето на предлогот на тимот на МПРИ, каква Армија треба да има РМ, настанаа одредени несогласувања со шефот на МПРИ генерал Ричард Грифитс и дел од генералите на АРМ. Но, по изборот на новиот претседател на Р. Македонија, Борис Трајковски, заради несогласувањата околу реформите во АРМ меѓу генералите и Ричард Грифитс, новиот претседател ги пензионираше “кочничарите” на реформите, и веднаш после тоа ја прифати програмата на МПРИ, со што во 2000-та година отпочна реформирањето на АРМ, предложено од генерал Ричард Грифитс.

Во тој период (февруари и март 2001 г.), сите државни органи и партиските функционери ја минимизираа кризата нарекувајќи ја обичен “инцидент”, а подоцна се изговараа со недоволна “информираност”. Во тоа време извештаите на органите за обезбедување на границата зборуваа дека во Р. Македонија од СРЈ, од делот на Косово, се пребазираат дел од силите на Заштитниот Корпус од Косово и притоа отвораат оган врз нашите органи и тоа пред очите на КФОР - кои имаат мандат во СРЈ: од Косово да ја обезбедуваат границата кон Република Македонија.

Поради заедничка соработка во обезбедувањето на границата, во ГШ КФОР имаше оперативен центар за соработка и информирање со граничните органи на АРМ.

За с. Танушевци ГШ на АРМ мораше да го издигне проблемот до најкритична точка. Впрочем граничните единици на АРМ со член 24 од Правилото за граничната служба се обврзани веднаш да преземат воени дејства, да ги информира за случувањата со групите, уфрлени во територијата на РМ, а не началникот на ГШ на АРМ да бара одобрение за употреба на АРМ од Претседателот на РМ, туку да ги информира државните органи, пред се Претседателот на државата и Владата на РМ за преземените акции.

Проучувајќи ја состојбата и случувањата во с. Танушевци - Малино Маало наидов, за мене, на несфатливи работи за институцијата МО, ГШ - Претседател - од самиот почеток на т.н. гранични инциденти. Односно во целиот тој простор пребазиран брше еден вод (27) терористи од КЗК: и 3 месни жители од самото с. Танушевци. За да се преземе акција против нив, беше потребно скоро месец дена договарања - “воен врв – државен врв” и на тој начин проблемот да се издигне на меѓународен план иако Уставот и Законот за одбрана се децидни. АРМ имаше и воен капацитет и меѓународно право да го брани сопствениот интегритет и независност. Во јавноста се манипулираше, подоцна правдајќи се со недоволната информираност за вистинската состојба. Но извештаите зборуваа нешто друго. Исто така непримерно е во јавноста, преку средствата за информирање, да се манипулира со фактот кој бил надлежен веднаш да преземе воени акции за разбивање на терористите. Додека во јавноста се тврдеше “дека тоа се месни жители од с. Танушевци и тоа е надлежност на полицијата и политичарите”, во суштина беше спротивното. Тоа значи дека од самиот почеток на т.н. “провокација” - на просторот на Танушевци - Малино Маало постоеше класичен пример на нарушување на територијалниот интегритет на РМ и тоа на самата граница од соседна држава, што во суштина означуваше почеток на агресија. Во конкретниот случај не може да се оправда непреземање на акции од АРМ “поради тоа

што провокациите се случуваат во населено место каде што е надлежна полицијата” (како што се изговараше и од Министерот за одбрана и Началниот на ГШ на АРМ). Сето тоа даваше за право да се заклучи дека некој не сакал да преземе сериозни акции од самиот почеток, а не дека АРМ не била подготвена или дека немала доволно воени капацитети да се справи со тие т.н. провокации.

Сепак, без оглед што човечкиот фактор во АРМ беше распуштен во 2000 г. и тогаш таа располагаше со преку 400 транспортери, 94 тенкови Т - 55 А, 6 дивизиони - артилерија 122 м/м, 2 дивизиони 105 м/м - со поголем број минофрлачи 120 м/м и 60 м/м, со 6 б/к муниција за целокупното лесно вооружување и 4 б/к за тенковското и артилериското вооружување. Покрај тоа РМ имаше оспособен кадар во резервниот состав за целокупно вооружување со кое располагаше АРМ - односно 120.000 резервен оспособен кадар - војници и старешини.

Познавајќи ја вкупната состојба во АРМ, нејзините борбени капацитети, оспособеноста на војниците и старешините, прифатив да се реактивирам и проблемот - односно состојбата во Р. Македонија да се разреши со воени средства како што и доликува на секоја држава која ја брани сопствената независност доколку биде нападната од туѓа територија.

Тогаш така размислував, располагајќи со скромни информации за целта на “агресорот” и вкупните сили пребазирани во македонската територија од страна на КЗК - Косово.

## ПРЕЗЕМАЊЕ НА ВОЕНИ АКЦИИ ПРОТИВ Т.Н. "ОНА"

На 21. 3. 2001 г., со Указ на Претседателот на Р. Македонија бев реактивиран и поставен за заменик на началникот на Генерал штабот на АРМ. Во истиот Указ бев задолжен да раководам и да командувам со тетовската операција "МХ".

Два дена пред тоа, односно на 18. 3. 2001 г., кога прифатив да се реактивирам, ги согледував состојбите во АРМ и во Тетовскиот регион и формирав тим за подготовки на "Тетовската операција". Во тимот ги ангажирав старешините кои претходната година беа пензионирани од страна на Министерот за одбрана со образлежение заради "Реформи во АРМ", - односно "кочничарите на реформите", така ги нарекуваа старешините што не ја прифаќаа реорганизацијата на АРМ (изработена од тимот на МПРИ - (Тим на пензионирани воени старешини наречени воени ветерани од САД ангажирани за реорганизација на АРМ и обука на старешните) на чело со пензионираниот генерал мајорот Грифитс Ричард.

Во системот на раководење и командување со АРМ во 2000 г. беше формиран нов Генералштаб - "реорганизиран".

Формацијата на новиот ГШ беше:

- за началник на ГШ - назначен инженерискиот генерал-потполковник Јово Андревски (со 43 г. работен стаж);

- за негов заменик - назначен бригадниот генерал Саво Јанев, интендански старешина;

- за директор на ГШ - нова функција во реорганизацијата - назначен генерал мајор Туши Зехедин;

- за командант на корпусот (единствена таква единица на цела територија на РМ) назначен - генерал-мајорот Ѓорѓи Каракутовски - артилерски старешина;

- за командант на граничната бригада назначен генерал-мајор Методи Стамболиски и

- за командант на Првата пешадиска бригада - како единица за брзи реакции и единствена бригада која ја промовира Претседателот на РМ во 2000 г., беше поставен бригадниот генерал Адил Газафер

Во јануари 2001 г. АРМ ја дочека со напред изнесениот состав за раководење и командување со неа - поставени со Указ на Претседателот на РМ, а за министер за одбрана беше назначен Љубен Пауновски.

Кога повторно се вратив во активна служба имав можност да согледам некои документи од изведувањето на операцијата во с. Танушевци - с. Брест - Малино Маало. Бев запрепастен што се се случувало! Наидував на наредби потпишани од Врховниот командант за ангажирање на еден тенк и едно орудие итн - што не е надлежност на Врховниот командант. Всушност, Врховниот командант потпишува, односно ја одобрува целата операција. Во Планот на воената операцијата треба да точно испланирано по време, простор, кои сили се ангажираат во кое и за кое време да се заврши воената операција.

Не ми беше јасно зошто Врховниот командант потпишувал поединечни наредби - и добив одговор: поради тоа што “овој проблем (нападот на РМ) го предизвикаа политичарите, па тие нека го разрешат”, односно воениот врв бара проблемот да го решава полицијата, бидејќи тоа не било во граничниот појас (граничен појас по службен весник на РМ - 100 метри покрај граничната линија каде што е надлежна АРМ освен Охридското и Преспанското Езеро 500 м), а Министерот за одбрана упорно бараше проблемот да се реши со политички средства.

Но, сепак, со не преземање на мерки, акции и други активности од страна на овластени лица и служби (министри, началници и др.) по Уставот и Законот за одбрана за заштита на сопствената територија - можат да се сметаат како соучесници на напаѓачите во загрозувањето на територијалниот интегритет и суверенитет на РМ. Под силен притисок на јавноста и медиумите, после месец дена, сепак е изведена акција за разбивање на терористите на просторот на с. Танушевци -

Малино Маало - додека операцијата Танушевци им препуштам да ја анализираат учесниците бидејќи тогаш се уште бев во пензија.

Јас лично бев изненаден кога ме повика на разговор Државниот врв. Моето изненадување беше во тоа што не знаев зошто ме бара Премиерот и Претседателот - мислев ќе побараат совет во врска со вкупните состојби од воен аспект, а не помислив повторно да се реактивирам.

После неколку денови согледување на состојбата во АРМ и теренот со формираниот тим подготвивме Предлог-план за справување со диверзантско терористичките групи во Тетовско, односно Шар Планина и пошироко.

ТЕТОВСКАТА ОПЕРАЦИЈА “МХ”

На 21. 3. 2001 г. во 22 часот пред Државниот врв го предложив Планот за подготовки и извршување на воената операција. Тој гласи:

“Предлог-план за изведување на операцијата”

“Според досегашните сознанија на просторот Тетово, с. Порој, с. Шипковица, с. Вејце, с. Гермо и Кале дејствуваат околу 150 - 200 вооружени лица кои се фортификациски утврдени и целосно го владеат просторот на западните и јужните падини на Шар Планина. Во досегашните дејства Диверзантско терористичките групи (ДТГ) искажаа подготвеност за упорно и долготрајно држење на просторот, а посебно позициите во с. Шипковица, Кале, с. Вејце и с. Гермо со централниот објект Кале.

“Ви предлагам како Врховен командант да ја издадете следнава наредба:

- Веднаш да се отпочне со подготовки за изведување против диверзантско-терористичка операција во зоната: - десно: с. Слатино - с. Сердалица; лево: с. Брвеница - Попова Шапка - с.

Вешала по длабочина на државната граница со СРЈ во дадената зона.

Цел на операцијата:

- Да се разбијат и уништат ДТГ во дадената зона и да се воспостави целосна контрола и функционирање на државната власт.

- Готовност за операцијата за 2 дена,

- Од МВР да се потчинат единиците за специјални дејства,

- Сите планирани сили од АРМ и МВР да се стават по единствена команда со која ќе раководи и командува заменикот-началник на ГШ,

- Во операцијата да се организираат - употребат:

Сили за поддршка,
Сили за обезбедување,
Сили за напор,
Сили за десантирање".

Предлогов беше прифатен од Врховниот командант и сите присутни од Државниот врв.

После прифаќањето на идејниот дел од операцијата "МХ" - со претходно избраниот тим од старешини се пристапи кон целосна разработка на истата.

Одлучив: Главните сили во воената операцијата да бидат единиците од 2.АК (битолски) на кои пред 5 год. им бев командант. Длабоко верував во тие старешини, а тие целосно ме познаваа мене и мојот карактер.

22. 23. и 24. 3 2001 г. претежно ги поминав на терен во подготовки на операцијата. За да бидам сигурен во тоа што го работевме, се договорив со претседателот Борис Трајковски, Планот на воената операција да го потпише на 23. 03. 2001 г. -

официјално кога ќе се врати од службен пат. (тој беше во Женева на службено патување).

На 23. 3. 2001 г. бев цел ден на терен во Тетово, подготвувајќи ја операцијата. Се вратив околу 19 часот и ме повика премиерот Љубчо Георгиевски.

Во кабинетот кај Премиерот му ја објаснив целата замисла, одлука и задачите на единиците на АРМ кои беа планирани да се ангажираат во Операцијата.

Покрај тоа, му го објаснив и Планот за изведување на воената операцијата: по време, простор и начин на ангажирање на единиците за 25 и 26. 3. 2001 година.

Кога завршив тој ми рече: "Оди сега во ГШ и околу 21 часот, кога ќе дојде Претседателот Борис Трајковски, ќе дојдеме и ќе го потпише овој План". (Планот "МХ" за изведување на борбената операцијата).

До 24 часот го чекав претседателот Борис Трајковски да дојде за потпишување на Планот. Беше петок, 23. 03. 2001 г. Во 00'30 часот отидов во кабинетот на министерот Љ. Пауновски, бидејќи тој се уште го чекаше Претседателот на РМ и му реков: "Министре, уште ли ќе чекаме, во што е проблемот, има ли информација, дали ќе дојде Претседателот?" Ми одговори дека не е информиран, но дека веднаш ќе провери.

Во 1 часот, по полноќ, на 24. 03 '01 министерот Љубен Пауновски телефонски разговараше со претседателот Борис Трајковски. После разговорот тој ми рече: "Господине генерале, да одиме да се одмориме, потпишувањето ќе биде на 24. 03. 2001 г. околу 12 часот.

На 24. 3. 2001 веќе околу 7 часот бев буден и ги проверував единиците, дали ноќта меѓу 23 и 24 март ги поседнаа позициите што беа договорени според Планот на операцијата кој се уште не беше одобрен и потпишан.

Со цел да ги кондицирам сопствените сили и да постигнам изненадување, на 23. и 24. 3. 2001 г. наредив да се дејствува со артилеријата и хеликоптерите по реоните каде што се забележани терористичките групи или нови позиции.

Околу 12 часот, на телефон ми се јави Владо Поповски, член на Советот за безбедност при РМ и ме праша: “Панде, каде се наоѓаш, сакам да те видам на кратко” - Му одговорив: “Во мојата канцеларија, го чекам Претседателот на РМ” - “Доаѓам одма!” ми рече Владо. Си мислам во себе, нешто не е в ред штом доаѓа Владо Поповски, а не Претседателот на РМ.

Кога дојде В. Поповски во мојата канцеларија во тој момент, јас на полковник Јосип Бошевски му издадов некои наредби, по телефон, за разбивање на некои воочени терористички групи.

Се поздравив со Владо, го гледав сериозен и му реков:

“Владо седи малку, почекај да те почестам нешто”.

“Не, рече Владо, немам време”.

“Што е толку итно бре Владо”, го прашав.

“Еве да те прашам уште еднаш Панде дали можеш да ги разбиеш терористите во Тетово?”

Јас незнаејќи зошто Владо сега, во овој момент, ми поставува такво прашање, во свој стил му одговорив:

“Ту, да му се невиди, партал ќе ги направам. Зар за тоа дојде да ме прашаш?” - му реков.

“Сега еве јас да ти кажам!” - ми рече Владо, Претседателот се двоуми, некој таму во Женева го уплашил и цел ден се колеба да ја потпише одлуката за изведување на воената операција. Сега ќе му одиме со Љубомир Фрчковски, со Премиерот на Владата и други да го убедуваме”.

“Аман Владо, довечер да го потпише Планот, затоа што утре рано треба да отпочне операцијата - сите единици се напнати како пушка. Можно ли е тоа да се случи!? Јас веќе дејствувам, гледаш и самиот, овде го чекам Претседателот, бидејќи министерот за одбрана Љубен Пауновски ми рече дека ќе дојди во 12 часот, да го потпише Планот”. “Понатаму, му реков, нели јавно рече Премиерот на Владата дека одлуката е донесена, само зависи командантите кога ќе се одлучат да ја изведат офанзивата”.

После овој краток разговор Владо Поповски веднаш си замина. Јас останав да размислувам, што ли се случува, зошто Претседателот не сака да ја потпише Одлуката за изведување на борбената операција “МХ”!? Ми доаѓаа и црни мисли, ако не ја потпиши, а единиците веќе се подготвени и се наоѓаат на почетни позиции! Утре ќе тргнам во напад па што сака нека биде. Но не бев сигурен во МВР, дали тие ќе ме подржат?

Тој 24 март 2001 г. за мене беше многу кошмарен, често доаѓав во спротивни размислувања и дилеми и се прашував што се случува со нашето раководство!?

Времето работеше за терористите и за оние што ја режираа кризата. Во самиот почеток на разрешување на кризата со воени средства наидовме на големи кочници. Неодлучност или намерно сопирање - кочење да не се реши кризата. Не знаев што да заклучам, останав сам во својата канцеларија. Генерал Јово Андреевски како началник на ГШ се залагаше кризата да се реши со политички средства, како и министерот Љубен Пауновски. “Не треба војската да ја мешаме” - велат.

- Му одговорив, дека ова е наша работа, нарушен е територијалниот интегритет на Р. Македонија, зарем не сфаќате дека дел од Западна Македонија го држат терористите! Како можете така да размислувате!? Државата треба да ја браниме, тоа е наша обврска и надлежност итн”. Не можев да ги сфатам зошто така размислуваат кога по функција се најодговорни за безбедноста и одбраната на Р. Македонија.

Попладне, на 24. 3. 2001 г. околу 18 ч. ми се јави премиерот Љубчо Георгиевски и ме праша каде сум и што има ново? Му одговорив: “Од 12 часот ја чекам одлуката да се одобри за утре да почнеме со воените дејства”. - “Добро, дојди кај мене во кабинетот”. За 10 мин. бев кај него и веднаш му реков: “Па добро бре Премиере што се случува, ќе одиме да се бориме или не!?” - “Добро Панде, ќе биде се в ред, дај уште еднаш да го видам Планот!” -Незнам по кој пат му објаснував како ќе ја изведеме воената операција и тоа во сите поединости. После моето објаснување ми рече: “Оди во ГШ и чекај ме таму, јас ќе дојдам!” - Но не рече кога ќе дојди.

Бев психички исцрпен. Веќе беше 20 часот (24. 3. 2001 г.). Незнам што да му кажам на командантите за утрешниот напад. Постојано бев во радио и телефонска врска со нив. Постојано ги држев со врските, ме известуваа за почетните позиции, времето за напад му го соопштив ориентирно - односно кога да бидат во готовност. Наредба за почеток на нападот лично јас издавав. Не сакав командантите со ниеден мој гест да почувствуваат дека се случува нешто чудно во државниот врв - односно со Врховниот командант.

На 24. 3. 2001 год. во 21 часот почна да пристигнуваат членовите на Државниот врв во Министерството за одбрана, во кабинетот на министерот Љубен Пауновски. Си мислев, сепак добро е, ќе се одлучи за изведување на операцијата “МХ”.

Отидов во кабинетот на МО и таму ги затекнав, покрај министерот Љубен Пауновски, Стојан Андов, Доста Димовска, Звонко Каширски, Драги Гроздановски и други. Веќе беше 21,30 часот. Покрај вообичаените поздрави, ја извадив картата со Одлуката за “Операцијата” и ги спремив останатите документи за потпишување. Ги чекавме Претседателот и Премиерот. Седевме, разговаравме, чекавме, атмосферата тешка и напната. Се обидував да наметнам свежа атмосфера, Стојан Андов и Доста Димовска ме прифаќаат, останатите молчат. Околу 23 часот дојде Премиерот на Владата. -Го видов нерасположен, но ми климна со главата, во знак дека ќе биде в ред. После 10 - 15 минути дојде Борис Трајковски, претседателот на РМ, но го немав видено таков лут, намуртен.

Седна на своето место, гледаше во мене и веднаш рече: “Ајде уште еднаш да го погледнеме Планот за операцијата!”

Уште еднаш во овој ден, веќе ни сам незнам колку пати детално, го реферирав Планот “МХ”.

По моето изнесување на Планот, Премиерот на Владата, Доста Димовска (министер за внатрешни работи) и Стојан Андов, му велат на претседателот Б. Трајковски, дека нема што повеќе, планот требаше да се потпише, а сите други молчат. Борис Трајковски го повика началникот на ГШ на АРМ Јово Андревски да даде свое мислење. - Јово веднаш одговори: “Јас ништо незнам, како ќе одлучите Вие” - Целиот се тресеше.

Од претседателот Борис Трајковски имаше многу прашања во стилот: “Колку жртви ќе има?, - “Дали ќе има цивилни жртви?”, “Дали ќе има некое изненадување?” итн.

Веќе беше 25. 3. 2001 г. - 1 ч. по полноќ. Повеќе не можев да издржам, единиците беа на позиција, командантите чекаа сигнал за напад, треба да се пренесат наредбите, ноќта требаше да се искористи за незабележано приближување до позициите на терористите, а се уште Претседателот на РМ не го имаше потпишано Планот - Одлуката за напад. Седнат во длабоко размислување, одлучив, станав и војнички му се обратив на Врховниот командант. - “Господине Претседателе, ако за неколку минути не ја потпишете, односно не ја одобрите одлуката за напад, од Операцијата која денес во 7 часот треба да почне нема ништо, веќе сега е доцна - незнам зошто ме викнавте!” Сите молчеа, чекаа одговор од Претседателот. Бев целиот скршен во себе си и во своите мисли. - Ме погледна и рече: “Добро, дај ја таа карта!” - на која беше одлуката и Планот за операцијата. Му ја принесов заедно со другите документи. Се прекрсти, ја потпиша и рече: “Со Господ напред, нека ни е на помош и нека не чува!” - Покрај Претседателот требаше да се потпише и началникот на ГШ, како изработувач на документите и одлуката, па на Јово Андревски му велам: “Ајде Јово, стави го овде прстот!” – “Ако не сакаш ти да потпишеш, јас ќе потпишам”. - Тој ми одговори: “Лесно ти е тебе бидејќи не потпишуваш”. - “Јас водам војна генерал Јово, за потпис

нема проблем!”, одлучно реков - Всушност генерал Јово Андреевски го немаше прочитано текстот на Одлуката, но немаше избор, тука беа присутни сите од Државниот врв на Р. Македонија.

Ја зедов картата со Планот и текстот и без збор, војнички се поздравив и излегов од Кабинетот на МО, а надвор ме чекаа група старешини за одење во Тетово. На генералот Методија Стамболиски му реков, веднаш да се заведат документите во архивата и да се удрат печати на определеното место. Од канцеларијата, преку средствата за врски, официјално ги издадов потребните наредби, часот веќе беше 2,30 на 25. 3. 2001 година.

Кога излегов од мојата канцеларија за да заминам за Тетово, полковник Стојан Петровски ми вели: “Господине генерале, сите си отидоа, а Претседателот отиде со Јово во неговата канцеларија”. “Тоа повеќе не ме интересира”, реков, “туку дали, се е спремно ние да тргнеме за Тетово, бидејќи немаме време?” - Кратко ми одговори: Се одамна е спремно”.

Ова го пишувам да се разбере дека од самиот почеток за разрешување на кризата наидовме на отпор, неодлучност и несигурност, но не ми беше тешко да го сфатам претседателот Б. Трајковски, како цивил кој не е професионалец, без оглед на неговите уставни надлежности во одлучувањето за употреба на АРМ да се колеба, но тогашниот началник на ГШ - генерал мајор Јово Андревски, кој требаше да даде подршка, да го убеди Врховниот командант, со ниеден збор не сакаше да помогне. Зошто така се однесуваше самиот тој си знае и нека му биде на чест засекогаш!

Како и да е, сепак Врховниот командант, Претседателот на РМ, се одлучи со воени средства да ја разреши воената криза. (Покасно, според податоците, добиени во Министерството за одбарана почетокот на кризата надворешниот фактор ја оцени вака:

Во првата фаза на кризата Македонското раководство се залагало за енергична акција од пошироки размери, за

елиминирање на сите албански упоришта на државна територија, додека политичкиот врв, особено со албанските политички лидери во македонската власт и парламентот, барале уште време и вклучување на меѓународните сили (НАТО и КФОР) во решавањето на проблемите. Меѓутоа, НАТО, покрај тоа што дополнително ги обезбедил своите објекти во Куманово, Скопје, Тетово и на Петровец, не презел ништо за смирување на состојбата, правдајќи го таквиот став со тоа дека КФОР нема мандат за изведување на воени акции на територијата на Р. Македонија, ниту да делува заедно со македонските сили. Македонската страна од власта го оценила тоа како "неможност да даде конкретна подршка и помош кога е во прашање албанскиот фактор" и да даде сигнал сама да преземе соодветни мерки, после што македонските сили за безбедност започнаа антитерористичка активност. Во почетокот на воените дејства извлекувајќи го населението од с. Танушевци, албанските лидери настојуваа да исценираат "хуманитарна катастрофа".

И покрај почетното негирање за поврзаност на кризата со Косово, југот на Србија и Р. Македонија, во политичките воени кругови се разгледуваше и оваа можност. Тоа се сметаше да се реши со согласност на НАТО кој требаше да ги зајакне меѓународните сили на Косово и границата со Р. Македонија.

Дополнителни проблеми во обезбедувањето на границата предизвикала и вмешаноста на американски воени соработници кои беа во контакт со ОНА и со македонските сили. (според податоците кои се добиени во Министерството за одбрана). Покасно "Групата на американските воени советници" кои беа во контакт со ОНА истовремено им помагала на македонските воени сили. Познатата американска фирма МПРИ, со која раководеше Ричард Грифиц, генерал во пензија, кој бил во добри односи со Агим Чеху, им помагаше на Албанците во терористичките акции, но е присутен и во вооружените сили на Р. Македонија во рамките на таканаречената "Програма за стабилизација и одвраќање".)

Од самиот почеток на моето вклучување во разрешувањето на кризата сфатив: ако вака продолжиме ќе има сериозни

проблеми во разрешувањето на кризата со воени средстваи во употребата на АРМ, посебно зашто дел од армискиот врв беше против употреба на АРМ и затоа на седницата на Државниот врв, при назначување дека ќе бидам ЗНГ (заменик на Началникот на генералштабот на АРМ) пред сите истакнав: "Господине Претседателе, ја прифатив оваа функција, но барам од Вас целосно овластување во однос на моето ангажирање, а знаете дека на генералот Јово Андревски му е непријатно да ми биде претпоставен, а тој самиот си знае зошто. Затоа, во случај на некои недоразбирања, барам од Вас да носите конечно решение". После ова мое искажување се јави генерал Јово Андревски да каже нешто во свој стил: "Јас сум војник и почитувам принципи", - таа реченица секогаш ја употребуваше. Во една прилика еден потполковник му рече: "Господине Генерале, ако вие сте војник, останете си, јас сум потполковник".

## ИЗВЕДУВАЊЕ НА ТЕТОВСКАТА ОПЕРАЦИЈА

На 25. 3. 2001 г. денот беше мирен. Во тоа неделно утро, во градот Тетово, се беше мирно. На тој ден се менувше времето (часовникот се поместуваше за еден час напред - сметање на времето од зимско на летно), така што нападот беше планиран да отпочне во 6 часот утрината, а по новото време доаѓаше почетокот во 7 часот. Поради практичност во плановите, наредив сите активности да се поместат за 1 час нанапред. Заради тоа, наместо во 6 часот, артилериската подготовка отпочна во 7 часот и траеше 1 час, по строго селективни цели. За време на траењето на артилериската подготовка единиците тргнаа во напад кон почетните позиции за да се направи поширок прстен на обиколување. Едновремено планираниот десант отпочна со товарање на аеродромот Петровец (прв бран) - така што веќе во 8 часот заземени беа позициите на кружна основа, односно направен беше широк прстен и сите села каде беше проценето дека има терористи беа во широк прстен. Тие села беа: с. Џепчиште, с. Ѓермо, с. Бродец, с. Шипковица; Попова Шапка, с. Гајре и с. Лисец, а секако во средината беше и самото Кале.

Во 9 часот опкружувањето беше целосно завршено - но коњските патеки кон Караниколичко Езеро преку Шар Планина кон Косово и од с. Гермо кон Кобилица кон Косово не можеа целосно да се затворат, поради тоа истите се контролираа со хеликоптерите, а со цел да би се спречило евентуалното засилување на терористите од Косово, како и нивното повлекување кон Косово.

Во првата фаза на опкружувањето беше даден жесток отпор од кај с. Гајре и Шипковичкото теќе и нападот во тој правец времено беше запрен, а патот кон Попова Шапка блокиран со пречки.

На тој правец беше ангажирана специјалната единица од МВР (Министерството за внатрешни работи) со оклопните транспортери, која уште на самиот почеток беше запрена. Покрај тие дејства, на тој правец, терористите почнаа да отвораат оган со пешадиско вооружување и од крајните куќи во градот Тетово, кај гробиштата. Тогаш се сетив, кога во една прилика, генерал- мајорот Јово Андревски ми рече: “Панде, цел град ќе пука во нас”.

Веднаш проценив дека, доколку на тој правец не продолжевме со нападот, од морални причини ќе дојдеше до разочарување на останатите правци каде што добро се одвиваше нападот и затоа веќе во 9 часот наредив употреба на дел од резрвата (тенковската чета).

Со силен напад во зафат на патот за Тетово - с. Шипковица беа разбиени терористите на тој правец, расчистени пречките на патот и беше опкружена Шипковица како што беше планирано, а нашите сили избија на Шипковичкото теќе кое го надвишуваше Калето. Истовремено наредив да се употребат дел од тенковите по долината на реката Пена, односно по патот за селото Селце. Нападот беше силен и на останатите правци, а посебно десантираните специјални единици северно од с. Гермо кои имаа за задача да нападнат кон Калето - Тетово. На останатите 3 правци концентрично кон Калето, исто така нападот се одвиваше плански. Кај терористите настана општа паника на целиот простор бидејќи беа нападнати од сите правци

на поширокиот прстен - остапницата преку Кобилица кон Косово на Шар Планина, уште на самиот почеток беше пресечена.

Диверзантско-терористичките групи се дадоа во општо бегство, во непланирано повлекување.

Дел од терористите успеаја да се повлечат кон Караниколичко Езеро - Косово, дел преку Кобилица по шумските патеки кон Косово, веројатно тие беа од Заштитниот корпус, дел се повлекуваа кон с. Порој и с. Џепчиште, преслекувајќи ги униформите и фрлајќи го оружјето. По секоја веројатност тие беа жители од месното население на споментиве села.

За цело време со хеликоптерски дејства беше попречувано излегувањето кон Косово. Со освојувањето на Шипковското теќе го надвисивме Калето кое беше столб во одбраната. Од Калето се даваше жесток отпор, беше фортификациски утврдено. Конфигурацијата на самото Кале обезбедуваше давање на долготраен и жесток отпор - тешко можело да се освои без сопствени загуби и затоа размислував како да се освои, а да нема свои загуби.

Се одлучив да направам два прстена околу Калето. Околу 14 часот (25 март ’01.) Калето беше опкружено со два прстена од три правци (3 страни), но на источната страна не успеавме да го опкружиме, бидејќи единицата која беше ангажирана за напад на правецот с. Џепчиште - кон месноста Втосино не си ја изврши задачата, односно го погреши правецот, тргна кон с. Гермо. Кога ги упативме кон добиениот правец: Втосино - Кале наидоа на отпор и беа запрени, а не го пресекоа патот с. Гермо - с. Порој. Поради тоа дел од терористите се извелкоа кон с. Порој.

Пред паѓањето на ноќта Калето беше целосно опкружено, а терористите се држаеа само на врвот од Калето. Во 20 часот, дел од “Волците” (единица за специјални дејства во АРМ) беа уфрлени, со бомби да го освојат врвот и објектите на самото Кале.

Со освојувањето на Калето (25/26. 3. 2001 г.) Диверзантско - терористичките групи беа целосно разбиени во зоната на борбената операција како што беше планирано за тој ден.

Успехот во оваа операција - постигнат уште првиот ден се темели, пред се, на тоа што е постигнато целосно изненадување во времето на изведувањето на операцијата, а секако и на големата храброст и стручност на сите учесници во Операцијата.

Покрај тоа, навреме е вршена корекција во однос на почетната одлука и употреба на единиците пред се, од тактички постапки.

Во 22 часот, на 25. 3. 2001 г., бев повикан во Скопје на состанок со Државниот врв. На состанокот покрај претседателот Борис Трајковски, беа премиерот Љубчо Георгиевски, Стојан Андов, Доста Димовска, генерал мајорот Јово Андревски и други.

Борис Трајковски, претседателот веднаш ми даде збор да ја изнесам состојбата на фронтот и да предложам што понатаму да се презема.

Премиерот Љубчо Георгиевски, дента на 25. 3. 2001 г., беше во Тетово и дојде на командантското место, присуствуваше 2 часа и ја следеше операцијата. Беше запознат со сите поединости, а посебно беше задоволен што првиот ден немавме ни една сопствена жртва; само 3 ранувања од полесен карактер. Тој ден началникот Јово Андревски беше во својата канцеларија и од таму ја "следеше целата ситуација" и изразуваше загриженост случајно да не паднат многу наши жртви.

После моето изнесување за текот на операцијата, предложив да се продолжи со Планот на операцијата за вториот ден, а тоа беше чистење на целиот терен и поседнување на значајни тактички објекти на просторот, во зоната на операцијата.

Во текот на ноќта меѓу 25/26. 03. 2001 г. претпоставував дека ДТГ (Диверзантско-терористичките групи) ќе успеат да се извечат од обрачот кон Косово или во селата кои не беа опфатени со дејство, а дел ќе се враќаа во Тетово.

Претседателот Борис Трајковски беше многу расположен, посебно што немавме сопствени загуби, и искрено ми рече: “Генерале, сношти бев многу гневен на Вас”. - Јас во свој стил одговарив: “Претседателе, јас Ве разбирам целосно. Не е лесно да се потпише наредба за употреба на воени единици - ние веќе отпочнавме војна на нашата територија. Секогаш првиот чекор е тежо во се, а камоли да отпочнеш војна. Се надевам дека за натамошните дејства ќе ви биде полесно потпишувањето на одлуките”. (Види прилог бр.1) На 26. 3. 2001 г., единиците ги заседоа сите тактички објекти кои беа планирани за контрола на целиот простор. Во содејство со полицијата се отпочна чистење на теренот во сите шарпланински села. При чистењето на просторот беа пронајдени големи количини на оружје, облека, храна и други средства. Дури тогаш се уверив во која мерка целиот терен е уреден за одбрана од страна на терористите. Имено, имаше изградено подземни бункери, засолништа, ровови за дејство и одмор, а самото Кале беше така уредено со ровови и засолништа како да планирале ДТГ да водат долготрајна борба.

Во сето ова зачудува фактот што уредувањето на еден таков систем за одбрана во никој случај не може да се направи тајно - незабележан бидејќи тоа е работено веројатно со денови, со градежни машини итн., а за тоа надлежните служби на државата да немаат информација, а сето тоа беше несфатливо! Тактички гледано, системот за одбрана беше копиран од Англо-американската армија на тактичко ниво, како и начинот на запоседувањето на позициите.

На целиот простор, претежно, пред борбената операција, најголемиот дел од цивилното население се исели, а мал дел се иселија во текот на изведувањето на операцијата. Но во с. Селце и во с. Гермо повеќе остана од населението и проценивме дека меѓу тоа население по секоја веројатност се наоѓаат и терористи.

На 26. 3. 2001 г., го блокиравме с. Селце и побаравме истото да биде набљудувано. Се покажа дека околу селската џамијата има група од 30 - 40 вооружени лица, помешани меѓу цивилите, но

тие не се обидува да дејствуваат. Поради присуство на цивили не сакавме да дејствуваме и да вршиме класичен напад. Истото село беше опкружено, додека околните позиции беа под строга воена контрола.

На 27. 3. 2001 г., постепено обрачот се стеснуваше и се стегаше, а по патот за самото село, со поддршка на единиците на АРМ, постепено влегуваше полицијата. По влегувањето на полицијата, с. Селце целосно беше исчистено, беше извлечено цивилното население, а дел од терористите беа разбиени. Од с. Селце извадено беше големо количество на вооружување и муниција, списоци од терористи-учесници и друга документација. Според ова, очигледно е дека во селото имало сместено некое командно место. (На терористите за Тетовскиот простор им беше командното место во с. Селце. По освојувањето на истото беа запленети документи, меѓу кои и списоци на учесниците на т.н. “ОНА”. Во тој простор сите списоци беа ставени на дисекти во компјутерите. Вкупно на тие списоци за тој простор имаше 170 таканаречени борци. Целокупниот запленет материјал беше депониран во МВР - Скопје.) Со успешно завршување на оваа акција се завладеа со целиот простор. Од с. Гермо го примнав возачот на командантот на НАТО во Тетовско кој понуди доброволно предавање - односно извлекување на цивилното население од тоа село - што беше веднаш реализирано.

На целиот простор останаа надвор с. Порој и с. Џепчиште и во тие села дел од терористите успеаја уште на првиот ден од операцијата да ги фрлат униформите и да се скријат помеѓу цивилното насиление. Покрај тоа, располагавме со сознанија дека во самото с. Порој имаше странска ТВ-екипа и странски новинари. Од таа причина, на 27. 3. 2001 г., на состанокот на Државниот врв, предложив да се изврши чистење од останатите терористи во с. Порој и с. Џепчиште. Чистењето да го изврши полицијата, а АРМ да ги блокира селата и да не дозволи нивно евентуално повлекување. Таа идеја беше веднаш прифатена и издадени се конкретни задачи за реализација на истата на 27. 3. 2001 год. Истовремено предложив, поради искористување на почетниот успех, да се продолжи со чистење на Скопска Црна

Гора. Предлогот беше целосно прифатен. Предлогот се состојеше во следново:

а) Во Тетовскоти боиште да се пристапи со чистење на селата Порој и Џепчиште, а тежиштето за натамошите дејства да се префрлат на Скопска Црна Гора, притоа да се опфати просторот с. Чашка - с. Кривеник, односно Радуша. Покрај тоа, нагласив дека во Тетовско немам повеќе работа; на тој простор полковник Јосип Бошевски со својата команда ќе продолжи со обезбедување на просторот, а со тоа се обврзав дека лично ќе се ангижирам за чистење на просторот на Скопска Црна Гора.

Со првиот дел на замислата, односно полицијата да ги провери и да ги расчисти селата Порој и Џешчиште, а АРМ истите да ги блокира во целост се согласи МВР - министерката Доста Димовска и Звонко Каширски, директорот за Јавна безбедност на РМ кои беа присутни на состанокот. Полковник Бошевски, во смисла на одобрената идеја за чистење на селата Порој и Џепчиште, доби и конкретни задачи за опкружување и обезбедување на просторот во извршување на акцијата на полицијата.

Акцијата требаше да се изведе на 27. 3. 2001 година. На тој датум бев ангажиран за подготовки на борбената операција "МХ - 1" Скопска Црна Гора - Карадак.

На 27. 3. 2001 год., околу 10 часот, ми се јавува полковник Бошевски Јосип и ме извести со следново: "Господине генерале, полицијата се повлекува од с. Порој, добиле таква наредба". "Добро, му реков, не ми е познато зошто се повлекуваат. Ќе проверам и ќе ти се јавам. Ти продолжи си ја твојата задача, како што е договорено". Го повикав Звонко Каширски и му реков: "Имам информација дека полицијата се повлекува од с. Порој", а тој веднаш ми одговори: "Јас добив наредба да се повлечам од с. Порој од мојот Шеф (Доста Димовска, министерка во Владата на МВР)". - "Звонко да не сте направиле некоја глупост со цивилното население?!" "Не, таква е наредбата", возврати. - "Добро, реков, ќе видеме вечер на состанокот".

Вечерта, на состанокот на Државниот врв, пред да отпочнам со изнесување на предлогот за операцијата на Скопска Црна Гора, веднаш барав објаснување: “Кој нареди да се прекине акцијата ‘чистење на с. Порој и с. Џепчиште’. Незнам дали Претседателот на РМ беше информиран за прекинот, но Премиерот сигурно дека беше известен”. Сите молчеа. Се јави Доста Димовска и кратко ми се обрати: “Генерале, што сакаш ти, граѓанска војна? Ние ни во борбената операција не дејствувавме во тие села - тие граѓани не поддржаа за време на операцијата”. Бидејќи никој не реагираше, јас не сакав повеќе да дискутирам, само им подвлеков: “Вчеравечер сите Вие ја прифативте таа акција”. И на тоа се заврши, т.е. с. Порој и с. Џепчиште останаа бастиони за терористите.

## ВОЕНАТА ОПЕРАЦИЈА СКОПСКА ЦРНА ГОРА “МХ -1”

После првиот ден на воената операција во Тетовско, односно на 26. 3. 2001 г., се договоривме со генерал-мајор Јово Андревски да отпочнеме со подготовки за изведување на воената операција на Скопска Црна Гора и поради тоа да биде ангажиран еден 1.АК (Првиот армиски корпус) - кумановскиот, кој имаше слободни сили да биде носител на таа операција. Покрај тоа имавме и слободни армиски сили, пред се разузнавачкиот баталјон и батаљонот на воена полиција - целта ми беше да се искористи успехот на тетовската операција и во целост да го исчистеме пограничниот просотор кон границата со Косово и да ги поседнеме со единиците важните тактички објекти, комуникациите кои од Косово излегуваат во Р. Македонија.

Истиот ден, на 26. 03. 2001 г., се договоривме со генерал-мајор Јово Андревски да му издаде задача на командантот на 1 АК на 27. 3. 2001 и пред состанокот на Државниот врв да се изнесе состојбата на неговите единици и да предложи План на воената операција.

Јово Андревски, како началник на ГШ, го прифати предлогот бидејќи немаше друг избор и му нагласив дека истиот ден вечерта, ќе предложам пред Државниот врв да се изведе операција на тој простор.

На 27. 3. 2001 г., доцна вечерта, пред Државниот врв го поднесов следниов предлог:

“Да се отпочне со подготовки за изведување на операцијата во зоната:

- Лево: с. Рашче - с. Јажинце;

-Десно: Куманово - с. Табановце, по длабочината на границата со Косово на Скопска Црна Гора.

Целта на операцијата беше да се разбијат ДТГ во назначената зона и да се воспостви целосна контрола на просторот.

За изведување на оваа операција беше ангажиран 1.АК, како носител, граничната бригада засилена со извидувачкиот батаљон, батаљонот на воената полиција и сите полициски сили на тој простор од МВР.

Со главните сили да се разбијат ДТГ на Скопска Црна Гора, а помошните сили да се ангажираат на правецот: с. Кучково - с. Чашка.

Операцијата да се изведе во две фази: во I. фаза од кружна основа со енергични дејства да се расечат и разбијат ДТГ и да се изолираат населените места каде што има цивилно население. Во II. фаза, во содејство со МВР, да се изврши детално чистење на просторот и да се воспостави целосно функционирање на органите на власта.

Во операцијата да се ангажираат:

- сили за напад,

- сили за десантирање,

- сили за огнена поддршка и

- сили за контрола на територијата.

Од МВР на тој простор да се ангажираат 430 припадници кои беа во полициските станици".

Од сите присутни предлогот беше во целост прифатен и се одлучи: веднаш да се отпочне со подготовките за операцијата, а на 28. 03. 2001 г., да се однесе Планот за потпис кај претседателот Борис Трајковски. Тогаш ги замолив присутните оваа замисла да не се пласира во јавноста, пред се, поради заштита на нашите единици и постигнување, изненадување на просторот.

На 27. 3. 2001 г., допладне, беше изработена целосна документација, а Планот на операцијата го одобри претседателот Борис Трајковски без никакви проблеми.

Мораше брзо да се работи, немаше време, требаше да се искористи успехот од "Тетовската борбена операција", па во тој контекст на Јово Андревски му реков: "Јово, ангажирај се малку за помошниот правец с. Кучково - с. Чашка, а јас ќе се ангажирам со мојата група во Куманово". Јово ми одговори: "Ама, генерал Панде нема терористи на Скопска Црна Гора". "Јово, му велам, нека нема уште подобро, ќе ги поседнеме сите правци кон Косово и важните топографски објекти и ќе ја држеме состојбата во свои раце на целиот простор".

Според Планот на операцијата, на 27. 3. 2001 год., во попладневните часови и ноќта требаше дел од единиците да извршат марш и да ги поседнат реоните со кружна основица, посебно на просторот с. Танушевци - с. Малино Маало и с. Брест. Дел од единиците од Куманово, по стариот пат, преку с. Умин Дол - с. Арачиново - с. Рамно да излезат на Копиљоча и да ги поседнат позициите за напад.

На истиот ден, попладне, бев известен дека единиците од Куманово го прекинале маршот во Скопје, останале да преноќат во касараната "Илинден" и не одат директно на позициите. Го повикав, по телефон, командантот на 1.АК и го прашав: "Зошто единиците не одат директно на планираните позиции за напад, туку остануваат во Скопје?" - ми одговори, дека таква измена на Планот му одобрил генерал мајорот Јово Андревски, началникот на Генералштабот.

Тоа ми беше многу чудно и не ми се вклопуваше во Планот за подготовки на борбената операција, посебно што Јово Андревски не беше до детали запознат, и такво нешто ако одобрил би требало да ме информира. Но, сепак, заради проверка го повикав Јово Андревски и го прашав: "Јово, зошто на генерал мајор Ѓорѓи Каракутовски си му дозволил измена на Планот во делот за доведување и развој на единиците?" Јово Андревски ми одговори: "Генерал Панде, не му наредив јас, тој ми предложи измена во Планот на операцијата и јас му прифатив". - Нервозно му одговорив: "Ни ти, ни Ѓорѓи Каракутовски, немате врска со ништо, дали тебе ти е јасно дека утре одиме во напад! Тие единици треба да се подготват на

теренот, а не да ги држиме во касарна!" - "Ама, генерал Панде, јас не знам ништо, бригадниот генерал Адил Газафер ги води единиците". - ми одговори Јово. "Слушај генерал-потполковник Јово, веднаш да му наредиш на генерал-мајор Ѓорѓи Каракутовски, да го продолжи маршот со единиците! За ова ќе го известам претседателот Борис Трајковски, но ти повикај го Ѓорѓи Каракутовски да дојде во ГШ околу 18 часот. Уште еднаш да му ги прецизираме задачите за утре!"

Доцна попладне се вратив од терен во ГШ и го повикав генерал-мајорот Методи Стамболиски кај мене, во канцеларијата. Го прашав: "Генерале Методи Стамболиски, што се случува со доведувањето на единиците на теренот? Знаеш ли ти зошто единиците од Куманово одат во касарната "Илинден" во Скопје?" Тој ми одговори: "Единиците од воената полиција одат според Планот, како што е наредено, а другите единици одат за правецот с. Кучково - с. Грачани". На тоа кратко му вратив: "Некој намерно не зафркава со подготовките на операцијата, но слушај, јас утре рано ќе заминам за Куманово со дел од началниците, а ти ќе останеш овде во ГШ и редовно ќе бидеме во контакт!"

Во меѓувреме пристигнаа во мојата канцеларија бригадниот генерал Драган Андревски и генерал-мајор Ѓорѓи Каракутовски, а го повикав и генерал потполковник Јово Андревски. Веќе бев смирен, беше отстранета грешката во врска со доведување на единиците, па одлучив смирено, уште еднаш, да им ги повторам задачите за напад на помошниот и главниот правец. На генерал-потполковникот Јово Андревски му го повторив очи в очи она што го раговаравме по телефон и му нагласив: "Добро ре генерале Јово, толку години ти беше Ѓорѓи Каракутовски началник на Штабот во твојот корпус, па би требало да го познаваш, јас со него никогаш не сум работел!" - Началникот Јово ми одговори: "Ама генерал Панде, тој е доста плашлив и само бара нешто, се му фали, само телеграми праќа". - "Добро, му реков, еве сега уште еднаш пред тебе ќе му ги повторам задачите за утре, а ти малку повеќе ангажирај се, началник си на ГШ!?" - "Ама Панде, мене сите ме избегнуваат". - "Остави го тоа сега бидејќи не чека тешка ноќ и

утре тежок ден. Јас утре рано ќе одам за Куманово, а ти оди кај бригадниот Драган Андревски на помошниот правец”.

Го повикав генерал-мајорот Ѓорѓи Каракутовски да влези кај мене во канцеларијата и пред началникот Јово Андревски, полека, смирено, му ги повторив задачите за утрешната операција и на крајот му нагаласив: “Имате време во текот на ноќта да ги поседните почетните позиции, како што е испланирано. Цела команда на корпусот ти е на располагање. Дали има нешто што не е јасно во врска со утрешната операција или има некој проблем?” - Ѓорѓи, како запната пушка, ми одговори: “Господине Генерале, се ми е јасно, задачата ќе биде извршена, дозволете да одам!” - “Добро, му реков, утре во 5 часот сум кај тебе на командно место!” На ист начин му ги повторив задачите на бригадниот генерал Драган Андревски кој беше одговорен за нападот на помошниот правец, а генерал Методи Стамболиски побарав да остане во ГШ.

Јас, сепак, ги сфаќав тие старешини кои се најдоа во состојба со своите единици да отпочнат војна, секој почеток е тежок, голема е одговорноста за животите на своите војници и старешини затоа настојував да бидам присутен што повеќе меѓу нив и да им помогнам што подобро да ги извршат задачите.

Повторно го повикав генерал-мајорот Методи Стамболиски кај мене во канцеларијата, уште еднаш да ја согледаме целокупната состојба за утрешниот ден, случајно нешто да не сме пропуштиле. После согледувањето на состојбите му реков на генерал-мајорот Методи Стамболиски: “Ме загрижува генерал-мајорот Ѓорѓи Каракутовски, не сум сигурен дека навреме ќе ги поседне планираните позиции. Ќе мораме ние максимално да се ангажираме, а посебно ти со своите началници. Јас ќе ги земам со мене само началникот на артилерија и началникот на оклопно-механизираните единици и ќе одам во Куманово”.

Во меѓувреме размислував: “Во првата - “воена тетовска операција” имав проблеми, нервози итн. со одобрувањето на Планот на операцијата, а во оваа операција, од самиот почеток, започнаа проблемите со поединци, мора да се преземат одредени мерки - мора директно да се командува со единиците

ако сакаме да постигнеме успех. Според податоците со кои располагавме на просторот на Скопска Црна Гора не очекував некој сериозен отпор од страна на ДТГ, но целта ми беше: да не им дозволиме извлекување преку Скопска Црна Гора кон Косово, да ги поседнеме сите правци и тактички објекти и да воспоставиме целосна контрола на просторот. Бев убеден во себе, дека за 10 - 15 дена ќе го разрешиме проблемот со ДТГ во Р. Македонија на начин како на 25. 03. 2001 г. кога отпочнавме со операцијата во Тетовско. И не само што бев убеден во тоа, туку располагавме со доволно воени капацитети - односно АРМ располагаше со доволно сили за да се справи со ДТГ кои тогаш не беа повеќе од 200 - 250 на целиот простор".

КОМАНДА НА 1К
стр.дов.бр.200-236
28.03.2001 г.

ИТНО

Редовен оперативен извештај
од 16,00 часот на 27.03. до 04.00
часот на 28.03.2001 година
1.-Активности на непријателот:
-Во 14,30 часот приметена е група од 12 униформирани лица во движење од с. Оџачар кон Малина Маала.
- Воекот на ноќта не е забележна посебна активност или движење на терористите.

2. - Активности на единиците на 1.К:
- Командата и единиците на 1.К врз основа на наредбата на НГШ - (одлука за операција) стр.дов.бр.07-35/123 од 27.03.2001 година, ги извршија сите подготовки за извршување на престојните задачи.
- На АП Криволак е извршено гаѓање со 6 послуги ЛФР 128 и сите постигнаа одличен резултат.

3. - Во единиците и к-дите ангажирани во обезбедувањето на д/г и обуката со мобилизираните состави, моралната состојба е на потребно рамниште.

4. Барања:
-Сите барања се доставени со посебни акти.

ЈЛ/С
КОМАНДАНТ
генерал-мајор
Ѓорѓи Каракутовски

Да се достави до:
-НГШ на АРМ

Извештај од командантот на 1.АК (Каракутовски) за подготвеноста на едниците по Планот на борбената операција МХ-1

## ИЗВЕДУВАЊЕ НА ОПЕРАЦИЈАТА

На 28 3. 2001 г. во 5 ч. наутро, со група старешини пристагнав на командното место од 1.АК - Куманово.

Првата активност која ја реализирав е тоа што побарав да ми се реферира до каде се единиците и дали ги поседнаа планираните позиции - како што беше според Планот на воената операција. Во реферирањето се беше в ред, односно дека единиците ги заседоа планираните позиции. Бев посебно заинтересиран, дали Третата пешадиска бригада го затвори просторот, како тактичка 3.(ТГ3) с. Белановац - с. Злокуќање и да го пресече патот кој води кон караулата Станчич (на косовска територија). Поради тоа телефонски го повикав командантот на 3.ПБР полковникот Чедо Крстевски и кратко го прашав: “Чедо, каде ти се наоѓаат единиците?” Кога ми рече кратко: “Еве, сега ќе тргнеме на почетните позиции”, не можев да поверувам. Наредено ми е до 6 часот да бидам на позициите”. Тогаш се ми стана јасно: во 6 часот треба да отпочне операцијата, а единиците се уште не тргнале на почетните позиции, односно ноќта не е искористена да се заземат позициите и тоа: единиците од 1.АК ТГ-3, која има за задача да ги затвори правците кои од Куманово излегуваат кон Косово; потоа батаљонот на воена полиција од 1.АК - кој требаше во текот на ноќта преку с. Отља да заземе позиција северо-источно од с. Отља и да биде спремен за напад кон с. Стрима и непосредно да му содејствува на десантот кој треба да се изврши на Црвен Камен - Вуксон ТТ - 1333.

Излегов од оперативната сала каде што беа присутни и останатите старешини од командата на Првиот АК да не направам скандал. Полковникот Гене Станојковски, кој беше со мене во својство на началник на ОМЕ, ме рече: “Господине генерале, дојдете малку, немојте да се нервирате, смирете се, ќе мора да го одложите нападот”. Пред да го одложам нападот се слушнав со претседателот Борис Трајковски. Кратко му објаснив и побарав да го одложам нападот за 2 часа подоцна, како би им овозможил време на командантите да ги запоседнат позициите и по дневно време да издадат задачи на потчинетите. Претседателот Борис Трајковски ми одобри, нападот да отпочне во 8, наместо во 6 часот.

Останатите единици, кои беа ангажирани за затворање на просторот, од запад и од север, односно ТГ - 1, баталјонот на воена полиција од ГШ и силите за десантирање беа подготвени - но, сепак, наредив нападот да отпочне на сите правци во 8 часот.

Покрај сето ова во 5,30 часот добив извештај од командантите дека на крстосниците и патиштата што излегуваат кон Скопска Црна Гора има новинари и ТВ екипи. Иако го одложив нападот за 2 часа подоцна почнав да размислувам дали воопшто да ја отпочнам операцијата бидејќи истата е провалена - откриена, дури и точното време за почеток на напад е откриено, а не само денот на операцијата.

За командант на Оперативно-тактичката група (ОТГ-1) беше определен полковник Љубен Костовски, а за негов заменик потполковник Марјан Ѓорѓиевски кои имаа за задача а да напаѓаат со единиците од север према југ, односно од с. Брест према Липковското Езеро. Преку радиостаница го препознав гласот на бригадниот генерал Адил Газафер како командува со ТГ-1. Го повикав генерал-мајорот Ѓорѓи Каракутовски и го прашав: "Ѓорѓи, кој ти командува со ОТГ-1?", а тој ми одговори: "Полковниците Љубен Костовски и Марјан Ѓорѓиевски". - "Што бара таму бригадниот генерал Адил Газафер кога ти ми рече дека е во касарната Куманово и ги подготвува единиците?" - Ништо не ми одговори. Излезе од оперативната сала во ходникот и му се јави на бригадниот генерал Адил Газафер преку мобилен телефон: "Ти реков да не се јавуваш преку радио станица?" - "Панде ли мајкал", мислејќи на мене дека слуша - Јас само се насмеав цинички и му реков: "Така не се води борба". Бригадниот генерал Адил Газафер го тргнавме да не учествува во ова операција поради лична заштита и да нема последици во семејството, иако тој беше командантот на Прва бригада, па затоа Марјан Ѓорѓиевски како негов заменик беше ангажиран со ТГ-1.

Покрај сето што се случуваше, иако пред тоа чувствував дека нема да наидеме на некој сериозен отпор, претпоставував дека операцијата е откриена и ДТГ навреме ќе се извлечат преку с.

Станчич во Косово, но сепак ќе ја реализираме операцијата: ќе ги поседниме сите правци кои водат од Р. Македонија преку Скопска Црна Гора и излегуваат кон Косово и ќе ги изолираме селата на јужните падини на Скопска Црна Гора.

На 29. 3. 2001 год. во 8 часот отпочна борбената операција. Извршено е десантирање во реонот "Црн Камен" ТТ-1322 со силите од Шестиот одред. Со баталјонот на воената полиција од ГШ отпочна напад на правецот Рамно - Муљанска мала, а ОТГ-1 (Оперативна тактичка група - 1) од Малино Маало кон с. Гошинце и Липковското Езеро, така што од запад и север брзо се затвори кругот без отпор од страна на ДТГ. Оперативно-тактичката група 3, која имаше за задача да врши напад од југ и од исток да го затвори кругот и да врши напад на правецот од Слупчане - Думановце, од исток кон с. Извор и Белановце не успеа да го затвори овој правец така што патот Злокуќане и Станчиќ не беше затворен. Баталјонот на воената полиција од Првиот армиски корпус (1АК)- која напаѓаше од с. Отља кон с. Стрима и имаше задача да содејствува со десантираните сили на Шестиот одред задоцни и целосно не го затвори правецот. Поради доцнење на дел од единиците на 1.АК и доведување на одредени простори како би се спречило извлекувањето на Диверзантско-терористичките групи (ДТГ) се одлучив да направам корекција на првобитната одлука.

Селото Отља ми беше многу важно стратегиско место бидејќи од с. Стрима кон с. Отља и с. Липково правците ми беа слободни за комуницирање на ДТГ. Наредив: бидејќи не можат да се затворат тие правци, да се продолжи со напад од север и да се затвори с. Отља и с. Липково од северната страна, а истовремено с. Алашевци да се запоседне и да се пресечи комуникацијата меѓу с. Брест и с. Алашевци и да се врши контрола на Липковското Езеро, а на самата брана беше обезбедувањето со 25 полицајци - припадници на МВР.

Корекцијата беше извршена, освен што не се успеа брзо да се затвори с. Отља од север и правецот кон Косово на делот кон с. Станчиќ.

Подоцна се покажа дека најголемиот дел од ДТГ се извлекле на Косово преку Станчич, а дел се скрија во с. Отља.

Една група, околу 20 терористи, во поширокиот реон на с. Глажње и с. Думановце не успеа да се извлече и истата беше разбиена на местото Думановачки Рид.

Вечерта, во 21 часот, по обичај, имавме состанок со Државниот врв. Покрај претседателот Борис Трајковски беа присутни: премиерот Љубчо Георгиевски, Стојан Андов, Доста Димовска, Љубен Пауновски, Јово Андревски и Звонко Каширски. Бев повикан прв да реферирам за состојбата, односно за извршената операција. На самиот почеток истакнав: "Операцијата е откриена и барам од Вас господине Претседателе да извршите целосна истрага! Освен ние што сме присутни на овој состанок никој друг не знаеше кога ќе се изврши операцијата, а посебно во колку часот ќе отпочне нападот. Од каде знаеа ТВ екипите и новинарите кои веќе во 5,30 часот беа присутни во пошироката зона на операцијата. Командантот на баталјонот на воената полиција од ГШ - капетан Љупчо Мирчевски на патот за с. Рамно - Муљунска маала загина и тоа од кога единиците ја заседоа Муљинска мала, а тој одеше да изврши контрола - тоа значи дека некој после нападот на единиците, подметнал мини на патот, а не во текот на борбените дејства. Најголем број на ДТГ - ден пред тоа, се извлекоа за Косово, а во текот на операцијата дел успеа да се извлече во с. Отља, а дел е разбиен на Думановачки Рид".

Генерал-мајор Јово Андревски, кој никогаш ништо не рекол, реагираше, без да добие збор: "Јас знаев дека таму нема терористи". - Го прашав: "Од каде ти знаеше дека таму нема терористи, веројатно затоа што ги разби во с. Танушевци и Малино Маало!?" Мајор Ризевски - помошник за безбедност на Министерот за одбрана, без да побара збор рече: "Планот не чинеше, ние наместо да ги тераме за Косово, ние ги теравме за Прилеп", по потекло прилепчанец. Тогаш од се ми беше доста, и пред сите му реков: "Мајоре, Вие треба да си ја вршите Вашата работа, да откриете кој е предавник, кој ги извести терористите, а стратегијата оставете ја на нас, бидејќи ти, ниту си школски наобразован, ниту стручен за оваа работа".

Претседателот Борис Трајковски вети дека ќе формира комисија за испитување на случајот.

Операцијата сепак се реализира усепшно, односно беа изолирани селата на јужните падини на Скопска Црна Гора, патиштата беа пресечени кои водат кон Косово, а на просторот Грачане, Чашка, Радуша во целост беа разбиени ДТГ и заземен целиот простор со единиците на АРМ и полициските сили од МВР - така што беше обезбедена целосна контрола на целиот простор на Скопска Црна Гора. Во населените места беа поставени полициски пунктови и тоа во: с. Горјани; с. Бањани; с. Побужје; с. Љуботен; с. Страчинце, с. Матејче, с. Никуштак, с. Липково, на браната на Липковското Езеро, во с. Опае, с. Ваксинце, на западниот дел во: с. Долно Блаце, с. Кучково, с. Радуша и на други места.

КОМАНДА НА 1.К
Стр.дов.бр.200-248
29.03.2001 година
КМ-Куманово

Оперативен извештај
за период
од 18.00 на ден 28.03.2001.
до 04.00 на ден 29.03.2001.

1.-Непријателските диверзантско-терористички сили во текот на вечерните часови и ноќта не пројавија посебни борбени активности кон нашите сили.

-Веројатно, во текот на ноќта имаат извршено дополнително минирање на сите патни правци и прегрупирање за понатамошни дејствија после опкружувањето од страна на нашите сили.

-Најверојатен распоред и групирање е во реоните Лукар Маала, Маљок Маала во Гошинце, објект Демирски рид и Мулиска маала во с. Брест.

Околу 17.00 на ден 28.03.2001 година во реонот на Кика (тт 1512) при обидот на нашите сили за извлекување на загинатиот и ранетите припадници на нашата единица - и ВП, непријателот остварил силно дејство од сите страни од пешадиско вооружување.

2.1.-Околу 16.45 часот на ден 28.03.2001 година во реонот на Кика (тт 1512) од подметната мина смртно пострадал кап Мирчевски Љупчо а се ранети п. пор. Костов Петре, п. вод. Илиевски Благојчо, вој. Иванов Тошо, вој. Милошевски Пецо и вој. Каралиовски Борче.

Сите се припадници на 3/2.бВП при ГШ на АРМ.
Истите се извлечени и со хеликоптер се превезени во ЦВЗУ Скопје на лекување.

2.2-Во 18.30 часот на ден 28.03.2001 година остварена е воздухопловна подршка на дејствијата на нашите единици со два борбени хеликоптери во еден налет во реонот на Демирски рид (тт 945) и огнена подршка со МФБ 120 мм од 2/3.мтбр во истиот реон.

2.3.-Околу 19.00 часот ОТГ-2 изработила оперативен распоред на силите на достигнатите линии и донесе одлука за понатамошни дејства.

2.4.-Силите од ТГ-2 продолжија со вршење на контролата на патниот правец: Куманово-Арачиново.

2.5.-Околу 20.00 часот к-дантот на ТГ-1 извести дака се запленети РРФ 90мм, опрема и муниција и однесени во магацинот на с. Танушевци.

Оперативен извештај за борбените акции на 28. и 29 03. 2001 г.

Во месец април 2001 г. со АРМ и МВР, доколку имаше политичка волја, кризата можеше целосно да се разреши со воени и политички средства. Но после операцијата во Скопска Црна Гора, АРМ остана цел м. април на позициите кои тогаш ги заседе во Тетовскиот регион и Шар Планина и на Скопска Црна

Гора, односно Карадачкиот регион. Во одржувањето на повремените состаноци на Државниот врв, од Агенцијата за разузнавање на чие чело беше Драги Гроздановски и од директорот за контраразузнавање во МВР - Горан Митевски се добија застрашувачки информации.

Во мај 2001 г. според нивните информирања и податоци (водев прецизна евиденција) во периодот април - мај во Р. Македонија имало влезено околу 50 000 терористи. Тие податоци ги добивале од “пријателски служби” - пред се од Англија и од САД. Се сеќавам, на еден состанок, Горан Митевски изнесе пред претседателот Борис Трајковски, дека ноќеска од СРЈ во с. Лојане влегле 500 - 600 терористи. Тој податок го добил од англиската разузнувачка пријателска служба. Ден пред тоа гененерал-потполковник Часлав Крстиќ од СРЈ - кој беше командант на силите за ослободување на Прешево - Бујановац, односно командант за разбивање на т.н. ОВПМБ (Армија за ослободување на Прешевската долина - Прешево, Медвеѓе и Бујановац) ме извести дека од с. Миратовци (СРЈ) во с. Лојане се префрлила една група терористи од 6 - 8. На состанокот кога Г. Митевски изнесуваше дека се 500 - 600 јас само истакнав дека ние имаме податоци дека се 6 - 8 терористи, тоа и го проверивме. Покрај таквите податоци - непрекинато се пласираа информации дека во Гостивар, Кичево, Дебар се подготвува востание итн. Веројатно Државниот врв добиваше такви “информации” да се заплаши или присили конфликтот да се решава со компромиси и преговори - кога веќе АРМ ја презеде иницијативата за целосно разбивање на ДТГ - влезени во Р. Македонија.

Во првата тетовската операција добив информации дека на Калето има 200 - 250 терористи, а реално имаше само дваесетина, додека на целиот простор 160 - 170 лесно вооружени лица. Во движење никогаш не биле повеќе од 7 - 8 терористи поради сопственото маскирање. Исто така по толкави групи ја преминува границата од Косово кон Р. Македонија.

По операцијата на Скопска Црна Гора, мали групи ДТГ се вклучија меѓу населението во селата: Отља, Опае, Ваксинце, Слупчане и Оризаре. Тоа беа мали групи кои цел месец април

не преземаа никакви активности, туку го подготвуваа населението за натамошна агресија.

На јавноста и е познато што се случуваше на македонската политичка сцена во месец април истата 2001 г., а не сум овластен, и недоволно информиран, да пишувам за вкупните политички случувања и избор на широката коалициона влада - само бев сигурен дека поради тоа безбедносните сили на РМ не беа употребени, односно ги задржаа позициите кои ги освоија од 25. 3. до 30. 3. 2001 година.

Во м. април 2001 г. во Армијата на РМ отпочна со интензивна обука на резервниот состав и со формирање на единици за евентуално влошување на состојбите. Како што се формираа единиците, после извршената обука, така е заземан целиот простор вдолж западната граница од Гостивар - Маврово - Дебар до Струга, а кон Кичево и превојот Стража. На западнот дел од РМ, Диверзантско терористичките групи немаа перспектива и услови, бидејќи целиот простор беше под контрола. Шар Планина, на најтешките терени, беше покриена со уфрлени разузнувачки групи пред се на Попова Шапка, Дупен Камен, во с. Вејце, во с. Бозовце. Со дел од 2АК (Вториот армиски корпус) се затвори границата со Р. Албанија (од Стрезимир кон Кораб и с. Грекај - с. Рибница). Просторот с. Јажинце - с. Радуша го затвораше извидувачкиот баталјон од ГШ, а патот Тетово - Пороj - Јажинце до караулата Јажинце го поседна МВР со полициските сили (со околу 400 полицајци). Односно просторот од с. Јажинце - с. Радуша па по границата на Скопска Црна Гора до с. Миратовци (набљудувачницата Шорта) северно од с. Лојане беше под целосна контрола на безбедносните сили. На тие простори не се појавуваа ДТГ, а каде ќе се појавеа по истите ним се дејствуваше.

## КУМАНОВСКАТА ОПЕРАЦИЈА “MX - 2”

За Кумановскиот, односно Карадачкиот реон, немаше ниту една идеја, ниту намера да се подготви и изведе воена операција. После операцијата на Скопска Црна Гора останаа слободни селата: Лојане, Ваксинце, Слупчане, Отља, Матејче на самото подножје на Скопска Црна Гора, односно 10 - 15 км северо-западно од Куманово. Сите жители од споменатите села слободно живееја, работеа и комуницираа со градовите Куманово и Скопје. Стариот пат од Лојане преку Матејче - Умин Дол - Арачиново беше слободен за сообраќај. Северно од сите споменати села беше под контрола на АРМ и МВР.

На целиот тој простор, во споменатите села, во селото Липково, како општинско место, живее преку 25 000 жители, претежно од албанска националност.

Посебно е тоа што сите информации до Агенцијата за разузнавање и контраразузнавање во РМ пристигнуваа од типот дека ќе се кренат албанските граѓани на востание во Гостивар, Дебар, па дури и Кичево. За просторот на јужните падини на Скопска Црна Гора, и во општинското место Липково, немаше никакви сознанија, односно информации. Началникот на МВР во Куманово не располагал со никакви информации т.е. што се случува во с. Лојане, во с. Ваксинце, с. Слупчане, с. Отља итн.

Со подготовките, посебно со уредувањето на самите села за одбрана, ни АРМ не располагаше со податоци. Надвор од самите села, единиците на АРМ го обезбедуваа просторот до границата со СРЈ на делот кон Косово и на самата Скопска Црна Гора, а посебно по патните правци од с. Извор до с. Злокуќане и од с. Слупчане до Думановце, а во с. Танушевци немаше никакви движења, освен возилата на АРМ. Месни жители на просторот Карадак имаше многу малку, претежно старци. После операцијата во Скопска Црна Гора, односно на Карадачкиот простор, посебно во Брест, Малино Маало, Гошинце, Думановце, Белановац, со одлука на Владата на РМ се прошири граничниот појас на 10 км и АРМ во целост да го запоседне и целосно да го контролира тој простор. Последна точка што ја контролираше АРМ беше привремената

набљудувачница на објектот Шотра (к. 684) помеѓу с. Лојане и с. Миратовац (на територијата на СРЈ) кој, покрај другото, го набљудуваа стариот пат од с. Лојане - кон СРЈ - с. Миратовац. Во суштина, тој дел на границата во СРЈ го обезбедуваа граничните единици на Војската на Југославија. Последна караула од силите на КФОР на територијата на СРЈ беше караулата во с. Станчич (Д. Злокуќане).

Цел месец април 2001 г. низ сите села на јужните падини на Скопска Црна Гора и патиштата слободно се сообраќаше, а населението живееше сосема нормално, па и единиците на АРМ, распоредени северно од назначените села секој ден вршеа снабдување со животни потреби и вршеа смена на едни со други војници.

При крајот на април 2001 г., со загинувањето на двајца војници и заробувањето на еден војник во село Ваксинце непријателот ни ги отвори очите повеќе да се сврати внимание кон тоа што се случува меѓу населението во селата Лојане, Ваксинце, Слупчане, Оризаре, Отља и Лопате.

Убистовото на двајцата војници беше крајно “кукавички” извршено во село Ваксинце и тоа при враќањето на патролата од набљудувачницата Шотра за Кумново. Тогаш, во јавноста и во некои западни пријателски служби веднаш дадоа соопштение дека “убиството го сториле криминалци, а не припадници на ОНА”. Исто така јавно сопштија дека заробениот војник бил одведен за Скопје. Сите тие случувања не мотивираа повеќе да се заинтересираме за Кумановско - Карадачкиот регион, а посебно населените места по стариот пат од СРЈ кон Матејче - Умин Дол.

Наредниот ден по убиството на двата војника и заробувањето на еден војник во Ваксинце, Воениот аташе на САД, акредитиран во РМ - полковник Роберт Линч (Robert E. Lynch), побара прием кај мене. Веднаш го примив. Во разговорот почна да ме убедува дека во с. Ваксинце војниците се убиени од криминалци, дури на едниот од убијците ми го спомна името - ме замоли да не следи освета од страна на АРМ бидејќи таму живеат мирни граѓани кои не ја оправдуваат постапката на

извршителите на тој подмолен чин. На тој разговор реагирав можеби малку погрубо, т.е. едноставно му реков: "Господине полковниче, Вие за еден заробен пилот во Босна ангажиравте специјани единици од САД за ослободување, мислите ли сериозно дека нашите заробени воници помалку вредат! Што би направиле Вие доколку ви убијат два војника на истиот начин!?" На крајот му дадов до знаење дека јас не одлучувам што понатаму ќе преземе АРМ во врска со случајот - но ќе му предложам вечерва на Претседателот на РМ да се изведе операција на тој простор - доколку го прифати предлогот, јас ќе ја изведам операцијата. И го прашав: "Зошто Вие со мене разговарате за употреба на АРМ, обратете се кај генерал-потполковникот Јово Андревски, началник на Генералштабот". Беше коректен; ми рече дека разговарал со началникот Јово и додаде: "Тој ме прати кај Вас".

На 2. 5. 2001 г. во Куманово на закажан состанок се сретнав со генерал потполковник Часлав Крстиќ - командантот на силите на СРЈ за ослободување на Прешевската Долина - инаку мој колега од Косово (тој беше командант во Митровица, а јас во Приштина). Состанокот беше таен - само со знаење на Претседателот на РМ и Премиерот на Владата.

Темата на разговор беше меѓусебно информирање и размена на информации во врска со т.н. ОНА и кога ќе влезат силите на СРЈ во Прешевската долина и дали генерал потполковник Ч. Крстиќ планира да влезе на 25. 5. 2001 г. во Прешевската Долина и дали ние треба нешто да преземеме да не би се прелевале силите на т.н. Армија за ослободување на Прешевската Долина (Прешево, Медвеѓе, Бујановац). Бидејќи генерал-потполковник Крстиќ беше командант на силите за оваа операција, а имаше искуство од пред 2 години во Косово, разговаравме и за стручни прашања во однос на изведување на операцијата против ДТГ и за други прашања.

На тој состанок заклучивме: доколку ние планираме операција на Карадачкиот простор, тоа треба да биде до 25. 05. о.г., додека силите на ВЈ (Војската на Југославија) ја држат во неизвесност т.н. "Војска за ослободување на прешевската долина". После 25. 5. 2001 г., треба да се очекува прелевање на дел од тие сили во

РМ - односно по влегувањето на ВЈ во тој простор да бегаат кон Република Македонија.

По сите наши сознанија, со кои располагавме, беше крајно време да се испланира комплексна операција во Карадачкиот регион - Куманово. Инцидентот кај с. Ваксинце ја забрза таа одлука.

За неколку дена, со соработниците, го проучив теренот на тој простор иако го знаев отпорано (од ЈНА - целиот јужен раб во време на ЈНА беше фортификациски уредуван за одбрана на кумановската котлина - односно доколку дојде до агресија од исток, после страцинската одбранбена положба, беа уредувани положбите на јужните падини на Скопска Црна Гора - Карадак). На тој простор единствена комуникација од Куманово преку Скопска Црна Гора е сообраќајницата: Куманово - с. Лопате - с. Слупчане - с. Извор - с. Белановце. Уште во првата операција која е изведена на тој простор (29. 3. 2001), знаејќи ја важноста на таа сообраќајница, истата северно од с. Слупчане во реонот на с. Алашевце, беа поседнати со дел од силите од АРМ (тенкови, пешадија и артилерија) северно од с. Алашевце со силите од ОТГ-1 кои беа надлежни за обезбедување на просторот Малино Маало - Белановац. Така што од север кон југ веќе беше направен полу круг кон сите села вдолж старата сообраќајница од с. Лојане - с. Матејче.

Доколку би изведе операција, нападот требаше да се реализира југ- север и да се спојат силите кои се на позиција (ОТГ-1).

Секако дека посебна тежина во операцијата би било тоа што на целиот простор живеат од 20 000 - 25 000 жители и што со нив? Според податоците со кои располагавме биле измешани по 20 - 25 терористи во секое село на Липковската општина. Меѓу нив с. Слупчане претставуваше карактеристично упориште:

За АРМ не претставуваа проблем ДТГ - туку проблем беше цивилното население: т.е. што да се прави со него, каде да се сели, бидејќи би имало голем број цивилни жртви доколку се дејствува при такви околности.

Од меѓународната заеднца имавме голем притисок за да не се презема сериозна акција бидејќи имало голем број цивили кои би биле главна жртва. Во суштина, тоа му беше промена на начинот на дејствата на ДТГ, бидјеќи во претходните дејства беа разбиени насекаде каде што се наоѓа надвор од населените места. Терористите почнаа да навлегуваат во селата, да ги ставаат цивлите во улога на заложници и да прогласуваат "слободна територија". Таа појава беше поврзана со формирањето на заедничка команда на ОНА и ОВПБМ во Гнилане на почетокот на м. мај 2001 г.

(Според добиениот пишан материјал и покрај другото се вели "Во почетокот на мај 2001 година во Гнилане формирана е заедничка команда на ОНА и ОВПБМ поради координацијата на акциите во целиот простор. Резервниот штаб се наоѓа во Липково и на тој состанок било заклучено:

1. "ОНА" треба да ги поврзе сите терористички групи.

2. Да обезбеди создавање слободна територија, слична на копнената зона за безбедност во Србија (КЗБ).

3. Да формира свои органи кои би се вклучиле во преговорите за идниот статус на Р. Македонија.

4. За овие задачи ќе добие засилување од Косово и тоа од Центрите за обука во Призрен и Витина (400-500), а во Центрите за обука во с. Јунак и с. Папрачане има на обука 900 луѓе кои се планираат кон границата на со Р. Македонија и кон границата со Косово и Србија, а доброволците ќе бидат испратени во т.н. "ОНА" и "ОВПМБ".

5. Пред 25.05.2001 "ОВПМБ" планирала: единиците од КЗБ (Косовска заштитна зона за безбедност на Јужна Србија) сектор Б, по влегувањето на српските сили да извршат извлекување во два правца:

Прв правец за Косово,

Втор правец за северна Македонија.

...“Меѓународната заедница (САД, Европската Унија и НАТО) и понатаму со координирани активности ќе ги држи настаните во Р. Македонија под контрола, дозволувајќи ограничени акции на безбедносните сили на Р. Македонија со едновремен притисок на Владата на Р. Македонија за давање на што поголеми отстапки на Албанците”.

...“Меѓународната заедница нема да дозволи тесна, посебно воена соработка на Р. Македонија со СРЈ во противставувањето со албанскиот екстремизам заради држење на СРЈ под контрола и да го спреди влијанието на Русија на овој простор.

Сепак се одлучивме да планираме операции, пред се како предупредувачки, дека сме сериозни доколку не го предадат заробениот војник кој се наоѓаше во с. Ваксинце.

Замислата на операцијата беше: Да се изведе воена операција во зоната и тоа десно: с. Лојане - караула Стража; лево: с. Матејче - с. Стрима; главните сили да се ангажираат на правецот: с. Опае - с. Лопате - с. Оризаре - с. Слупчане - с. Алашевце, а помошните с. Ваксинце - с. Стража.

Целта на операцијата беше да се изврши продор помеѓу Слупчане и Липково, да се спојат со силите во с. Алашевце и сите села по стариот пат да се изолираат за меѓусебно комуницирање, а во втора фаза да се изврши чистење од ДТГ во самите села.

Плано во целост беше прифатен со напомена пред отпочнување на операцијата да се објави проглас преку сите средства за информирање за иселувањето на населението од слеата.

Според прогласот, беше даден и ултиматум во с. Ваксинце - да биде предаден заробениот војник. Поради сериозноста на состојбата, бидејќи не беше предаден заробениот војник, после назначеното време изведени се предупредувачки дејства во с. Ваксинце на 3. 5. 2001 г. Дејствата беа надвор од самото село - по одредени борбени позиции.

Тоа се уште беше подготовка за престојната воена операција, односно претходните борбени дејства беа предупредувачки како би се иселило населението од сите тие села. На ниво на Државниот врв - договорено беше да не се изведи класична борбена операција поради големиот број на жители во селата. Секако дека ДТГ се криеја меѓу населението, а жителите од селата им беа заложници и не смееја да ги напуштат селата. Мал број на граѓани, претежно жени и деца ги напуштија селата и од нивните изјави дознавме дека во нивните села има вооружени лица кои зборувале на чуден јазик и тие морале да платат одредена сума на пари за да бидат пуштени да го напуштат селото итн. Покрај тоа добивме и други информации - дека жителите во тие села биле малтретирани, ограбувани, дури имало и силувања.

Го вклучивме меѓународниот Црвен Крст да помогне во извлекувањето на жителите, но тоа остана без резултати.

Повеќе не можевме да чекаме, одлуката за операцијата беше одобрена од Претседателот на РМ - да се отпочне на 8. 5. 2001 г. Вечерта на 7. 5. 2001 г. ми се јави Звонко Каширски - директор за Јавна безбедност во МВР и ми рече: "Господине Генерале, ме повикаа во Англиската амбасада и ми покажаа снимка на видеокасета за целиот простор пред с. Оризари, с. Слупчане и с. Ваксинце и има што да видите". - "Дојди во ГШ и донеси ја!", му реков.

Околу 20 часот (7 мај 2001 г.) дојде Звонко Каширски и во канцеларијата на началникот на ГШ ја пуштивме видеокасетата што ја донесе. Бевме јас, Јово Андревски и Звонко Каширски. Веднаш по вклучување на касетата го познав теренот: на касетата беа снимени сите села однапред и одзади - месноста и патиштата - претежно с. Отља, с. Слупчане и с. Ваксинце.

Беше страшно да се гледа - на целиот терен беа поставени најсовремени противтенковски пречки, мински полиња, ровови итн. На Звонко Каширски му реков: "Ако навистина е вака на теренот како што е овде прикажано, значи НАТО ги поставил. Тие единствено располагаат со ова што го видовме - не сум сигурен дека терористите го поставиле". Јово Андревски како

стручњак по инженерија вели: “Ова е сигурно поставено, условите се поволни бидејќи има жито. Не можев да тврдам дека не е така, но за овие денови нашите сили нешто би откриле од сето ова што го видовме на касетата”. После дискусиите и коментарите, замолив никого да не го известуваат за оваа видеокасета, а Звонко Каширски ми рече: “Генерал Панде, моите сите ја видоа”. - “Кој се тие сите?”, прашав. -“Генерал Ристо Галевски, Зоран Јовановски и др”, ми одговори.

Одејќи во својата канцеларија, размислував: утре треба да се тргне во напад, ако ова што го видовме на видеокасетата е вистина, ќе имаме многу жртви. На снимката видов дека патот кој поминува низ с. Слупчане до излезот од селото, односно до игралиштето, целосно е миниран со противтенковски мини. Размислував дали да му се јавам на претседателот Борис Трајковски, да го информирам и да барам одложување на операцијата, но се предомислив: како да барам одложување, што ќе им кажам на командантите, утре во 6 часот требаше да отпочне непадот. Веројатно претседателот Б. Трајковски веднаш би го прифатил мојот предлог за одложување на операцијата. Цела ноќ не спиев, неколкупати се слушнав со командантите и ги прашував за состојбата, за теренот, да не воочиле (забележале) нешто на правците каде што треба да одиме во напад итн. Секогаш добивав негативен одговор, само ми рекоа дека пред с. Слупчане имале ископано длабок ров и го покриле со железна табла за да можат самите тие да преминат преку него кога ќе имаат потреба.

На 8. 3. 2001 г., веќе во 5 часот бев на командното место во Куманово.

После реферирањето од командантите за состојбата и подготвеноста, се повлеков од оперативната сала на моето место. Денот беше врнежлив, а над с. Слупчане и с. Ваксинце имаше магла. По Планот на операцијата беше планиран десант со хеликоптери северно од с. Ваксинце со цел да се затвори евентуалното извлекување на ДТГ кон с. Стража и на тој начин целосно да се затвори поширокиот прстен. Поради маглата не можевме да десантираме, го искористив тоа и се консултирав со претседателот Трајковски, односно побарав одложување за 2

часа додека се дигне маглата. Борис Трајковски беше разбран човек, само ми рече: “Генерале, ти кога ќе одлучиш тргај, ама известиме”.

За видеокасетата на никого не кажав, но го повикав Ѓорѓи Каракутовски, му соопштив дека нападот го одлагаме за 2 часа и му дадов дополнителни задачи за артилериска подготовка и тоа по патот низ с. Слупчане во траење од 1 час и на тој начин, доколку има поставено противтенковски мини, ќе бидат активирани.

Во артилериската подготовка наредив да учествуваат артилеријата 105 м/м, 122 м/м и повеќецевни фрлачи 128 м/м како и минофрлачи 120 м/м. Огнениот тепих да почне од слупчански бунар - с. Слупчане, по патот до игралиштето. Не му кажав зошто тоа го барам, само му напоменав, бидејќи тенковите одат на тој правец, случајно патот да не е миниран.

Во 7 часот повторно дојде Ѓ. Каракутовски кај мене и ми донесе телеграма, испратена од НГШ. Јово Андревски - ми рече: “Господине генерале, видете што пишува во телеграмава: наредбодавно на мене и на Ѓ. Каракутовски ни забранува дејство по селата и забранува било какви цивилни жртви за што го чини одговорен генералот Панде Петровски и генералот Ѓорѓи Каракутовски”. Во потписот на телеграмата стои:

Началник на ГШ
Генерал потполковник
Панде Петровски, а потписот на Јово Андревски!!

На Ѓорѓи Каракутовски му кажав: “Јас знам дека сум заменик на началникот на ГШ, а не началник!” Се насмеавме и му реков: “Оди работи си ја работата, само оној што го одобрил Планот може да нареди поинаку - мислејќи на Претседателот на РМ, а не началникот на ГШ - кој и не е целосно запознат со истиот, гледаш дури и моето име го ставил, а тој се потпишал”.

Во 7, 30 часот го повикав полковник Стојан Петровски, началник на Г-2, началник за разузнување во ГШ на АРМ и

полковник С. Зенговски, командант на специјалните сили во АРМ.

Веднаш ги прашав: “Дали Вие како професионалци имате сознанија што се има поставено во предниот крај, односно пред селата Ваксинце, Слупчане и Оризари?”. Двајцата ми одговорија дека досега е откриен ров пред с. Слупчане и дека кога сакаат да поминат преку ровот треба да стават лим како мост.

Тогаш и на двајцата им кажав: “Сношти видов видеокасета која ја подметна англиската разузнавачка служба, кажете ми дали да тргнеме во напад или не?” -Двајцата молчеа и ме гледаа. - “Кажете нешто!” - повторив, “Што молчите, дали има вистина во сето ова. Доколку има вистина, Вие ми сте одговорни”. Времето темно и облачно, врне дожд, но гледав од кај Скопска Црна Гора се расчистува. Веќе е 7,55 часот. Им наредив: “Господа, одиме во напад по Планот со одложување од 2 часа наназад!”

Слеговме во оперативната сала за да издадам наредба за почеток на нападот.

## ИЗВЕДУВАЊЕ НА ОПЕРАЦИЈАТА “МХ - 2”

Артилериската подготовка отпочна, во 8 часот по однапред планирани цели за деминирање на просторот.

Единиците тргнаа во напад: со една механизирана чета која требаше да нападне бочно и да обезбеди побрз продор на главните сили, да изврши силен напад за време на артилериската подготовка на правецот од с. Љубодраг кон с. Лопате и с. Оризаре, а со 1 една тенковска чета и една механизирана чета напад на с. Ваксинце, а с. Лојане е блокирано со една механизирана чета зајакната со тенковски вод.

Покрај единиците на АРМ во операцијата учевствуваа 480 полицајци на целиот простор во готовност за чистење на селата и обезбедување на патните правци. Од СВР Куманово 27 полицајци ја обезбедуваа браната на Липковското Езеро, а во с. Матејче, редовна полициска станица која го контролираше патот од Скопје односно од с. Арачиново - Матејче и од Липково - Матејче.

Нападот отпочна со силен удар од сите правци кон определените села, а посебно на правецот с. Опае - село Оризаре - село Слупчане.

За цело време очекував командантите да ме известат дека наишле на мински полиња или противтенковски пречки, но од тоа немаше ништо - нападот се одвиваше како што беше планиран. Поради временските услови, сепак не беше извршено десантирање, но затоа борбените хеликоптери вклучени се за дејство по ДТГ кои се извлекуваа северно од с. Ваксинце и с. Слупчане, односно по Кодра Мала и Слупчанска Река.

Во 10 часот, заедно со полковник Благоја Марковски, Стојче Зенговски и со своето обезбедување, отидовме на предниот крај - односно 1 км пред с. Слупчане - к. 376. Призорите што го видов и доживеав таму од правецот на с. Оризаре и с. Слупчане ми оставија траума. Од тие села се слушаа страшни викотници,

пискотници, плач и др. лелеци. Се уште врнеше дожд и по кратко време се вративме на командното место.

Во 12 часот веќе единиците избија пред самото с. Слупчане, с. Оризаре, с. Ваксинце, а патот с. Ваксинце - с. Слупчане и с. Оризаре беше пресечен и селата беа одделени помеѓу себе со единиците од АРМ. Тенковите избија кон месноста Благун од источната страна на с. Слупчане. Единиците од с. Алашевце во зафатот на патот Алашевце - Слупчане отпочнаа напад и избија северно од Слупчане кај боровата шума. Секакво извлекување во ваква состојба би било залудно. Селата Опае, Лопате и Лојане беа освоени, а селата Оризаре и Слупчане опкружени. Сообраќајната врска беше пресечена на целиот простор помеѓу овие села.

Околу 13 часот на командното место во Куманово пристигна премиерот Љубчо Георгиевски.

Во оперативната сала го информирав за состојбата - односно како се извршува Планот на операцијата. Беше расположен поради успехот на единиците на фронтот и вкупните воени дејства. Покрај тоа и лично ги набљудуваше воените дејства кон с. Слупчане и с. Ваксинце. Од командното место целиот простор беше прегледен посебно дел од фронтот с. Ваксинце - с. Слупчане и просторот помеѓу нив.

Според добиените извештаи од командантите, од личниот увид и извештаите од МВР кај ДТГ во селата се создала општа паника и бегство. Се сеќавам како Звонко Каширски целиот радосен викаше: “Еј, сите овие бегаат по шумите, а некои кон Куманово!”

Во еден момент, еден од групата на премиерот Љубчо Георгиевски му го даде мобилнот телефон. Премиерот разговараше и потоа ми рече: “Генерал Панде мора да застанеме!” - Го гледав и му реков: “Како да застанеме?!” - “Да ги прекинеме дејствата”, рече Премиерот. - “Затворете го телефонот!”, му реков, - “Како тоа да застанеме кога сега треба да ја завршам операцијата - што е тоа!?”

Излезе премиерот Љубчо Георгиевски од канцеларијата каде што бевме и по 5 - 10 минути се врати и ми рече: “Ми се јави Доста Димовска, а на Доста и се јавил Арбен Џафери и и рекол: “Што сме правеле ние, таму имало многу жртви, и тоа цивили - жени, деца итн”. Го гледав и веднаш се сетив што се слушав на предниот крај кога почна нападот - но му одговорив: “Јас можам да прекинам само ако Врховниот командант ми нареди”. Премиерот Љ. Георгиевски со својата група замина за Скопје, а ние ги продолживме дејствата. После 10 минути ми се јави претседателот Борис Трајковски и ми рече: “Генерале, што работите вие таму?” - Јас, знаејќи дека е информиран, му одговарив: “Па играме бал господине Претседателе!!” - Тој ми рече: “Знаеш ли ти дека ми се јавија неколку државници и дека има многу цивилни жртви на тој простор, веднаш да прекинете и да ги вратите единиците каде што беа!” - Јас само му одговорив: “Разбирам господине Претседателе, но јас немам такви податоци, знам само дека терористичките банди се во општа паника”.

Во оперативната сала пред сите старешини ја пренесов наредбата што ја добив и им реков дека овој момент од Врховниот командант добив наредба, преку телефон, да ги прекинеме сите воени дејства и да се повлечат единиците на почетните позиции.

Во повлекувањето треба да одиме плански и тоа не на почетните позиции, единиците ќе ги задржат позицииите што ги постигнаа и тоа: с. Лојане - с. Ваксинце - Слупчански бунар - с. Оризаре. - селата Опае, Лопате, Ржановце да се воспостви полициска контрола и иститe да се исчистат од ДТГ. По освојувањето на овие позиции да се преземат сите безбедносни мерки за одбрана и заштита на единиците.

Во текот на повлекувањето направени беа одредени грешки, но тоа беше брзо исправено, односно беше освоена линијата Ваксинце - Слупчански бунар - с. Оризаре ТТ - 349. Северно од оваа линија наредив да се контролираат правците Слупчане - Руѓинце и Ваксинце - Стража. Старешините ме гледаа но не поставија ни едно прашање. Не знаев што си мислеа, но во секој случај им беше криво затоа што ја прекинавме операцијата. На

крајот само им реков: “Ние сме војска и мора да ги извршуваме наредбите на Врховниот командант - коментари не се потребни”.

Мојот став, мислење и било што, во такви моменти не се битни - дали навистина има или нема жртви на другата страна не знаев со сигурност, но во секој случај битно беше тоа што операцијата беше прекината, а задачата не беше завршена во целост. Само дел од Планот на операцијата беше извршен. Но, сепак не можев да се ослободам од она што го доживеав, присуствувајќи во првата борбена линија: плач, лелекања, пиштења и многу чудни викотници и гласови. Сето тоа веројатно беше од страв.

Подоцна ќе се обелодени причината зошто е прекината Операцијата во Кумановско. Имено, некои странски разузнавачки служби се обидоа пред да отпочне Операцијата да не заплашат и воопшто да не отпочнуваме со воени дејства. Кога во тоа не успеа најдоа начин и метод да ја прекинат операцијата бидејќи во сите тие дејства тој ден немаше ни една цивилна жртва, што беше подоцна констатирано.

Со прекинувањето на Кумановската операција после 6 часа дејства, односно во 14 часот, единиците кои продреа преку патот с. Слупчане - с. Отља - с. Матејче, сообраќајницата с. Слупчане - Ваксинце остана пресечена (не ги повлековме единиците: така што Ваксинце беше целосно опкружено освен северната страна).

Во Карадачкиот реон, после прекинувањето на операцијата настана “и топло - и ладно”. Се вмешаа меѓународните хуманитарни организации за извлекување на цивилите, ранетите и болните. Секој ден се тактизираше со прекин на било какви дејства и влегување во окружените села од меѓународниот Црвен Крст.

Во сите села, освен во с. Лојане имаше заложници од 2 500 - 3000 жители кои беа држени од терористите како нивна заштита. АРМ не можеше да продолжи со воени дејства во

назначените села, не и дозволуваа за нема масовни “цивилни жртви”.

Присутен ми беше фактот дека после 25. 5. 2001 год. дел од ДТГ од Прешевската долина ќе се прелее во Р. Македонија и тогаш уште посложено ќе биде истите да се разбијат.

Добивме информација дека во напуштените окна во стариот рудник Хром, североисточно од с. Ваксинце се држат заложници од страна на терористите и тоа пред се жени и деца, а дел од цивилите биле во визбите од селото Ваксинце. Една група од околу 150 - 200 жени и деца бараа да бидат прифатени од наша страна кои се наоѓаа во рудничката колонија помеѓу с. Ваксинце и с. Лојане - што беше прифатено.

Добивме застрашувачки информации од Липково: “околу џамијата во Липково собрани биле повеќе од 5 - 6 000 цивили и бараа иселување во Косово, но да не бидат контролирани од нашите органи, туку од КФОР”. – “Терористите ќе бидат облечени во цивилна облека, вооружани и ќе се вклопат во толпата цивили и по допирот со нашите безбедносни сили, ќе отворат оган како би ги предизвикале нашите безбедносни сили да нанесат жртви на цивилното население”.

Преку Црвениот Крст побараа 3 - 4 дена прекин на огнот да се организираат и така организирано да отпочне извлекувањето на цивилите преку Скопска Црна Гора за Косово, или со автобуси од КФОР по патот: Матејче - Скопје - Генерал Јанковиќ за Приштина и притоа да нема право никој да врши контрола, освен КФОР. Немале доверба во нашите безбедносни сили.

На ниво на Државниот врв беше дискутирано таквото барање, односно начинот на извлекување на цивилите. Предложено беше извлекувањето да се врши, а префрлањето за Косово да го веши КФОР со тоа што нашите безбедносни сили би ги проверувале автобусите и со ескорт би ги следеле до граничниот премин Генерал Јанковиќ. Тој предлог беше одбиен од ДТГ. Тие бараа да се префрлат во Косово пешки преку Скопска Црна Гора. Сето тоа им беше тактизирање како би

добиле во време и како би се одржале на тој простор до 25. 5. 2001 г.

Хуманитарните организации (Имаше информации дека хуманитарната организација “Ел Хилал”, посебно силна во Арачиново, ги снабдуваше терористите со секакви потреби, дека во таа смисла дејствуваше и во Косово и во Македонија, соработувајќи со дел од силите на Меѓународната заедница на теренот.) влегуваа во опкружените села, а што пренесуваа никој немаше право да контролира, а при излегувањето од селата контролирани се од полицијата. Секое влегување во селата извлекуваа по 15 - 20 цивили претежно жени и деца.

На безбедносните сили им беа “врзани” рацете за преземање некоја сериозна акција во опкружените села, а беше дозволено “дејство само по легитимни цели” - а легитимни цели надвор од селата немаше. Терористите беа во самите села заедно со цивилите. Со денови ги провоциравме да се јават, да би стапиле во борба, а нив ги немаше надвор од селата.

Новата тактика на терористите “држење во заложништво цивили во самите села” им успеваше во однос на добивање во време, секако со помош на хуманитарните организации кои масовно се вклучуваа на целиот простор како не би дошло до “масовна катастрофа” поради епидемија и недостаток на декови, храна и други потребности.

## ОПЕРАЦИЈА “ВАКЦИНЦЕ”

Во настанатата состојба немавме избор туку требаше да се промени начинот на дејствувањата, односно промена на тактичките постапки со цел, пред се, извлекување на населението.

Одлучив да се обидеме село по село да се чисти, односно да се извлекуваат цивилите и тоа со примена на воени дејства и притисок. Лојане беше крајно село до границата со СРЈ. Во тоа село не дејствувавме внатре во населбата, туку само во позициите надвор од него. Од тоа село уште првиот ден на операцијата околу 3.500 жители ги пуштивме да одат во с.

Миратовци во - СРЈ и за цело време на тој простор немавме проблеми со терористите. Во селото останаа десетина старци, а селото беше под целосна контрола и во истото воопшто не се дејствуваше.

Следното село беше с. Ваксинце. За Ваксинце испланиравме операција, но без знаење на Државниот врв. Идејата ми беше тајно, без дејство на артилеријата и хеликоптерите со брз продор со тенковите и транспортерите преку Рудничка колонија да го опкружеме селото од северната страна бидејќи од сите други страни беше опкружено. Истовремено со 3 (три) тима од Шестиот одред да десантираат во рудникот Хром поради извлекување на цивилите каде што беа во заложништво. На останатите правци да се отпочне со дејства на дистанца и демонстративен напад, без влегување во селата.

Планот го разработив во делови и отпочнав лично да ги подготвувам единиците за напад. Тенковите, што требаше да извршат напад, ги повлековме во касарната за да се подготвуваат, а со командирите и послугите без тенкови да се вратат на теренот - тактика "пешки како во тенкот". (Тактика "пешки како во тенкот" е подготовка на тенковските послуги за престојниот напад - тактичко увежбување на членовите на тенковски послуги.) Кога ќе се одлучи за изведување на операцијата, поради тајност, тенковите за напад ќе тргнат од касарната во Куманово и директно, без артилериска подршка, да влезат во селото Ваксинце и да го опколат од северо-источната страна. Планот го потпиша Стојан Андов, бидејќи претседателот Борис Трајковски беше надвор до РМ. Тој потприша без никакви проблеми и прашања, само за датумот и времето на изведувањето остана јас да одлучам.

На Ѓорѓи Каракутовски му реков дека овој План е одобрен, но јас ќе одлучам дали воопшто ќе се реализира и кога, а можно е да не се реализира, но ние ќе ги подготвиме воените единици.

Министерот за одбрана Владо Бучковски планираше да дојде и да ги посети единиците во Куманово. Тоа го искористив како погоден момент, да го одведам во с. Ваксинце, односно на предниот крај каде што беа распоредени единиците во одбрана

и од каде требаше да тргнат во напад доколку ја изведеме операцијата. Ја искористив таа прилика и му ја изнесов чела идеја за извлекување на цивилното население од с. Ваксинце. Министерот Владо Бучковски ми ја одобри идејата и намерата.

Од 10. 5. 2001 г. до 25. 5. 2001 г., секој ден бевме под контрола од некои "меѓународни фактори" со постојано убедување, објаснување за начинот на употреба на сила итн. Сепак одлучив да отпочнеме со дејства на дистанца по исклучиво легитимни цели кои нема да го нарушат "договорот" - со меѓународните фактори кои беа стално присутни. Без наша дозвола и знаење често пати хеликоптерите на НАТО - КФОР го надлетуваа просторот и снимаа.

Откривме дека во селата Слупчане, Отља, Оризаре и Ваксинце има концентрација на терористи од Заштитниот корпус од Косово, односно од т.н. сили "за истурени дејства" кои се немилосрдни во односите со населението. Во суштина тие го држеа населението во заложништво. Мажите, помладите од жителите, ги ангажирале за изработка на фортификациски објекти (ровови, траншеи) во и пред селата.

Од извлечените цивили добивме корисни податоци за распоредот на терористите.

Од нашите сознанија, информации и проучени цели, отпочнавме дејство на дистанца, исклучиво по откриените цели - прекини имавме само по барање на хуманитарните организации. Така беше наредено, па дури беше формиран и тим во Куманово за побрзо да функционираат хуманитарните организации.

Дејствата ги изведовме и ноќта, поради психичко исцрпување на терористите.

На 11. 5. 2001 г. добив наредба прекинот на дејствата да биде цел ден, наводно поради извлекување на цивили. Доколку не прекинам со дејствата, ќе се отпочнело со диверзија низ целата држава.

Кај претседателот Борис Трајковски, еден амбасадор од држава членка на НАТО, зборуваше оти располага со проверени информации дека “доколку се продолжи со нападите во Кумановско, т.н. ОНА ќе започнела со заседи, препади и диверзија на целата територија на Р. Македонија и затоа во примирјето мора да сме биле многу внимателни да не направат некое изненадување бидејќи т.н. ОНА била надвор од секаква контрола и врз нив не може политички да се влијае”.

После неколку дена се уверив дека не е така, односно ми се јави претседателот Борис Трајковски и ми нареди да го прифатам некој си по име Дејвид Фоли кој ќе бил во дипломатско возило со уште две лица, истиот да го пуштам преку Слупчански бунар во с. Слупчане, наводно да преговара за извлекување на цивилите. Наредив господинот Д. Фоли да се следи со мои луѓе тајно кога ќе влегува во с. Слупчане и таму кој ќе го пречека.

Истиот ден го добив следниов извештај од старешините што го набљудуваа Дејвид Фоли: “На влезот во с. Слупчане го пречекале три лица со бради во униформи од УЧК, со секого се поздравил, се прегрнал и се избакнал и после тоа влегле во селото”. Вечерта го прашав претседателот Б. Трајковски: “Кој е тој Дејвид Фоли, каква функција има и со која цел отиде во с. Слупчане?” Ми одговори дека сакал да ни помогне, да ги извлечеме цивилите. Кратко му вратив: “Какви цивили, па тој се бакнуваше со терористите пред очите на моите старешини, тој е со нив, а не да ни помогне!” - “Добро, добро генерал Панде не се решава се со сила.” - ми рече претседателот Борис Трајковски.

Поради сите тие сознанија сепак се одлучив да ја изведам операцијата во с. Ваксинце која веќе се подготвуваше. На 25. 5. 2001 год., Војските на Југославија (ВЈ) требаше да влезат на просторот Прешево - Бујановац, па се одлучив тој ден да ја изведам операцијата во с. Ваксинце.

На 25. 5. во 6 часот утрината издадов задача за готовност во 8 часот - односно во 8 часот да отпочне напад на сите правци во непосреден допир - претежно демонстративно пред селата: Слупчане, Оризаре и Отља. Со свежи сили да се тргне од

касарната Куманово кон Табановце, а потоа од Табановце да се пресече патот кон Ваксинце, а преку Рудничка колонија да се опкружи Ваксинце од северната страна, истовремено со 3 тима од Шестиот одред да се извлечат заложниците од рудникот Хром.

Му се јавив на генерал Ристо Галевски и му реков да подготви полициски сили и истите да бидат во 10 часот во Куманово - “Дали ќе стасаме?” ме праша тој, - “Ќе стигнете, му реков, многу е битно да стигнете”.

Наредив артилериската подготовка да трае 40 минути на сите правци, освен во с. Ваксинце, а тоа време беше потребно од касарната Куманово да пристигнат тенковите до Рудничка колонија и с. Ваксинце и како маскирање на нападот. Покрај тоа им наредив на командантите да не влегуваат во селата, освен во с. Ваксинце. Во другите села да вршат дејство по легитимни цели. Сите команданти ме гледаа и не можеа да ме сфатат, освен полковник Чедо Крстевски кој беше целосно запознат со операцијата “Ваксинце” и кој ги подготвуваше единиците за терен.

## ИЗВЕДУВАЊЕ НА ОПЕРАЦИЈАТА "ВАКСИНЦЕ"

На 25. 5. 2001 г. во 8 часот отпочна операцијата според планираното - со артилериска подготовка во траење од 40 минути во сите села освен во с. Ваксинце. Пред с. Слупчане за кратко време избија тенковите и оклопните транспортери и запреа. Беше опколено с. Оризаре и единиците на тој простор избија на патот с. Слупчане - с. Отља

Во 9,50 часот наредив ангажирање на хеликоптерите - веќе во 10,30 часот единиците избија северно над с. Ваксинце, а единиците од с. Алашевце избија северно над с. Слупчане. Веќе во 11 часот почнаа притисоци врз мене да ги прекинам дејствата, а јас наместо тоа, уфрлив три тима од Шестиот одред "Волците" да го исчистат рудникот Хром. Со уште поголема жестокост отпочнавме дејство по северните падини над селата каде што се обидуваа терористите да се извлечат. Тие посебно претрпеа загуби на Кодра е љакит тт 764, северно од с. Ваксинце.

Еден граѓанин од с. Ваксинце му се јави по телефон на полковникот Стојан Петровски, инаку поранешен негов познајник. Тој "бараше гаранција да бегаат цивилите кон Куманово и да ги прифати војската". Му реков на Стојан: "Дали ти му веруваш на тој граѓанин?" - "Му верувам", ми одговори. "Тогаш држи го на контакт, ќе го прифатиме неговиот предлог, ама ние ќе кажеме точно каде ќе се извлекуваат поради нивна заштита и пренеси му дека тоа ќе биде точно во 16 часот и тоа кон с. Табановце и с. Речица. Доколку се извлекуваат кон Стража или Лојане не им гарантираме безбедност".

Дејствата продолжија уште пожестоко, а полковник Стојан Петрески беше постојано во контакт со дотичниот соработник од с. Ваксинце.

Во меѓувреме, тој ден, шефот на меѓународниот Црвен Крст за РМ - господинот Франсоа, упорно, преку полковник Благој Марковски, бараше што побрзо да го примам на разговор. Знаејќи од прилика зошто ме бара, му пренесов дека пред 18 часот не можам да го примам. Господинот Франсоа веќе 20

дена бараше да се прекинат дејствата како би можел да ги извлечи цивилите и ранетите. Секогаш му беше тоа обезбедувано, но резултатите му беа мали и се однесуваше на болни и стари лица.

Во 16 часот полковник Стојан Петровски дојде кај мене и ми рече дека цивилите се спремни да бегаат од селото, а една група од шест терористи дека ќе пука во нив. На полковникот му реков да им пренеси дека самите ќе го сносат ризикот, ние нема да дејствуваме по нив.

Во 17,30 часот започна масовно напуштање на жителите од с. Ваксинце и тоа исклучиво кон с. Табановци, а помал број кон с. Речица.

Не ми беше познато како се ослободија од тие 5 - 6 терористи, но тој ден беа извлечени и прифатени од единиците на АРМ и полицијата околу 2 500 граѓани, а преку с. Лојане кон с. Митровац отидоа 150 по сопствена желба. Ние не ги попречувавме.

Откога наредив да се прекинат воените дејства, после 18 часот, го примив господинот Франсоа, шеф на меѓународниот Црвен Крст во РМ. Како и секогаш, во разговорот, ме убедуваше да се прекинат воените дејства поради извлекување на цивилите. Му реков: “Вие господине веќе 20 дена секој ден извлекувате цивили, но дневно само по 30 - 50 цивили, претжно болни и старци. Со кого Вие контактирате во тие села и зошто не ги извлечете цивилите кои масовно се држат во заложништво”.

Господинот Франсоас ми одговори само толку дека му се јавиле и дека ќе се извлечат сите бидејќи ние сме биле многу сериозни со нашите намери и психички не можат веќе да издржат од нашите дејства. На соговорникот кратко му одговорив: “Во тоа лично јас не верувам, а не знам како ќе Ве сфатат Претседателот на РМ и Премиерот на Владата.

На 26. 5. 2001 г. Јово Андревски го испрати американскиот воен аташе полковник Роберт Линч  во Куманово и ме замоли да го примам на разговор. Веднаш штом го примив, ми честита дека

на 25. 5 ‘01 г. во операцијата во Ваксинце немаше цивилни жртви. Одма после тоа тој побара да влезе во с. Ваксинце со своите соработници. Неговото барање на некој начин ме изненади. Го прашав: “Зошто и со која цел сакате да влезете во с. Ваксинце?” - “Ме интересира потеклото на запленетото оружје”, ми вели - “За тоа нема потреба да го ризикувате животот, ние ќе ви го покажеме овде во Куманово бидејќи тоа оружје е овде донесено, а ако сакате и можете да го снимите”. Во суштина тој полковник беше во секоја операција заинтересиран случајно да не сме запleниле американско оружје со кое беше вооружан Косовскиот заштитен корпус. Секако не му дозволив да влезе во с. Ваксинце со своите соработници - правдајки го тоа од безбедносни причини и дека се уште селото не е деминирано од нашите екипи.

(Тие денови добивме повеќе пишани информации. Во еден од нив, покрај другото, пишува:
Во 18,12 часот Алија Ахмети и Г’зим Острени го информираат командантот Илир дека “ОНА” од моментот на своето создавање досега имала најдобри резултати на политички план, затоа што успеале “да ја “збунат” целата меѓународна заедница со потпишувањето на договор помеѓу ПДП, ДПА, Европската Үнија, НАТО и македонските политички партии, како прв чекор до започнувањето на преговорите на Македонците со претставниците на ОНА. Али Ахмети го известил Илир Мета дека заедно со лицето од ПКК во текот на денешниот ден (29. 5. 2001 г.) ќе пристигнат во кумановско бидејќи очекуваат некој политичар да одат во Косово на разговор...”
Во истиот извештај, покрај другото, пишува: “Во 21,36 мин. командантот Илир Мета од Кумановско го информирал командантот Илир од Шар Планина дека е многу лоша состојбата на припадниците на ОНА во Кумановско и дека Малич Надрцај бил многу нервозен од загубата на командантот Тигар, а Шефит Џафери и понатаму продолжува да им испраќа на Косово расипано оружје”.)

## ОПЕРАЦИЈАТА “РУЃИНЦЕ”

Просторот Руѓинце со самото село сместено е северно од с. Слупчане, а западно од с. Ваксинце. Тој простор не беше контролиран бидејќи северно од Руѓинце се наоѓаа одбранбени позиции на единиците на АРМ и караулата Стража. Во самото село, во неколку маала, жевееја претежно постари лица - околу 30 - 50 жители и немаше забележано движење на ДТГ.

На 17. 5. 2001 г., во реонот: јужно од Стража за 1 км, беше заробен еден терорист. Од неговата изјава дознавме дека припаѓа на група терористи кои се стационирани во с. Руѓице и се разместени во 3 куќи над џамијата.

Веднаш испланиравме операција за разбивање на групата терористи во с. Руѓинце. Еден ден беше набљудувано селото и информацијата е потврдена - дека има група терористи и тоа од 15 до 20 вооружени кои се сместувале во три крајни куќи.

Беше направен план, операцијата да се изведе тајно, во раните утрински часови додека спијат. Задачата ја доби Шестиот одред. За операцијата знаеја: полковник Стојче Зенговски и мајор Зоран Блажевски, како и генерал Ристо Галевски кој требаше да подготви крим техничари од полицијата и специјалисти за деминирање кои во 6 часот на 21. 5. 2001 г. треба да бидат на аеродром Петровец поради пренесување на одредениот простор со хеликоптер.

Одлучивме операцијата да се изведе на 21. 5. 2001 г. Поради тајност, на 20. 5. 2001 г., десантирани се 3 тима од Шестиот одред во караулата Стража, кои во текот на ноќта 20/21 треба да се приближат до 3 куќи во с. Руѓинце и да бидат спремни за напад, додека нападот отпочне во 4 часот наутро. На единиците во с. Алашевци наредивме да го затвори правецот од с. Руѓинце кон с. Слупчане, а посебно Слупчанска Река и тоа меѓу 20/21. 05. 2001.

Цела операција се држеше во тајност и беше барано одобрение од претседателот Б. Трајковски за истата, а известен беше и Владо Бучковски, министерот за одбрана.

ВОЕНА
ТАЈНА
Строго
доверливо

Борбена наредба
за уништување на ДТГ

1.- Во с. Руѓинце позади џамијата, во втората и третата куќа (прилог шема) е разместена група од 25 терористи вооружени со АП "Калашников" од кинеско производство и со друго лесно вооружување.
Во останатиот дел од селото се наоѓаат околу 25 цивилни лица.
Групата е логистички подржана од месното население.
Терористичката група има истурени набљудувачи и има задача да ги набљудува правците: Стража, - с. Слупчане, - с. Руѓинце; с. Алашовци - с. Руѓинце: Белановци - с. Слупчане, како и да дејствува на нашите сили на наведените правци.

2. 6.одред со подршка на арт. батерија од реонот на Алашевце и единиците од пунктовите Стража и Белановце, да изврши подготовки и десантирање на 4 тима во погодните реони (погодни места), а потоа да изврши наблудување на ДТГ во с. Руѓинце и во погодниот момент истата да ја разбие и ликвидира.
Подржуваат борбени хеликоптери, хаб-105 мм, батерија МФ 120 мм и ПЛРФ.
Начинот на дејство и извршување на задача ќе се одлучи к-дантот на 6.одред. Готовност за десантирање 07,00 ч. на 19.05.2001 година.
Рок за разбивање на ДТГ е до 20.05.2001 година.

3. -При извршување на задачите да се избегнуваат цивилни жртви, а со заробениците да се постапува според женевската конвенција.

4. - Останатите мерки и активности според веќе претходно наведените наредби.
СП/ТА

bornar 1805

Началник на ГШ на АРМ
генерал- потполковник
Јован Андревски, потпис

На 20. 5. 2001 г., полковник Стојче Зенговски достави извештај, со шематски приказ, во кои куќи вечерта влегле терористите во с. Руѓинце и после таа потврда дадено беше одобрение операцијата да отпочне по Планот, односно во 4 часот наутро на 21. 5. 2001 година.

ИЗВЕДУВАЊЕ НА ОПЕРАЦИЈАТА "ОГАН"

Од 430 ч. до 5 ч. се започна со дејство на повеќе лансирни ракетни фрлачи 128м/м по трите куќи во селото Руѓинце. Нападот отпочна со 4 (четири) тима од VI. одред. Истовремено, останатите единици отпочнаа демостративен напад пред селата: Слупчане, Оризаре и Ваксинце, со дејство со артилеријата по легитимни цели.

Во 7 часот на 21. 5. 2001 г., извршено беше десантирање со 20 полицајци и крим техничари за преглед на теренот.

Заробените од с. Руѓинце се извлечени и со хеликоптер и пренесени во Куманово.

Операцијата беше брза и молскавична, по време и простор точно испланирана и реализирана. Од с. Слупчане - с. Руѓинце испратено е засилување со 2 (два) џипа во кои беа терористите (наводно воена полиција на т.н. ОНА) - на џиповите така пишуваше. Истите упаднаа во заседа и беа разбиени, а возилата целосно уништени, а дел од терористите успеа да избегаат во шумата кон с. Слупчане, напуштајќи ги возилата без отпор. Дејствата на целиот простор траеја до 14 часот, интензивно опфаќајќи ги и селата Слупчане, Оризаре и Отља, без влегување во нив. Меѓу заробениот арсенал, пронајдени беа: 5 филма, снимени со терористите. Тој ден успеавме да ги натераме да се откријат бидејќи со денови не се појавуваа - така што во 15

часот една група од нив се појави кога отпочна да се извлекува од с. Ваксинце или за да даде помош во с. Руѓинце. Истата беше разбиена на ТТ - 764.

Во с. Руѓице беше уништен склад со муниција, гориво и друга опрема, а беа заробени 3 автомастки пушки, м 48 и доста муниција.

Остана неразјаснет фактот кој ги извести терористите во с. Руѓинце - на 30 минути пред нападот за да се извлечат од трите куќи каде што ја поминаа ноќта. Во куќите, каде престојуваа, беше пронајдено големо количество храна, многу опрема, недоварена храна која се подготвувала за 21. 5. ‘01 г., запален оган во шпоретите за подготвуање на храна итн. Пронајден беше само еден наоружан терорист. По испитувањето на случајот, беше дознато дека групата се извлекла еден час пред нападот - во правец на с. Слупчане.

И покрај преземањето на сите мерки за тајност на операцијата, сепак и за оваа операција терористите беа информирани еден час пред почетокот на нападот. Со оваа операција беа запознати мал круг на луѓе, а уште помал за почетокот на самата операцијата.

ШТО СЕ СЛУЧУВАШЕ ПОСЛЕ 25. 5. 2001 г.?

После 25. 5. 2001 г., по распуштањето на УЧПМБ (Армија за ослободување на Прешево, Медвеѓе и Бујановац), дел од истите се префрлија во РМ - повеќето во Карадачкиот крај - 114 бригада со околу 175 борци, со минофрлачи 82 мм, 120 мм и ситем стрела 2М (противавионски ракети) - секако дека преку Скопска Црна Гора не се префрлени наведените средства - туку легално со помош на т.н. “хуманитарните” организации.

Држејќи го населението во заложништво во сите села, освен во с. Лојане и с. Ваксинце со по 15 - 20 терористи и со помош од “хуманитарните организации” терористите успеваа да се одржуваат во с. Оризаре, с. Слупчане и с. Отља. Селото Липково беше центар за раководење со т.н. “ОНА” на тој простор - како општинско место. По селото безбедносните сили

не дејствуваа иако се знаеше дека таму, покрај другото, има и болница и кој работи со истата - во еден период, од сите други села имаше 12 000 бегалци во Липково. Според информациите што ги добивавме, покрај тоа, постоеше реална опасност од рушење на браната на Липковското Езеро. Инаку положбата на Липково, како крајно село на тој простор, не претставуваше посебен проблем за воени дејства по истото.

Матејче беше последно село во кое се појавија терористите и тоа после 25. 5. 2001 г. Во с. Матејче имаше редовна полициска станица за целиот простор, мешовито село со жители: Албаници, Срби и Македонци. Покрај редовната полициска станица беше испратено и засилување со редовна полиција. Во Ново Село, Умин Дол и с. Никуштак имавме јаки сили за контрола на патот од с. Арачиново - кон с. Матејче и Куманово.

После 25. 5. 2001, припадниците на ДТГ почнаа да се појавуваат северно од с. Матејче, во непосредна близина на Матејчкиот манастир. Вуксанска Река беше погодна за движење на терористите по главниот пат с. Отља - с. Матејче и патот за Манастирска Вода.

Се случи иселување на жителите Македонци од с. Матејче - немаше ниту логика ниту причина за иселување од с. Матејче бидејќи селото беше мирно, никогаш безбедносните сили не дејствуваа по истото, но сепак жителите се иселија.

Во повеќе наврати, командирот на полициската станица во с. Матејче бараше дејство по селото каде што живеат Албанци, наводно во куќите се криеле терористи. Нормално дека не прифатив такво барање, туку насочив да се проверат тие сознанија и да се изврши контрола. Доколку има терористи командирот располага со доволно јаки сили па да нареди истите да ги зароби или разбие. Ако неможе нека ги лоцира куќите тогаш ќе планираме заедничка акција за апсење на терористите - секако дека тоа беше задача на полицијата.

При контрола на патот с. Отља - с. Матејче беше убиен еден Албанец од страна на полицијата. После тој случај полицијата се повлече од северниот дел на Матејче, каде претежно живееа

Албанци. За тоа повлекување АРМ не беше информирана. Повлекувањето го правдаа со страв од освета, “па затоа се повлекле во полициската станица” и бараа тенкови како засилување иако никој не ги напаѓаше.

Со таквите постапки - “сеење страв”, успеа да се отпочне со ислеување на неалбанското население, “наводно Армијата подготвувала офанзива во с. Матејче”. По ислеувањето на неалбанското население отпочна голем грабеж и ограбувања од жителите во селото кои меѓусебно се познаваа. За сето ова го информирав претседателот Борис Трајковски и МО.

После иселувањето на македонското население, притисоците се зголемија за ангажирање на АРМ во с. Матејче - во почетокот го одбив таквото барање бидејќи не бев убеден дека има потреба, зашто во селото има преку 100 полицајци. Но сепак успеја по барањата, АРМ ја засили полицијата со еден тенковски и еден механизиран вод.

Веднаш по засилувањето, без да бидам информиран, беше планирана и реализирана некаква акција за чистење на селото, каде што живее албанско насление (северниот дел од с. Матејче). По патот од јужната страна кон север упатиле еден тенк низ селото до џамијата, а зад тенкот на 30 - 40 метри со вреќи полни со песок направиле засолништа - односно пункт. Наводно во џамијата имало терористи и отпочнале да дејствуваат. Во тоа дејство еден полицаец со оружје “зоља” го погоди тенкот - сигурно не намерно. Возачот на тенкот беше ранет, а тенкот запален, пред самата џамија во с. Матејче. Кога се изврши истрага за уништување на тенкот и ранувањето на војникот се откри вистината - тогаш во селото, веројатно, на тој простор имало терористи. Зошто на некого му требало с. Матејче да биде опфатено со воени дејства тогаш не ми беше сфатливо. Но после тоа во неколку случаи, без да знае АРМ - полицијата напушти одредени пунктови, односно го напушти пунктот на браната на Липковоско Езеро (27 полицајци) и се приклучи во единиците на АРМ кои беа на позиција во с. Алашевце (источно од браната).

По формирањето на Владата на РМ со широка коалиција, условите за одлучување во разрешување на кризата целосно се изменија. За министер за одбрана дојде Владо Бучковски и по неговото доаѓање многу работи во одлучувањето се изменија. По смената на министерот Љубен Пауновски - таа функција (министер на Министерството за одбрана) едно време ја презеде премиерот Љубчо Георгиевски, а во суштина немаше министер за одбрана до изборот на Владо Бучковски. На состаноците на Државниот врв, по формирањето на Владата со широка коалиција, покрај претседателот Борис Трајковски и премиерот Љ. Георгиевски, присуствуваа: Бранко Црвенковски, Владо Бучковски, Илинка Митрева, Љубе Бошковски како претставник на МВР, Зоран Верушевски, како директор во МВР за контра-разузнавање, генерал Ристо Галевски, јас (Панде Петровски), а по потреба се повикуваа и други воени и политички сили.

Значи, по формирањето на коалиционата Влада многу работи во однос на целите кои ги имаше кризата во РМ, начинот на разрешување на истата, ми станаа многу појасни, пред се за фактот што се тактизираше да не се разреши кризата брзо со воено-политички средства кога за тоа РМ имаше капацитет.

На првата моја средба со министерот Владо Бучковски и Бранко Црвенковски разговаравме пред излегувањето во јавноста за замислата на МАНУ: “за размена на територии и за поделбата на Р. Македонија”. Разговаравме за многу работи во однос на состојбата во РМ, а посебно за целта на предизвиканата криза. Покрај тоа бев целосно информиран од Бранко Црвенковски (тогаш на функција претседател на СДСМ и пратеник во Собранието на РМ) во однос на поделбата на РМ и преселувањето на населението, кој ја заговара таа идеја и кој сака да ја спроведе истата. Покрај тоа, ми рече: “Таа идеја брзо ќе излезе во јавноста”. Така беше. Посебно нагласи дека широката коалиција беше прифатена, пред се, да се спречи таквата идеја што ја заговараат поединци... На мое инсистирање беше повикан и Јово Андревски да биде присутен како началникот на ГШ и да биде целосно информиран од Бранко Црвенковски. По доаѓањето на Јово Андревски, Црвенковски уште еднаш го изнесе тоа што мене ме информираше и тоа

уште подрастично. Јово Андревски цело време молчеше, без да изнесе свој став. Бранко Црвенковски, во изнесувањето пред началникот Јово Андревски, тој и поименично ги спомна личностите кои ја заговараат таа идеја и имаат намера истата да ја спроведат. За овој разговор брзо беше информиран премиерот Љубчо Георгиевски и претседателот Борис Трајковски, веројатно кабинетот на министерот за одбрана беше озвучен - поради прислушување.

Во мене многу работи се прекршија: во однос на крајните цели на дел од Владата, во однос на искреноста да се разреши воената криза со воени средства и да се воспостави целосна контрола на територијата на РМ. По разговорот со Бранко Црвенковски, односот кон мене од определени личности во Владата беше изменат во смисла на довербата да раководам со АРМ.

Многу чудно и неиздржано беше, кога на почетокот на кризата, нашето раководство не ги изнесе целите на т.н. ОНА - туку веднаш ги нарекоа терористи - а т.н. ОНА јавно ги изнесе своите цели. Запад ги нарече терористите "Етнички албански вооружани групи" - кои се борат за своите национални права.

Во суштина неколкупати се обидував да ги дефинирам целите пред Државниот врв, но не бев сфатен. Лично сметав тогаш и сега, дека воената криза беше договорена, строго контролирана, подржана однадвор, а планирана со знаење на политички структури кои беа тогаш на власт во РМ. Подоцна, во текот на политичките преговори, во однос на Рамковниот договор, тоа се потврди, односно кој ги застапуваше во преговорите интересите на т.н. ОНА.

Целото сценарио околу воената криза, уште од почетокот, им беше познато на одредени личности во владеачката гарнитура. Нив не им беше битен начинот на разрешување на кризата, многу поважно им беше како да се направи состојба која ќе ги оправда нивните политички подвизи пред македонскиот народ. Но, кога веќе се отпочна решавањето на воената криза со сериозни воени средства и кога постоеше "опасност" дека брзо ќе бидат разбиени "етничките албански вооружани групи" - се

активираа некои западни земји тоа да го спречат - а завршницата да биде со политички договор. Покрај другите активности за контрола на кризата беше и формирањето на широката коалиција која имаше за цел да дојде до политичко разрешување на воената криза.

Бидејќи Тетовскиот и Кумановскиот простор беа под целосна контрола на безбедносните сили на РМ, а во кумановско терористите беа целосно разбиени - емитираа некаква сила само да ја задржат тензијата како божем важен воен фактор. Имено се уште не беа направени воени услови од страна на т.н. ОНА, како оправдување пред јавноста да се прекинат воените дејства, а кризата да се реши со политички средства. Требаше да се измисли нешто посериозно, односно некоја операција каде што т.н. ОНА ќе “доминира” врз безбедносните сили на РМ и кризата ќе продолжи да се решава со политички средства. Извлекувањето на цивилното население од Кумановскиот простор беше во завршна фаза, а терористите беа разбиени. Во Тетовско терористите со месеци не се појавуваа, бидејќи немаа услуви за дејство заради присуството на АРМ.

Набрзо се измисли начинот како да се ислеат Македонците од шарпланинските села и во тоа брзо се успеја. Отпочна медиумска кампања “како Армијата не ја подржува полицијата”, “како полицијата е недоволно вооружена со оклопни транспортери и артилерија”; “како треба полицијата да ја преземе командата за изведување на воени дејства”, “да се формираат специјални единици во МВР итн”.

Покрај другото, во тој период, без знаење на МО и АРМ увезени беа 30 000 “калашникови” од Р. Бугарија, сместени во складовите на АРМ во Кочани, а подоцна беа делени на населението, пред се во Тетовско. Сето тоа беше почеток на остварување општ хаос со цел целата криза во РМ да излезе од контрола.

## АРАЧИНОВО - ОБИД ДА СЕ РЕШИ КРИЗАТА СО ПОЛИТИЧКИ СРЕДСТВА

На 3. 6. 2001 г., во с. Матејче бев ранет и од тој ден до 12. 6. 2001 год. бев отсутен од теренот, односно од Кумановскиот простор, поради лекување во Воената болница во Скопје. После три дена ми се јави претседателот Борис Трајковски и ме праша, покрај другото, што мислам за Арачиново. Му одговорив дека немам точни податоци кој се наоѓа во Арачиново, но она што го пласираат преку ТВ и др. медиуми е повеќе од претерано - односно пропаганда, а имено дека во "Арачиново има околу 4 000 терористи и дека тие се подготвувале за некаков напад". Кратко му одговорив дека тоа е пропаганда и дека во цела Македонија нема повеќе од 1 000 -1 500 и дека најверојатно се дел од ДТГ кои се извлекоа од Карадачкиот простор бидејќи таму немаа перспектива. Му реков: "Арачиново од воен аспект не претставува закана бидејќи истото е блокирано".

На 12. 6. 2001 г., излегов од Воената болница и отидов во ГШ на АРМ. По согледувањето на состојбата издадов задачи, сепак да се отпочне со одредени подготовки за евентуално ангажирање на единиците на АРМ во Арачиново.

Не можев да проникнам која би била целта во Арачиново да се предизвика криза. Арачиново е до Скопје и аеродромот Петровец, а на Петровец се сместени силите на НАТО! Арачиново уште во мај 2001 г. беше полуопкружено со силите на АРМ и полициските сили. Не претставува никаква закана во ниеден аспект за натамошните дејства. Во март, април, мај и јуни 2001 г. никаква акција - офанзива, операци не изврши т.н. ОНА со кои би ја покажала својата силина и подготвеност. Напротив, за цело време ги провоциравме да се јават, како би стапиле во борба, а нив ги немаше.

Сепак тоа е некој блеф - за да се сврти вниманието од Тетовскиот и Кумановскиот простор. Во Гостивар, Дебар па и Кичево најавуваа некакво востание, а ДТГ никаде не се појавија, освен една мала група во с. Рибница која беше брзо разбиена. Што сега со Арачиново и тоа во Скопје каде што

знаат сите дека на овој простор имаме силни безбедносни сили. Сите претходни проверки покажуваа дека има некоја група на ДТГ - извлечена од Кумановско и некои дојдени од Прешевската долина. Сето тоа не можеше да се вклопи во целиот воен систем и во состојбата во Р. Македонија.

Полицијата, сепак, целосно го блокира Арачиново - не можеше да се случи ни влез ни излез во Арачиново, а селото е погодно за надворешна контрола, во однос на движењето надвор од него. Сите дезинформации доаѓаа од македонските медиуми во однос на бројот на присутните терористи во Арачиново. Во дезинформациите медиумите се натпреваруваа кој повеќе ќе каже - секако сите тие средства за информирање добиваа податоци од некого кој имаше за цел да се издигне проблемот до највисока точка, односно ако не се изврши операција во Арачиново Македонија пропаѓа. Во суштина Арачиново беше само пресврт на “Режисерот” на воената криза, да се присили македонската страна на политички преговори, односно да се прекинат воените дејства и да се седне на маса за разговор. На другите простори: Тетовско, Кумановско со таквата идеја очигледно не се успеа.

На состаноците истакнував дека Арачиново не значи ништо посебно од воен аспект, ние треба да ја довршиме работата во Кумановско. Но на ниво на Државен врв премиерот Љубчо Георгиевски застапуваше друг став: “Не треба да дозволиме пред Скопје да ни прогласат слободна територија”. Настојував да објаснам дека Арачиново не преставува проблем бидејќи е блокирано со полициски и воени сили - односно имавме распоредно единици од АРМ на просторот Никуштак, Умин Дол, с. Грушино, а во с. Мојанци, с. Орланци, с. Брњарци полициски сили - тоа од воен аспект значи пошироко опкружување околу Арачиново, а непосредно влезот и излезот го контролираше полицијата без посебни проблеми.

На 14. 6. 2001 г. имав средба со Заменикот на здружениот Генералштаб на САД. Тој, покрај другото, ги изнесе ставовите дека САД многу е загрижен за состојбата во РМ со констатација: “Р. Македонија има апсолутна поддршка за територијалниот интегритет” - рече и додаде, “ние сакаме оваа

состојба да се реши политички, а не со воени средства, да се даде шанса на политичкиот дијалог како во Прешевската долина....” - Понатаму тој ми говораше: “Вие треба да употребувате пропорционална сила, а не да се уништуваат селата за да се убијат неколку бунтовници”, па продолжи: “Оваа недела и наредниот период ќе го свртиме вниманието кон РМ, со поголем интензитет ќе ја затвориме границата од Косово, ќе ги зголемиме од 11 чети на 19, подржани со хеликоптери за набљудување... итн”. Заменикот нагласи: “Нашето мислење и на НАТО е промена во однос на вкупната состојба во РМ и начинот на решевање на кризата”.

Веднаш сфатив дека Арачиново ќе биде пресвртница во решавањето на кризата во Р. Македонија.

По формирањето на Владата со широка коалиција се формира и Координативно тело за справување со кризата - нешто слично како на Косово. Веќе на 15. 6. 2001 г. Координационото тело закажа состанок. На чело на тоа тело беше Илија Филиповски, потпретседател на Владата на РМ, а членови беа: Владо Бучковски, министерот за одбрана; Љубен Бошковски, министер за внатрешни работи; Бедредин Ибраими, министер за труд и социјална политика, Иџет Мемети, министер за правда; Никола Груевски, министер за финансии; д-р Петар Милошевски, министер за здравство; Илинка Митрева, министер за надворешни работи, началникот на Генералштабот - односно јас (Панде Петровски). По потреба, зависно од проблематиката, Илија Филиповски можеше да повикува и други експерти од другите министерства.

На 15. 6. 2001 г., Координативното тело имаше состанок. На тој состанок очекував да се разгледа состојбата во Арачиново и да се подготват некои предлози во врска со решавање на критичната состојба во ова село. На состанокот беше покренато прашањето зошто се дели оружје на жителите во Тетовско - т.е. на жителите од селата со македонско население, како и испраќањето хуманитерен конвој во Липковскиот регион... итн. Сепак, формираното тело при Владата на РМ во кое беа присутни и два министри од албанска националност беше прилика и политички да се разјаснат некои активности од

страна на т.н. ОНА. Во секој случај имаше позитивна улога, пред се, во санирањето на целиот простор каде што се водеа оружани дејства. Подоцна дел од министрите од ВМРО - ДПМНЕ истото тело го напуштија, нарекувајќи го “клуб за дебатирање”.

Пратејќи ја целата состојба во РМ - по моето доаѓање од Воена болница, издадов задачи на моите сработници да се подготви предлог, доколку дојде до операција во Арачиново, на кој начин истата да се изведе и кога најбрзо борбената операција може да се отпочне. Веднаш да се изврши вкупна проценка на силите на т.н. ОНА и можностите на тие сили за натамошните дејства, состојбата на АРМ и можност за употреба - односно водење на вооружена борба. Да се оцени улогата на НАТО во натамошните дејства; однесувањето на вооружените сили на соседните земји доколку преземеме конечна офанзива за разбивање на т.н. ОНА. Во суштина и намерата ми беше со една ваква анализа да предложам конечна офанзива при крајот на јуни 2001 г. и целосно разбивање на “албанските вооружени терористички групи” во Р. Македонија.

Во извештајот, покрај другото, пишува: Редовите на т.н. ОНА се составени од македонски Албанци и искусни борци од Косово и од Албанија. Се проценува дека преку 150 поранешни членови на ОВПМБ се придружиле на ОНА после 25. 5. 2001 г. ОНА се повеќе се труди да ги прошири жариштата на поединечни точки бидејќи не биле во состојба да држат фронт од Тетово до Куманово, ниту можат набрзо тоа да го направат. Не се во состојба да направат синхронизирана акција против АРМ. Али Ахмети, политички директор на т.н. ОНА, имал проблеми да ги контролира локалните команданти и во почетокот на мај 2001 г., го назначил Г’зим Острени како општ командант на т.н. ОНА со цел да ја подобри командата и контролата врз организацијата.”

Понатаму пишува: “Назначените т.н. бригади во шематскиот приказ беа почетни, со мала бројна состојба, со регрутирани волонтери кои треба да се обучуваат, да градат засолништа, да се опремуваат итн.”

Во тоа време т.н. ОНА немаше ниту кадар, ниту можности од логистички аспект да продолжи борба со поголем интензитет. Во Кумановско сите резерви и беа исцрпени и немаше можност за продолжување на дејствата. Таканаречената нивна 114 бригада со околу 250 борци, зајакнати со меѓународни професионалци и платеници, постепено се концентрираше во Арачиново. Во Кумановско не можеше да опстани ниту нивната 113 бригада т.н. "Исмет Јашари" која беше во Карадачкиот простор - беше разбиена и функционираше во мали групи во селата од по 10 - 15 терористи.

Од аспект на јачината силите од ДТГ во Арачиново и околината не претставуваа никаква закана за напад на Скопје, како тоа што го пласираа некои македонски служби и министри.

На 16. 6. 2001 г. имавме многу дезинформации, пласирани од "пријателски служби" кои ги изнесуваше Горан Митевски, директорот на Агенцијата за контраразузнавање во МВР пред Државниот врв. Покрај другото, на истоименатиот состанок тој изнесе: "во наредните денови една бригада ќе се префрлела од Албанија и ќе извршела напад на караулите Стрезимир и Радика; и ќе се дигнело востание во Дебарско - Гостиварскиот реон". Ниту се појави таа бригада, ниту беше извршен напад. Една мала група терористи се појави во реонот на с. Рибница (Кораб) и истиот ден беше разбиена со единиците на 2.АК и протерана во Р. Албанија.

Пред случајот со Арачиново, состојбата на просторот Кумановско - Карадачки реон, беше релативно мирна - а меѓународната заедница секојдневно вршеше притисок да не се дејствува, туку да се доставува хуманитарна помош на "населението". Со денови "борците" на бригадите 113. и 114, не се јавуваа, беа втопени меѓу жителите во селата, држајќи ги во заложништво.

Тетовскиот простор - Шар Планина беше целосно под контрола - без никакви движења.

Патот Тетово - Гостивар - Кичево и Гостивар - Дебар како и просторот Торбешки мост, беа обезбедени од единиците на

2АК. Тогаш АРМ во своите редови имаше околу 20.000 војници и старешини распоредени во Струга - Дебар - Гостивар - Тетово - Скопје - Куманово. Имаше респективна авијација, 8 артилериски дивизиони 122 м/м, системот “Град 128”, околу 60 тенкови со оспособени послуги и искуство во борбените дејства итн. Појавата на терористите во Арачиново не претставуваше никаков фактор, бидејќи пред појавата на терористи во тоа село беше формирана Команда за одбрана на град Скопје - која на 16. 6. 2001 г., во својот состав имаше 3.300 мобилизирани борци, опремени со лично вооружување, артилерија и една тенковска чета и др. Затоа не можеше да се случи изненадување - однсоно некаков напад на Скопје. Тогаш сите витални објекти околу Скопје беа обезбедувани.

При сите овие моменти и проценки не можев да ја оценам вистинската намера на НАТО, иако декларативно таа беше јасна како и улогата на меѓународната заедница. Бев сигурен во едно и ако пропагандата пласираше “напад на аеродромот Петровец и диверзански дејства” - дека тоа нема да се случи бидејќи на аеродромот се сместени силите на НАТО во РМ, а тие строго ги контролираа терористите, (воено и политички) пред се поради сопствена заштита и поради некои “други” цели.

Тогаш, по сето тоа, сепак, заклучив: - т.н. ОНА во РМ не претставуваше сериозна закана од воен аспект, доколку не беше подржана од некоја друга држава или некои меѓународни фактори - за што требаше да се ангажираат државно - политичките фактори во РМ. Но без обзир на мојот заклучок, претседателот Борис Трајковски, уште на 14. 6. 2001 г., испратил писмо до Генералниот секретар на НАТО од кој побарал помош во разрешување на кризата - за што јас дознав дури на 05. 7. 2001 г.

Исто така тогаш беше пласирана една теза од некои западни држави: “како АРМ не е во состојба да ги разбие ‘вооружените етнички албански групи’, бидејќи не е доволно оспособена и не располага со софистицирани средства”. Оваа пропаганда имаше за цел да ја спречи одлуката за конечна завршна офанзива на целиот простор - а тие “пријателски земји” добро знаеја со што “располага АРМ, а со што т.н. ОНА”. Исто така добро им беше

познат начинот на кој ги изведовме борбените дејства. Тие “пријатели”отворено презедоа и политички притисок кон Украина, поради тоа што испорачуваше на РМ дел од воената опрема.

Веројатно, покрај другото и затоа мораа да го измислат Арачиново и да ја “прикажат” АРМ дека со воени средства не може да се справи со ДТГ, па да се седне и политички да се реши случајот, а пред тоа да се прекинат сите воени дејства. Во таквата намера му помогнаа и внатрешно политичките структури, а и медиумите, несвесно прикажувајќи ја нереално состојбата.

На 17. 6. 2001 г. се држеше состанок на Државниот врв. Покрај другото, Зоран Верушевски зеде збор, инаку многу искусен разузнувач, стабилен и реален во своите изнесувања, односно знаеше “да ги види дрвјата од шумата” - народски кажано. На состанокот, секако од свои извори, изнесе: “кај терористите има голема нервоза, недоверба во нивното раководство бидејќи ги изгубиле териториите, немале оружје од поголем калибар, имале многу загуби, а ништо не се решавало за подобрување...” и продолжи: “Во сите реони била издадена наредба за концентрација во Арачиново, а на другите простори да имитираат присуство...” Сето ова потврдува дека во јуни т.н. “Етнички албански вооружени групи” беа пред колапс и не успеаја да седнат на маса за политички договор. Проблемот беше во тоа што треба пред македонскиот народ да се оправда прекинот на огнот и политички да се разговара, а за тоа треба добар повод, причина - да се понижи Македонската армија и да се прикаже како да не може сама да го реши роблемот. Затоа е измислено Арачиново. Ова го потврдуваше и фактот што претседателот Б. Трајковски на состанокот на Државниот врв, пред сите нас присутни, изјави: “Џорџ Робертсон ни даде само два дена време доколку се одлучиме за операција”. За два дена кога би оделе од куќа до куќа, не можат да се проверат преку 2000 куќи колку од прилика имаше Арачиново - тоа е град кој е урбан, не се освојува лесно и зошто да се освојува - “беше прогласена слободна територија” - од кого и како ќе функционира ако таа т.н. “слободна територија” е изолирана и опкружена со наши сили од сите страни!?

Во тие денови, пред операцијата на Арачиново, имав повеќе средби и тоа: со генерал Пуц, командантот на КФОР од Косово, со генерал Ланге командант во Р. Македонија, со полковник Конан Кен, претставник на НАТО, со својата екипа поради Планот на Претседателот за разрешување на кризата. На сите тие разговори, претставниците на НАТО - КФОР имаа заеднички став во разговорите: “да се прекинат воените дејства и кризата политички да се резреши”.

На 18. 6. 2001 г., на состанокот на Координациовното тело за справување со кризата, настана тешка состојба. Основното прашање беше: Претседателот на Координационото тело треба да му предложи на претседателот на државата Борис Трајковски решение за Арачиново.

На тој состанок зедов збор и кратко истакнав:

“Арачиново како село од воен аспект не претставува ништо посебно, од политички аспект веројатно многу му значи на некого. Доколку се нареди од Врховниот командант да се изведе операција АРМ тоа ќе го стори. Мислам, не сум овластен ниту јас ниту ова тело, да донесува било какви одлуки за начинот за разрешување со Арачиново” (од Записникот на Координационото тело). Илија Филиповски, претседател на Координационото тело, ја истакна сета сложеност за “проблемот Арачиново” и што треба да му предложиме на Претседателот на Р. Македонија.

Претставниците - министри од албанската националност (министерот за труд и социјална политика и министерот за правда) предлагаа “во правец на мирно разрешување на кризата со помош на меѓународни организации да се реши кризата, а медиумска кампања да се воздржи” итн. Некои министри од македонскиот блок го поддржуваа, односно кога предложија: “лидерите на албанските партии да ги убедат терористите мирно да се повлечат од Арачиново”. На тој состанок во натамошните дискусии имаше предлози и размислувања, извлекувањето на терористите да биде со помош на ОБСЕ и

меѓународната заедница секако доколку т.н. ОНА тоа би го прифатила.

Тогаш си размислував: "Зошто се водат вакви дискусии, па ДТГ не би се ни појавиле во Арачиново, доколку некој не му наредил поради остварување на некои цели, а сега ние дискутираме. Тие што наредиле да ги убедуваат терористите без борба - мирно да се повлечат; нема никаква логика дека тие сакаат борба".

Согледувајќи ја целата состојба, дали ќе има операција или не, поради подготовки на единиците на 19. 6. 2001 г., дадов насоки за разработка на истата со готовост во подготовката на 21. 06. 2001 г., односно да се прецизираат силите за напад, да се изврши извидување, снимање итн.

На ниво на Државен врв, мислењата во однос на разрешување на Арачиново, беа различни. Имено, присутните министри и лидерот на СДСМ имаа став за организирање предупредувачки дејства, а присутните од ВМРО - ДПМНЕ бараа да се изведе тотална борбена операција. Со часови и часови беше анализирана состојбата и начинот на кој да се тргнат терористите од Арачиново, а притоа да нема непотребни жртви бидејќи и нема баш некоја причина за тоа, а сепак да се покаже дека сме сериозна држава во разрешување на таквите проблеми.

"Арачиново, со многу жители кои останаа во селото, со повеќе од 2000 куќи, претставува добро упориште, или ќе организираме операција како што треба или да не почнуваме", му реков на присутните, ние немаме доволно специјализирани единици за борба во населено место, но затоа имаме доста јаки сили за борба од дистанца, според однесувањето на терористите и ние ќе се однесуваме, доколку дадат силен отпор, темпото ќе го засилиме се додека не се предадат. Односно ценам дека терористите во Арачиново немаат некои резерви за долготрајна борба. Ќе ги опкружиме, ќе ги блокираме и дејствата ќе бидат од час во час се посилни".

"Самото с. Арачиново е погодно за ваков начин на дејства. Селото е на чист простор, не бара претходни дејства за да се

дојде до него, а и на таков начин не би имале многу жртви, но сепак ќе им одржиме лекција оти сме сериозни”.

Тогаш Претседателот на РМ истакна дека за операцијата имаме ограничено време од два дена. Не го сфатив зошто само два дена, ние ќе одлучиме колку дена - односно додека не се предадат - “Толку ни даде Џ. Робертсон”, вели Б. Трајковски.

Претседателот на РМ, сепак, се одлучи на едно решение - мислам реално, односно ми изгледаше реално - да ја почнеме операцијата и да ги вклучиме меѓународните фактори за посредство”. Министерот за внатрешни работи Љубе Бошковски беше апсолутно против таквото решение...

Сепак Претседателот на РМ беше свесен дека ќе има многу жртви на двете страни доколку би оделе на освојување куќа по куќа - но не ни беше тоа целта. “Од кого да ги ослободуваме куќите кога во нив живеат нивните сопственици!”

На крајот дојдовме до компромис: да се испланира борбената операција и доколку не се најде политичко решение да се оди на комбинација: воено - политичко решение. За мене како професионалец тоа значеше “и топло и ладно”. Таква беше задачата и нема повеќе што да се дискутира. Во изведување на борбената операција сфатив дека било однапред договорено со НАТО. После вториот ден да влезе НАТО во Арачиново и да ги извлече териториите што и така се постапи. Ако така беше договорено не требаше да се случат такви рушења! Меѓународната заедница после сето тоа го плати, а непотребните жртви, никој не можеше да ги плати.

Како гласеше одлуката за нападот?

Одлука:

Во наредните денови да се подготви и изведе операција со цел: блокирање, разбивање и уништување на ДТГ од кружна основа: Никуштански орман; с. Орланци; с. Бучинци; с. Ајватовци - живинарските фарми Белимбегово - с. Страчинци. Главните сили да се ангажираат на правецот: с. Мршевци - с. Арачиново,

а помошните на Никуштански Орман - Арачиново. Со посебната единица за борба против тероризам, во содејство со единиците од Првиот армиски корпус, Командата на одбрана на град Скопје, (КОГ) и единицте од МВР, со подршка на артилеријата и ВВ (Военото воздухопловство) и ПВО (Противвоената одбрана); да се блокира, а потоа да пристапи кон уништување на иститe и да се создадат услови за чистење на селото, со што треба да се создадат можности за функционирање на власта. (Ст. дов. бр. 07 - 35/272 од 21. 6. 2001г.)

За извршување на оваа задача да се ангажираат:
- Посебните единици за борба против тероризам,
-2. хауб. баталјон 122 м/м,
- 3 одделенија ПЦФ (Повеќе цевни фрлачи на ракети) од 128 м/м,
- 1 батерија мф 120 м/м,
- 1 тенковска чета од КОГ - Скопје,
-Баталјонот на воена полиција и извидувачкиот батаљон со дел од единиците.

Единиците од 12. пешадиска бригада да го обезбедат аеродромот Петровец и да ги затворат правците кои од Пчиња водат кон Петровец.

Просторот северно од Арачиново, с. Мојанци, с. Гофа - Брнарци го обезбедува полицијата во содејство со 16. пешадиска бригада и дел на силите на Првата пешадиска бригада.

Патот Арачиново - Куманово да го обезбедуваат единиците на Првиот армиски корпус.

Со сите единици за обезбедување е направен поширок прстен на 5 дена пред операцијата, а силите за напад да се доведат ноќта меѓу 21/22. 6 2001 по следното:

- На патот Сингелиќ - Арачиново северно од патот напад врши специјалната полиција од МВР и тенковски вод од КОГ, јужно од патот Шестиот одред со една тенковска чета; на правецот Бел Камен - Арачиново напад вршат единиците за борба против

тероризам; - од јужната страна ТТ - 241 низ Гладно Поле, напад врши Прва тенковска чета без Првиот вод кој беше ангажиран за содејство со посебната единица од МВР.

## ИЗВЕДУВАЊЕ НА ОПЕРАЦИЈАТА - "АРАЧИНОВО"

Селото Арачиново повеќе денови беше под блокада од страна на полицијата од три правци, а од АРМ во поширокиот прстен. Целосно беа затворени патните правци: од Скопје - Сингелиќ - Арачиново; од хотелот "Белви" кон Арачиново и од Куманово кон Арачиново. Селото можеа да го напуштат само негови жители - цивили по сопствена желба. Хотелот "Белви" служеше како истурено командно место, а вистинското командно место беше во с. Чојлија. Во хотелот"Белви" МВР, неколку дена пред операцијата, на четврт кат постави современа опрема за набљудување и снимање, така што, самото село и околината се надгледуваа непрекинато 24 часа. Сите одбранбени точки во Арачиново и надвор од него беа набљудувани. Два дена пред операцијата се уверивме дека ДТГ, во однос на одбраната, главните сопствени сили ги групира на источната страна, односно нападот го очекуваа од правецот на Куманово. Самото село беше подготвено за одбрана во групен систем на приодите кон него, а внатрешно, вдолж улиците, имаа подготвено отпорни уредени точки оставено оружје и муниција за брзо поседнување и давање на отпор. Имаа распоредено неколку минофрлачи во с. Мајнце и с. Орланци. Надвор од Арачиново тие села беа погодни за заштита на минофрлачите. Во самото село немаше повеќе од 200 - 250 терористи, но истите добро го организираа селото за одбрана, ангажирајќи дел од жителите за помошни логистички работи. Односно Арачиново беше организирано за кружна одбрана со групен ситем - групите беа 8 - 10 терористи (одделение), користејќи ги предностите на тврдите објекти во селото, вдолж патиштата кои влегуваа внатре в село - улиците - посебно кон централниот дел на самото село. Најверојатно не им беше целта ДТГ да се одбрани селото, туку да издржат што повеќе од три дена, кое подоцна се потврди таа намера, односно да се создадат услови НАТО - директно да се вклучи во самата операција.

На 21. 6. 2001 г. во 4,30 часот отпочна нападот со артилериска подготовка на однапред утврдени цели, а со хеликоптерите се напаѓаше по новопојавените цели. За неполн час единиците на сите правци избија пред Арачиново. Во текот на ноќта беа уфрлени дел од Шестиот одред и од специјалната полиција на

МВР во селото и тоа вдолж каналот од правецот на Сингелиќ, а со еден тенковски вод од с. Брњарци кон ТТ - 370. Селото е надвишено од северната страна.

Не очекувајќи дека главните сили ќе упаднат во с. Арачиново од правецот на Синѓелиќ и Брњарци, во почетокот немаше сериозен отпор до тој правец, и Шестиот одред во содејство со специјалните единици на МВР, навлегоа во селото на тој правец до гробиштата, па терористите веднаш отпочнаа засилување на одбраната кон новата џамија.

Нападот од источната страна (од правецот кон Криви Дол) одеше многу поспоро, бидејќи Бел Камен како добро организирана точка од терористите, на 1 км источно од првите куќи во Арачиново, упорно се држеше. По засилувањето на нападот од јужната страна кон Бел Камен отпорната точка беше разбиена, вооружувањето заробено, а дел од терористите се извлекоа кон Арачиново, оставајќи се од опремата. Кота 354 беше совладана во попладневните часови. Првиот ден од западната и северната страна беше влезено во Арачиново, а од источната и јужната се запре пред селото бидејќи единиците имаа таква задача. Не сакавме да влегуваме во селото со тенковите бидејќи беше ризично поради сопствени загуби, а и немаше потреба. Борбените дејства продолжија така што и ноќта се продолжи со дејство од дистанца. Не сакав да го форсирам нападот и да имам сопствени загуби без потреба кога селото беше целосно опкружено и на секоја појавена цел директно се дејствуваше. Истото му го советував на министерот Љубе Бошковски, бидејќи од снајперистите на ДТТ ќе имавме непотребни загуби. Секоја откриена огнена точка прво ќе ја уништевме со артилеријата и тенковите, а потоа настапуваше пешадијата. Тој метод беше спор, но гарантираше заштита на сопствените сили. Немавме потреба брзо да се заземе селото бидејќи беше опкружено, дејствата систематски се одвиваа, беше спречена секаква помош однадвор, а терористите беа присилно да се предадат или повлечат. За неколку дена тие ќе ги истрошат залихите, немаат снабдување од страна и навистина ќе мора да се повлечат или да се предадат.

Првиот ден беа ранети двајца страни државјани во непосредна близина на Арачиново. Полковник Милисав Таштановски се јави и ми рече: "Господине Генерале, двајца се ранети и фатени, ама не се Албанци, овие се Американци". - "Што барале таму?", му реков, - "Испитај ги, земи им ги документите, како ти што знаеш и стапи во контакт со полковник Роберт Линч, па предај му ги!" Сметав дека сакаат од непосредна близина да ја набљудуваат операцијата како што ни се случуваше исто и во Куманово со некои офицери на НАТО.

Вечерта, на состанокот на Државниот врв, предложив да продолжат воените дејства, односно дејства од дистанца со постепено уништување на огнените точки со артилеријата и тенковите од каде се даваше отпор, а потоа да настапи војската и полицијата поради чистење. Дејствата ќе се одвиваа постојано - дење и ноќе, 24 часа. - Некој предложи: "Да се вклучи НАТО како посредник за да ги извлечат терористите!" Идејата лесно се прифати - со тоа што уште пожестоко да се продолжи со нападот. Сите се сложија дека навистина нема потреба да имаме жртви. Вториот ден нападот беше многу посилен и пожесток, тенковите ја совладаа ТТ 354 и од источната страна влегоа во с. Арачиново. Од западната страна веќе избија единиците до новата џамија, се повеќе се стеснуваше обрачот, постепено но сигурно - терористите го држеа централниот дел на селото. Сето тоа е набљудувано и снимано од хотелот "Белви" со современи набљудувачки инструменти, со кои раководеше МВР на Р. Македонија.

На 24. 6. 2001 г. ми се јави претседателот Б. Трајковски и ми нареди: "Дојди утре во 9 часот кај мене во кабинетот!" Наредниот ден бев кај Претседателот и изабележав дека е нервозен. Тој ми рече: "Генерале, Џ. Робертсон ја прифати идејата НАТО да ги извлече терористите од Арачиново." - "Добро, му велам, "ама ние ќе продолжиме со нападот се додека се создадат услови за извлекрање". - "Не, Џорџ Робертсон ми кажа дека има 30 нивни луѓе таму во Арачиново!" Јас го гледав претседателот, и не можев да го разберам. "Кои се тие луѓе?", го прашав. - "Од каде дошле во Арачиново!?", - "Не знам, ама ми вети дека ќе ми даде список на тие луѓе", рече и продолжи: "Слушај ме сега добро, во 13 часот пристигнува

Хавиер Солана, дотогаш што ќе направиш - направи, во 13 ч. да ги прекинеш дејствата, но сега оди, тепај ги, тепај ги, а јас ќе ти се јавам.” -“Ама ние веќе избивме до новата џамија во Арачиново, а од источната страна брзо се напредуваше, тие го држеа центарот и околу каналот”.- “Оди ќе ти јавам кога ќе прекинеш”, ми нареди Претседателот.

Отидов, но не во хотелот “Белви” на истуреното командно место, туку во с. Чојлија каде што беше командното место на генерал Мирослав Стојановски, а таму беше генерал Методи Стамболиски, како координатор за сите единици, ангажирани од АРМ, а Зоран Јовановски, полициски генерал за координирање со полицијата.

Кога стигнав веднаш ги повикав од оперативната сала во посебна просторија да им објаснам која задача ја добив од Претседателот на РМ и како да се изврши препланирање на дејствата додека не добиеме наредба за прекин на борбените дејства.

Околу 11 часот се вратив на истуреното командно место во хотелот “Белви”. Дејствата се одвиваа се поинтензивно во самото село. Скоро 2/3 од селото беше под контрола на безбедносните сили. Непосредно, после тоа, на истуреното командно место пристигна Премиерот, заедно со министерот Љубе Бошковски. Им ја изнесов состојбата на теренот - но и самите визуелно набљудуваа, борбите се водеа в селото, односно по улиците.

Расположението беше на високо ниво бидејќи очекувавме тој ден целосно да бидат разбиени ДТГ. По извесно време на Љубе Бошковски му заѕвони мобилниот телефон. Седеше до Љубчо Георгиевски, стана нервозно и со висок тон извикуваше многу погрдни зборови. Во истата просторија беше и полковник Стојан Петровски, на кого со поглед му дадов знак да излезе од просторијата за да не слуша што зборува Љубе Бошковски. Го погледнав Премиерот, а тој ништо не реагираше и натаму ги набљудуваше дејствата во Арачиново. Кога заврши разговорот со телефонот, целиот нервозен, рече: “Овој сака сега да ги прекине дејствата”. Јас веднаш сфатив, дека разговараше со

Претседателот и утрото во 9 часот мене тоа што ми објасни претпоставив дека сега на Љубе тоа му го соопшти. Откога се смири Љубе ми кажа: “Б. Трајковски ми рече кога ќе издаде наредба генералот Панде за престанок со дејствата, да престане со дејства и полицијата!” Премиерот не реагираше, само стана и двајцата заминаа за Скопје. По нивното заминување и јас повторно отидов на командното место во Чојлија. Некаде околу 12, 45 часот ми се јави Претседателот и ми нареди: “Генерале во 13 часот, да се прекинат сите дејства во Арачиново, а ти ќе одиш во хотелот “Белви” на состанок со НАТО претставници!” - Му одговорив: “Разбирам, ама ќе ми треба најмалку еден час да се прекинат дејствата, додека се пренесат наредбите, а покрај тоа авијацијата е подготвена за последниот удар”. - “Не, никако, немој да ја употребиш авијацијата. Во 13,30 часот да ме известиш дека си ги прекинал дејствата!” и повтори: “Немој случајно да ги употребиш авионите, немој да си играш, ти објаснив, утринава за што се работи!” - “Разбирам, ќе биде како што наредивте!”

После тој разговор, ми се јави бригадниот генерал Звонко Стојановски, командант на ВВ и ПВО и ме информираше: “Пилотите од хеликоптерите гледаат бели чаршави на куќите во Арачиново, што да правиме?” Кратко му одговорив: “Звонко, во ред, во 13 часот да се прекинат сите дејства, така нареди Врховниот командант”. После враќањето на хеликоптерите да ме известиш, а ти ќе добиеш и писмена наредба за престанок на дејствата!”

Бидејќи генерал Методи Стамболиски и генерал Мирослав Стојановски беа покрај мене, а тие командуваа со единиците, непосредно им наредив да се прекинат сите воени дејства и единиците да преземат мерки за лично обезбедување на своите позиции. На крајот им реков: “Јас одам на некој состанок, ќе бидеме во контакт за натамошните постапки. Единиците да бидат во состојба брзо да продолжат со напад, доколку така се нареди. Без наредба, поради заштита на сопствената безбедност, можат да отворат оган по ДТГ!”

Во хотел “Белви” пристигнав околу 14 часот, а пред хотелот премногу новинари, ТВ екипи, разни дипломатски возила итн.

Влегов во ресторант-салата, а таму целиот дипломатски кор, акредитиран во РМ, а од наша страна: Владо Бучковски, Љубе Бошковски, Никола Димитров, Тодор Пендаровски и др.

Веднаш по влегувањето го прашав Владо Бучковски: "Што е работата, што се случува?" - Тој ми рече: "Ќе слушниш сега, ќе имате состанок, а во 16 часот треба да пристигне и Хавиер Солана. Бригадниот генерал Звонко Стојановски, командант на ВВ и ПВО, ме извести дека на радар се фатени 6 авиони ловци бомбардери кои имаат курс од Италија преку Албанија кон Р. Македонија. -"Следете ги каде одат, а подгответе ги хеликоптерите за пребазирање во с. Лозово - на резервен аеродром!" - му реков.

Во себе си мислам: - нема шега, НАТО е спремен и сила да употреби доколку продолжиме со дејствата. Претседателот на РМ веројатно знаел за овој состанок утрината кога бев кај него, но ништо не ми кажа, незнам зошто. Го прашав Љубе Бошковски што е работата, тој ми рече: "Брат, ќе чуеме и јас ништо незнам која им е целта на овие Натовци!?"

Никола Димитров, како застапник на Претседателот, инаку советник за национална безбедност на Претседателот, ме запозна со еден цивил: "Овој е господинот Питер Фејт - пратеник на генералниот секретар на НАТО и тој ќе го води состанокот и ќе го изнесе Планот за извлекување на терористите од Арачиново." - "Знае ли Претседателот за сето ова?" - "Да, јас ќе го информирам за се". - ми рече.

Состанокот отпочна некаде околу 14,30 часот. Без никаков вовед, Питер Фејт изнесе дека ќе стапи во контакт со терористите и ќе им предложи да се извлечат во нивна организација, односно во организација на НАТО и ќе бидат префрлени за Косово. Љубе Бошковски остро го нападна П. Фејт, дека тој тоа нема да дозволи терористите да бидат извлечени, а да не се казнат. - Го тргнав министерот Љубе: "Чекај, нека се изнесе докрај па после ќе разговараме - терористите се опкружени". - го смирив. Љубе Бошковски, се врати на своето место и продолжи состанокот.

Сите на некој начин реагиравме, баравме терористите да не бидат извлечени за Косово. На крајот беше договорено: “Терористите да се извлечат во с. Никуштак и тоа во организација на НАТО, со нивни возила, а ние да ги тргнеме тенковите од Арачиново и од патот Арачиново - Никуштак.

Во суштина НАТО и ОБСЕ имаа 3 варијанти на Планот за извлекување, а всушност тие имаа два плана:

“А” - да бидат извлечени со возила од цивилни фирми - од Тетово,
“Б” - да се извлечат со автобуси на НАТО/КФОР и
“В” - терористите да се извлечат со сопствени возила.

Од сите овие варијанти прифатена беше комбинацијата на варијантите “А” и “В” - (односно: во првата тура: со 4 автобуси од Тетово а во II фаза со 7 автобуси од НАТО, 5 борбени хамери, 5 болнички хамери и 2 камиони).

Секако дека варијантата “В” - терористите сами со свои возила да се извлекуваат не ја прифативме и како таква отпадна. Состанокот кратко траеше. Зачудува фактот дека после 10 - 15 минути откога заврши состанокот, веднаш пристигнаа единиците на НАТО пред хотелот “Белви”, планираните автобуси и другите возила. - “Значи дека тоа било договорено многу порано, а на состанокот беше само потврдено!”

Договорот беше терористите да се извлечат додека е дневно време - пред да падне ноќта. На тоа ние инсистиравме бидејќи од хотелот “Белви” се набљудуваше и со видео техника и визуелно - дури и можеше да се снима со камери. Тоа го знаеше НАТО. Но иако брзо влегоа во Арачиново - надвор со терористите не се вратија, како што беше договорено: во 16 часот да отпочнат со излегувањето во насока од с. Арачиново кон Куманово.

Откога тие влегоа во Арачиново, поткрепени со борбени возила и војници на НАТО, веднаш почнаа да измислуваат некои недоговорени работи. Јас не знам Никола Димитров со кого комуницираше, но беше непосредно покрај мене во салата во

хотел “Белви” и ме известуваше за сите нивни барања или промени. Прво, наводно терористите не сакале да се извлекуваат во автобуси, туку од с. Никуштак ќе дојделе возила и трактори. На Никола Димитров му реков: “Пренеси му на Питер Фејт: “Доколку терористите не сакаат да се извлекуваат како што е договорено, нека се извлечи НАТО од Арачиново, јас ќе наредам да се продолжи операцијата”. Питер Фејт му одговори дека му треба консултација со Хавиер Солана и Џорџ Робертсон. После 10 минути дојде Никола Димитров кај мене и се смешкаше. Ми кажа: “Ми рекоа да ви пренесам дека терористите се согласиле да ги извлечи НАТО.” - “Ти реков дека со нив треба да се работи само како што е договорено”, мислејќи на НАТО. Сепак се дојде до промени, имено, 4 автобуси од Тетово, 4 џипа и еден камион околу 17,30 часот тргнаа од Арачиново кон с. Никуштак и ја истоварија првата група на терористи кај с. Никуштак. Но, седумте автобуси од НАТО со борбеното обезбедување од 5 хамери, 5 болнички хамери и 2 камиони никако да тргнаат од Арачиново. Чекаа да се стемни, односно сакаа да излезат ноќе за да не се виде кого ќе изнесат и каде ќе ги однесат. Тоа беше причина, со паѓањето на ноќта, беа блокирани сите излези од Арачиново кон Сингелиќ кон Никуштак и кон хотелот “Белви”. НАТО со своето обезбедување и возилата остана блокиран во Арачиново, сакавме да ги пуштиме следниот ден кога ќе се раздени - односно дента, бидејќи не сакаа да излегуваат како што беше договорено. На НАТО му беше познато дека ноќе не може да се снима со инсталираната техника во хотелот “Белви”, а исто така и ние ја сфативме истата намера, односно зошто толку време се задржаа во Арачиново, зошто не ги задржаа 4-те цивилни автобуси од Тетово кои ги превезоа терористите во 17,30 часот во с. Никуштак.

Кога падна ноќта се вратив во ГШ, но НАТО единиците останаа во с. Арачиново. Ми се јави г-динот Кецковски, шеф на обезбедувањето на претседателот Борис Трајковски и ми рече: “Господине Генерале, кажете ми, предложете ми, каде да го извлечеме Претседателот бидејќи има закани за убиство. Пред собранието почна да се собира толпа на луѓе, полиција итн”. После 5 - 6 минути му се јавив на Претседателот и му реков: “Веднаш да тргни и со обезбедувањето да дојди во касарната

“Илинден” каде ќе го чекам!” - Дадов на знаење да биде тајно: “Не кажувајте на никого каде одите!” Така и беше: Претседателот пристигна сам со личното обезбедување, а на командантот на касарната, полковник Блажо Копачев, пред тоа му наредив да се обезбеди касарната покрај редовната стража и со воена полиција. “Волците” непосредно да ја обезбедат командната зграда. По пристигнувањето на Претседателот се сместивме во канцеларијата на командантот на гардиската бригада бидејќи таму ги имавме сите услови за раководење - телефонски врски (ПТТ, специјални врски итн), а до канцеларијата и соба за одмор. Преку ТВ-програмите гледавме што се случуваше пред Собранието, имаше директен пренос.

Во првите моменти разговаравме сами, ценевме што се може да се случи во Р. Македонија.

“Дали знае Премиерот каде сте и со кого сте?” го прашав.

“Никој не знае, состојбата е многу сериозна, би требало да го известиме Премиерот и министерот за одбрана”.

“Генерале, денес ми е роденден, а гледај што се случува во државава”, рече тој.

“Нека Ви е честит роденденот!”, му честитав.

После тоа тој се слушна со неговата сопруга Вилма. Потоа ми го даде телефонот и јас да и потврдам на госпоѓа Вилма дека нејзиниот сопруг е во касарната, а не во зградата на Собранието и дека е на безбедно место.

По извесно време ми се јави Премиерот и ме праша:

“Дали знам каде се наоѓа Претседателот?”

- Морав да му ја кажам вистината и кога слушна ми рече:

“Добро, кажи му дека и јас ќе дојдам таму!”

Пред тоа му се јавив на Владо Бучковски, министерот за орбрана и му кажав каде ќе одам и кога ќе го прифатам. Му реков дека би било добро да дојде и тој во касарната"Илинден".

Постепено во канцеларијата на командантот на гардиската бригада во касарната "Илинден", се собраа скоро сите од Државниот врв на РМ, освен Стојан Андов, Илинка Митрева и Љубе Бошковски.

Со Љубе Бошковски се обидував да воспоставам контакт, но не можев, се обиде и Премиерот, барем така ми велеше. Со генерал Ристо Галевски воспоставив контакт и му насочив дека Премиерот порача, ако имаш контакт со Љубе Бошковски, да му кажеш да ми се јави.

Состојбата пред Собранието се повеќе се усложнуваше, сите ја следевме преку ТВ екраните во канцеларијата на командантот на гардиската бригада. Од час во час се повеќе се комплицираше и можеше да излезе од секаква контрола.

Во еден момент се појави полицијата од резервниот состав, со оружје и се приклучи на граѓаните, а потоа и еден вод питомци од Воената академија. Добив информација: "Намерата на резервните полицајци им била заедно со останатите граѓани кои се пред Собранието да тргнат кон Бит-пазар. Многу размислувања од присутните, ценење на состојбата разни предлози како да се постапи итн. Беше само едно сигурно, доколку се дозволи толпата да тргни кон Бит-пазар, беше неизбежен општ хаос и жртви. - Премиерот побара да ја ангажираме војската, да се затворат мостовите на р. Вардар - "Армијата не може да се ангажира бидејќи нема уставна надлежност за таква задача", одговорив - "а посебно е тоа што не е оспособена за ваква состојба. - "Предлагам, рече Љубчо Георгиевски, да му се нареди на генерал Ристо Галевски веднаш да ги затвори мостовите преку р. Вардар со полициски сили". (Се мислам дали сета оваа работа не е однапред договорена!?") Предлогот беше прифатен од присутните, но со Љубе Бошковски, министерот за внатрешни работи, не можевме да стапиме во контакт. Целата јавност беше запозната со се што се

случуваше пред Собранието, бидејки целиот случај директно се пренесуваше преку ТВ медиумите.

Јас, лично, имав и други проблеми: Арачиново беше блокирано, а таму остана составот на НАТО силите што отидоа да ги извлечат терористите. Односно 7 автобуси и други возила, со обезбедување од војници, пред се Американци. По нашите сознанија, во петте санитетски хамери имало тешко ранети припадници на терористите, а во автобусите дел од т.н. борци, од кои биле преоблекувани со униформи на НАТО, т.е. во американски униформи. Секако дека не заборавив што ми рече Претседателот истиот ден во 9 часот кога бев кај него “значи тие во Арачиново имале некои нивни луѓе, а Џ. Робертсон му ветил дека ќе му даде список на тие лица,”.

Бидејќи сите патишта беа блокирани од полицијата, народот и единиците на АРМ за излез од Арачиново, секој обид да се извлече составот на НАТО беше доведен во прашање. НАТО не дозволуваше возилата да бидат проверени од полицијата, односно што се превезува во истите (во санитетските, автобусите и двата камиона) по цена да отворат и оган од обезбедувањето. Доколку би дошло до таква состојба, тоа би значело директен судири помеѓу НАТО и безбедносните сили на РМ. Од таа причина неколку пати полковник Роберт Линч - американски воен аташе во РМ, бараше контакт со мене со цел да се извлечат силите на НАТО од Арачиново.

За да не се искомплицира и така комплицираната состојба му одобрив на бригадниот генерал Стојановски Мирослав да стапи во контакт со полковник Р. Линч и да ги извлече силите на НАТО кои беа блокирани во Арачиново. Во текот на ноќта 25/26.06 2001 г. со помош на 6. одред “Волците” од Арачиново, кон хотелот “Белви”, по селски земјени патишта беа извлечени силите на НАТО од селото Арачиново. Утрото на 26. 6. 2001 г., американскиот амбасадор и полковникот Р. Линч, военият аташе, изразија голема благодарност за помошта од страна на АРМ за извлекувањето од Арачиново . На 27. 6. 2001 г., добив оперативен извештај -од КФОР во следнава содржина:

“Бригадата на КФОР за обезбедување на границата од Косово кон РМ (МНГ - исток) извести дека во 5,30 часот ова утро фатиле 27 лпца, мажи на местото ЕМ 436777 (Долно Злокуќани, Косово), четворица од нив имале рани од борби и биле евакуирани по воздушен пат во болницата во кампот “Бон Стил”, а останатите 23 биле однесени во затворскиот камп во “Бон Стил”. Немаше известување за пронајдено оружје.” По секоја веројатност тоа е тој “список” што е ветен дека ќе го достават по извлекувањето од Арачиново.

28.06.01 11:30

NATO /KFOR CONFIDENTIAL

Operations and Intelligence
Exchange

Размена на операции и разузнавачки информации

CONTROL NUMBER
YEAR: 2001
VL NO: 1608

1. ORIGINATOR: KFOR -
1. БАРАТЕЛ КФОР

TIME SUBMITTED 1045, 28 Jun 01 с. Топљана Маало (јужно од д ВРЕМЕ НА ПОДНЕСУВАЊЕ 1045, 28 јуни 01 д злокукане Косово

Time of Rwsponse:
Време на Одговор:

NCCC LOG NUMBER: 1608
НЦКС Број: 1608

2. SUBJECT: Apprehension of 27 men
2. ПРЕДМЕТ: Фаќање ан 27 лица

3. EXCHANGED OPERATIONS or INTELLIGENCE:

MNB(E) reported that at 0530 this morning, they apprehended 27 military aged males at EM 436777. Four of them had combat related wounds and were air evacuated to CBS Hospital. The other 23 men are now being taken to Bondsteel Detention Camp. There were no reports of any weapons found.

3. РАЗМЕНЕТИ ОПЕРАЦИИ или РАЗУЗНАВАЧКИ ИНФОРМАЦИИ:
МНБ(ИСТОК) ИЗВЕСТИ ДЕКА ВО 0530 ЧАСОТ ОВА УТРО ФАТИЛЕ 27 ЛИЦА НА ВОЗРАСТ НА ВОЈНИЦИ, МАЖИ, НА ЕМ 436777. ЧЕТВОРИЦА ОД НИВ ИМАА РАНИ ОД БОРБА И СЕ ЕВАКУИРАНИ ПО ВОЗДУШЕН ПАТ ДО БОЛНИЦАТА ВО КАМПОТ БОНДСТИЛ. ОСТАНАТИТЕ 23 ЛИЦА СЕ ОДНЕСЕНИ ДО ЗАТВОРСКИОТ КАМП ВО БОНДСТИЛ. НЕМАШЕ ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРОНАЈДЕНО ОРУЖЈЕ.

4. DISSEMINATED TO: The MOD
4. ДИСЕМИНАЦИЈА ДО: МО

5. REMARKS/ACTION TAKEN:

Фото-копие од извештајот на КФОР за извлекување на 27 лица. Се претпоставува дека се тие 30 лица за кои беше заинтересиран Генералниот секретар на НАТО, а во разговорот со Б. Трајковски му ветил дека ќе им ги даде имињата.

Се надевам дека еден ден албанската страна за Арачиново ќе ја опише својата голгота во тие денови, во интерес на историјата. Сепак, на сите случувања, понижувања, притисоци итн “Планерот и режисерот” на кризата во РМ успеа набрзо да се потпише прекин на огнот и да се седне на маса за политички договор и затоа Арачиново беше измислено како би се прекинале воените дејства и на поинаков начин да се решава кризата, по цена на сите понижувања на Р. Македонија и на нејзините безбедносните сили кои храбро го бранеа нејзиниот интегритет и државност.

## СОСТОЈБИ ПОСЛЕ ВОЕНАТА ОПЕРАЦИЈА ВО АРАЧИНОВО

“Арачиново”, беше потребно да се случи - со цел воената криза да се решава со политички средства. Со таа цел, покрај другото, од Владата беше формирано Координационото тело. За работењето и придонесот во разрешувањето на воената криза на ова тело, немам намера да пишувам бидејќи има стенограми за секоја седница, на која беа донесени и конкретни заклучоци. Координативното тело имаше мандат да врши проценки на состојбата, анализи и да предлага конкретни решенија на Владата и Претседателот на државата. Беше замислено да функционира нешто слично како и во СРЈ - заради решавање на проблемите со Косово.

Координационото тело требаше да ја олесни работата на Претседателот на државата и на Владата на РМ - кои имаа и други ангажмани. Ова тело целосно беше замислено да придонесе во разрешувањето на сите проблеми. Покрај тоа активно да се вклучи и албанскиот фактор од широката коалиција, а не само Државниот врв - како што функционираше пред Арачиново.

Меѓународните фактори даваа големо значење на работењето на оваа тело во разрешување на кризата со политички средства.

Од формирањето на ова тело, после неколку седници се покажа дека тоа тешко ќе функционира во решавањето на некои побитни прашања во врска со воената криза. Но сепак, тоа тело имаше голем придонес во расчистувањето и санирањето на просторот каде што се водеа пред тоа воени дејства, како во: Тетовско, Кумановско, а посебно во с. Арачиново. Дел од министрите, посебно од партијата ВМРО-ДПМНЕ не беа редовно присутни, а некои и го бојкотираа тоа тело нарекувајќи го “Клуб за дебатирање”. Но, сепак, Координационото тело ги разрешуваше сите, пред се технички, па и политички проблеми во разрешување на воената криза.

Покрај Координационото тело беше формиран и Кризен штаб во кој се слеваа сите информации во секое време, во текот на 24

часа. Раководителот на Кризниот штаб воедно беше и член на Координатционото тело - односно беше формиран Центар за менаџмент и кризи, а носител на тој орган беше Министерството за одбрана. Во Центарот членуваа личности скоро од сите министерства кои беа именувани во Координационото тело.

После случајот во Арачиново во РМ, покрај сите акредитирани меѓународни претставници и институции од НАТО, ОБСЕ и др - остана и Питер Фејт, личен претставник на Генералниот секретар на НАТО, кој ги координираше сите активности помеѓу безбедносните сили на РМ и т.н. ОНА и тоа директно со посредување. Истата личност посредуваше во Косово, односно во распуштањето на т.н. Армија за ослободување на Прешевската долина: Прешево, Медвеџе и Бујановац. Питер Фејт дирктно контактираше пред се со Претседателот на РМ и настапуваше доста арогантно, па дури дрско и ултимативно што ми беше многу чудно. Во една прилика пред целиот македонски Државен врв го прашав: "Господине Фејт, Вие да не сте командант на т.н. ОНА, што со толкава сигурност тврдите!?" - а се работеше за прекин на огнот. Господинот Питер Фејт секојдневно беше во контакт со Претседателот, и со сите нас, и со Али Ахмети, и секако и со Генералниот секретар на НАТО.

Иницијативата за завршување на воената криза со политички средства - со цел: "за завршување на кризата која го нарушуваше мирољубивиот демократски развој на РМ и која, воедно, претставуваше директна закана на регионалната стабилност" - доведе до потпишување на спогодбата за безусловен прекин на огнот. Покрај другото П. Фејт имаше испратено писмо до Илија Филиповски, потпретседател во Владата на РМ. (Писмото е цитирано подолу во истава книга).

Лично не бев ангажиран за прифаќање или неприфаќање на условите и барањата од страна на посредникот Питер Фејт. На 5. 7. 2001 г. дојде до потпишување на договорот од првото барање во писмото: "Траен прекин на огнот; почитуван од сите страни!" Не ми беше познато кој го составил текстот на писмото за траен прекин на огнот, но мене и генерал Ристо

Галевски не повикаа истото за да го потпишеме, иако не бевме членови на Владата на Р. Македонија.

Прифативме обврски - односно Владата на РМ одлучи во целост да се почитуваат обврските од Спогодбата, секако од двете страни, со посредство на пратеникот Питер Фејт.

Во спогодбата, покрај другото, се прецизира дека прекинот на огнот се однесуваше на сите оружја, вклучувајќи го поставувањето на мини и други импровизирани експлозивни направи, како и задржување на позициите на безбедностните сили без користење на прекинот на огнот за промена или за подобрување на тие позиции. Но, сепак, Спогодбата даваше за право употреба на неопходна и пропорционална сила, потребна само за самоодбрана и одбрана на другите или од престоен напад во мерка "во мека ограничена по степен, интензитет и траење, неопходно за одбрана и ништо повеќе".

Секако дека сите обврски на двете страни беа пред се обврски пред НАТО.

По потпишувањето на спогодбата, терористичките групи, пред се во Тетовско, отпочнаа со провокации и обид за проширување на територијата, посебно на просторот каде беа чисто македонски села или мешани села со Албанци и Македонци. Одбираа простор во оние подрачја каде се наоѓаа полициски сили од МВР пред потпишувањето на Спогодбата за прекин на огнот.

Патот Тетово - Порој - Јажинце го обезбедуваа полициски сили, распоредени и тоа во с. Лешок: 20 полицајци во с.Теарце: 70, во с. Вратница; 120, во с. Јажинце: 25, во с. Јегуновце: 100 полицајци, во с. Ратае: 50, во с. Желче: 70 полицајци во полициските но и резервните полициски станици и на 5 полициски пункта со по 15 полицајци во моментот на потпишувањето на спогодбата на 5. 7. 2001 г.

Покрај овој простор, МВР ги обезбедуваше сите јавни патишта, непречено движење Скопје - Тетово - Гостивар - Маврово -

Дебар, односно на просториите што не беа опфатени со воените дејства до 5. 6. 2001 година.

Според извештаите од потчинтетите единици на АРМ: единици на ДТГ претежно беа во следните места.

Групата терористи што беше извлечена од с. Арачиново беше стационирана во с. Никуштак, с. Виштуца, с. Ропалце, а ранетите во с. Грушино. Во ова подрачје не беа изведувани воени дејства во текот на мај и јуни 2001, додека терористите беа разместени после договорот со НАТО за извлекување од с. Арачиново. На просторот на с. Никуштак отпочнале да организираат одбрана пред селото. Месните жители во с. Никуштак не се согласиле со постапките на т.н. ОНА, па терористите почнале да им се светат, така што, на 27. 6. 2001 г. запалиле 10 куќи и отпочнала меѓусебна пресметка во с. Никуштак која траела од 14,30 до 18 часот. За да се смири состојбата претставниците на Меѓународната заедница преслекле околу 30 најзакоравени терористи во униформи на КФОР и заедно со 4 тешко ранети ги извлекле од тој простор (Извештај од командантот ОТГ - 1)

На 28. 6. 2001 г., со помош на меѓународниот Црвен Крст сите полесно ранети од с. Арачиново кои без наше знаење беа сместени во с. Грушино и потоа беа извлечени и одведени во непознат правец.

За ова извлекување на ранетите, господин Франсоа, шеф на Црвениот Крст во РМ, објасни дека, тој имал такво одобрение од Координативното тело за справување со криза и од министерот за труд и социјална политика при Владата на РМ. По судирот на мешатаните од с. Никуштак со терористите, истите на 29. 6. 2001 г., се повлекоа северно од с. Никуштак. Односно извлечените терористи од Арачиново не биле прифатени во ниедно село во Кумановско каде пред тоа не беа изведувани воени дејства, па сите терористи во Кумановскиот простор, претежно биле разместени во с. Матејче, Отља, Липково, Слупчане и Ваксинце.

Целиот Липковски регион беше под контрола на АРМ, посебно патот Арачиново - Никуштак - Умин Дол - Куманово. Секакво движење по овој пат беше под строга контрола на АРМ, како и сите патни правци од с. Матејче - Отља - Липково - Слупчане - с. Ваксинце кои изведуваа кон границата за Косово преку Скопска Црна Гора беа затворени. Така што во Карадачкиот регион терористите останаа само во неколку села, без перспектива за било какви дејства или подобрување. На тој простор бригадниот генерал Мирослав Стојановски со единиците за борба против тероризам и останатите единици од Првиот армиски корпус кои претходно беа распоредени, ја презеде командата за натамошни дејства.

Во Тетовскиот регион каде што беа распоредени единиците од Вториот корпус: Попова Шапка, Шар Планина, Гостивар, Стража, Дебар, Струга и превојот Стража - Кичево беа под целосна контрола и не дозволуваа било какви провокации или проширувања на т.н. ОНА.

На картата се гледа дека патот Тетово - Јажинце го обезбедува полицијата, а не АРМ со полициските станици и резервните полициски пунктови.

АРМ, пред потпишувањето на спогодбата за прекин на огнот, во својот состав имаше 18.468 припадници - човечки фактор, 54 тенкови со оспособени послуги, 40 хаубици 122 м/м, 10 лесни ракетни лансери 128 м/м со послуги, повеќе цевни фрлачи на ракети 128мм, 4, оклопни транспортери 135 со послуги, хеликоптери “МИ - 24 - 8”, “МИ - 8 - 4”; “МИ - 17”.

Според расположените податоци пред потпишувањето на Спогодбата за прекин на огнот, т.н. ОНА во тоа време беше полуразбиена, без резерви и редовно снабдување со слабо вооружување, претежно лесно пешадиско оружје, со слабо оспособени новорегрутирани припадници - односно во сите т.н. бригади располагаа во: 111. бригада со 50 - 100 борци, 112. бригада со 350 - 500 борци, 113. бригада со 300 - 400 борци, 114. бригада со 175 - 225 борци, таканаречените специјални единици со 40 - 50 борци, односно со бројната состојба вкупно од 915 - 1775 припадници, распоредени од Куманово до Скопје

и од Тетово до Дебар. Со Генералштабот на т.н. ОНА распореден во Призрен раководеше Г'зим Острени, а Али Ахмети “Абаз”- политички директор.

Од господинот Питер Фејт беше испратено писмо до Владата на РМ, што претставуваше одговор на барањето на Борис Трајковски, претседателот на РМ. Заради увид врз содржината на писмото го пренесуваме во целосност:

...

“Како одговор на писмото на претседателот Б. Трајковски од 14 јуни 2001, со кое се бараше помош од НАТО за разоружување на етничките албански вооружени групи, имам чест да Ве информирам дека Етничките албански вооружени групи дадоа обврска за нивно разоружување, што ќе претставува еден од елементите на САС (Северно атлански совет) НАТО да обезбеди помош за оваа цел во тесна координација со вашите власти. Властите на РМ ќе бидат известени за деталниот воен план за собирање на оружјето, изработен од командантот на наменските сили “Жетва”, отакако САС ќе одлучи да овласти разместување на силите. Како што знаете предусловите за ваквото разместување се следниве:

- Траен прекин на огнот почитуван од сите страни;
- Општ политички договор меѓу главните политички партии;
- Договор со властите на РМ за статусот на наменските сили Жетва и услови по кои наменските сили “Жетва” ќе ја спроведат својата мисија;
- План претставен од НАТО, а прифатен од Владата на РМ кои ги определува модалитетите и временскиот простор за предавањето на оружјето, вклучувајќи и експлицитна согласност на етничките албански вооружени групи за нивна подготвеност да го предадат целосно своето оружје”.

Мисијата на наменските сили “Жетва” ќе има за задача да спроведе ограничени операции во РМ со цел да го собере и отстрани оружјето и муницијата од разоружените етнички албански групи како дел од процесот на разрешување на кризата во земјата. Силите ќе бидат ангажирани во ограничен

временски период при што самата операција на собирање на оружјето нема да надмине 30 дена. Тие ќе бидат мултинационални сили со големина на бригада.

Како што знаете, правните советници од НАТО и од ваша страна, работат на официјален договор кој ќе го дефинира статусот на наменските сили “Жетва” и персоналот на тие сили, вклучувајќи и договор за бараната поддришка на земјата домаќин. Наменските сили “Жетва” се овластени да употребат сила во самоодбрана за заштита на силите и за спроведување на мисијата, вклучувајќи ја и можноста да приведуваат лица кои ќе го попречуваат спроведувањето на мисијата како што е тука прикажана.

Наменските сили “Жетва” ќе извршат пасивно собирање на оружјето од Етничките албански вооружени групи и ќе го координираат движењието и уништувањето на оружјето и муницијата. Собраната муниција и експлозинви средства ќе бидат уништени во земјата. Собраното оружје ќе биде отстрането и уништено во трета земја, освен ако командата на наменските сили “Жетва” смета дека тоа не е безбедно. Претставници на РМ ќе бидат поканети од командата на наменските сили “Жетва” да ја набљудуваат операцијата.

Прво. Оние членови на вооружените групи кои ќе го предадат своето оружје и муниција нема да бидат приведени, освен во одредени случаи заради преземање на мерки за заштита на силите или самоодбрана или за ефикасно спроведување на мисијата.

При извршувањето на својата мисија, наменските сили “Жетва” ќе воспостават ангажмани за поврзување со вашите централни и локални власти со цел да се овозможи создавање координација и да се обезбеди целосна транспарентност при извршувањето на операцијата. За време на операцијата за собирање на оружје државните безбедносни сили нема да бидат присутни во тие области кои ќе бидат одредени како локација за собирање на оружјето. Претставниците на РМ, овластени од командата на наменските сили, “Жетва” ќе бидат поканети да ја набљудуваат операцијата.

Поканети сте да ја прифатите одговорноста за безбедност и слобода на движењето на НАТО силите и на меѓународниот персонал вклучен во процесот на разоружување во РМ и да ги преземете сите можни мерки за минимизирање на ризикот на нивната безбедност надвор од локациите за собирање на оружјето и да прифатите такви времени дислокации на своите безбедносни сили или нивни ограничувања какви што ќе ги одреди НАТО за да може да го реализира разоружувањето.

Сметам дека постојат голем број мерки кои вашата Влада мора да ги преземе за да биде успешна операцијата. Прво, како мерка за градење на доверба од вас се бара да прекинете со сите воени воздушни операции за време на операцијата, со исклучок на оние кои се вршат за редовните логистички потреби на безбедносните сили на РМ и за евакуација на жртви во вонредна состојба, кои ќе се извршат во координација со командата на наменските сили “Жетва”. Понатаму, од Вас се бара да го повлечете тешкото вооружување и вонредно разместените сили во гарнизоните за време на собирањето на оружјето од етничките албански групи, истовремено водејќи сметка за барањата за заштитата на безбедносните сили на РМ.

Второ, како што е предвидено со Планот и Програмата, со цел да се надмине кризата, треба да им се дадат можности на припадниците на етничките албански вооружени групи за реинтеграција во опшеството, вклучувајќи и адекватна амнестија.

Трето, по завршувањето на операцијата државните безбедносни сили, со учество на етничките албански полицајци, ќе ги извршуваат нормалните мирновременски обврски за спроведување на Законот во сите делови на земјата, без спротивставување или попречување. Притоа спроведување, безбедносните сили строго ќе се придржуваат кон меѓународните хуманитарни стандарди и општите принципи на човечките права и ќе прифатат набљудување од страна на ОБСЕ и ЕУМ. Вашите власти да обезбедат да не дејствуваат никакви нерегуларни сили вооружени цивилни групи во кризните региони.

Би бил благодарен доколку добијам Ваше писмено потврдување дека содржината на ова писмоја сочинува основата за спроведување ан операцијата.”

Со почит,
Питер Фејт,
Личен претставник на Генералниот секретар на НАТО

Писмото секако беше прифатено во целост, вклучувајќи ја реинтеграцијата и амнестијата од страната на Владата на РМ, но како реагираше другата страна, односно т.н. ОНА - т.е. политичкиот директор на организацијата Али “Абаз” Ахмети и Г’зим Острени како началник на Генералштабот на ОНА.

Во еден извештај, во почетокот на јуни 2001, покрај другото стои: “Во 18,12 часот Али Ахмети и Г’зим Острени го информирале командантот “Илир” (кој се наоѓал на Шар Планина)” дека т.н. ОНА од моментот на своето создавање досега имала најдобри резултати на политички план, затоа што успеале да ја збунат целата меѓународна заедница со потпишувањето на договор помеѓу ПДП, ДПА, Европската Унија, НАТО и македонските политички партии како прв чекор до започнувањето на преговорите на Македонците со претставниците на т.н. ОНА... “Според Ахмети, Тахир Н., заедно со лицето од ПКК во текот на денешниот ден ќе пристигне во Куманово бидејќи очекуваат некои политичари да одат во Косово на разговор”...

Видливо е дека Арачиново беше измислено поради прекинување на воените дејства, а состојбата натаму да се решава политички, вклучувајќи ја меѓународната заедница, посебно НАТО, иако тогаш безбедносните сили на РМ беа во највисок степен на подготвеност одкога почна воената криза, а т.н. ОНА, беше во тешка состојба за понатамошно опстојување и водење на вооружената борба. Тогаш т.н. ОНА немаше повеќе од 750 - 1500 припадници - слабо вооружени. Запад тоа многу добро го знаеше. АРМ имаше околу 20 000 борци, респективно вооружување, поддршка од некои пријателски земји и тоа не само политички туку и во воена опрема и вооружување. И во

такви околности доаѓа до потпишувае на спогодбата за безусловен прекин на огнот како прв потег за натамошно политичко разрешување на воената криза. Доколку не би се постапило како што “предлагаше” “Режисерот” на воената криза- тогаш се што беше преземено во претходните 4 месеци: воени дејства, вклучувајќи ги и жртвите на “Етничките албански вооружени групи” би било залудно. Веројатно така размислуваше “Режисерот” на воената криза во Р. Македонија.

Спогодбата за безусловен прекин на огнот ја потпишаа двајиа генерали од РМ - началникот на Генералштабот и командантот на полицијата во име на Владата на РМ, иако не беа членови на Владата и не учествува во претходните разговори, а од другата страна Питер Фејт - личен пратеник на Генералниот секретар на НАТО, се разбира, со писмено барање од Претседателот на РМ, испратено пред операцијата во Арачиново, односно како што стои во одговорот на писмото од страна на Питер Фејт испратено до Владата на РМ: “Како одговор на писмото на претседателот Трајковски од 14 јуни 2001 г. со кое се бараше помош од НАТО за разоружување на Етничките албански вооружени групи”.

Содржината на писмото од Борис Трајковски не ми беше позната, но сосема беше јасен одговорот на тоа писмо од претставникот на НАТО - Питер Фејт.

Секако дека од сите услови, поставени за разоружување на “Етничките албански вооружени групи” прво беше спогодба за прекин на огнот.

Во таа спогодба, условно наречена, испратена до г-дин Питер Фејт, а потпишана од мене и генералот Ристо Галевски, пишувана во форма на писмо, искажано е следново:

“Почитуван г-дин Питер Фејт,
Имам чест да ве изестам за следново:
Подготвени за завршување на кризата која го нарушува мирољубивиот демократски развој на РМ и која, воедно, претставува директна закана за регионалната стабилност.
Верувајќи дека безусловниот прекин на огнот чии што услови

се потврдени подолу, претставува конкретен чекор кон поширока цел да се разреши кризата.

Поздравувајќи ја намерата на НАТО, да помага во разоружувањето и распуштањето на вооружените "Етнички албански групи" и одобрувајќи го присуството на мисијата на НАТО за оваа цел, и предусловите за нејзиното распоредување, и давање помош во процесот на разоружување, а особено:

-дека мора да се постигне генерален, безусловен и постојан прекин на огнот и

-дека мора да се оствари доволен прогрес во дијалогот помеѓу политичките партии, како што е дефинирано од страна на НАТО и ЕУ.

Потврдувајќи ја својата посветеност кон имплементирање без одлагање на планот за градење на мерки на доверба Владата на РМ одлучи како што следува:

1. Безусловно да ги почитува и ќе се придржува кон прекинот на огнот и ќе се воздржува од сите воени дејства, употреба на сила и незаконски дејства против етничките албански вооружени групи;

2. Го признава и да се придржува кон дополнителниот Протокол на Женевската Конвенција (Протокол II) од 12 август 1949 г. во врска со Заштитата на жртви во меѓународен конфликт;

3. Прекинот на огнот се однесува на сите безбедносни сили во АРМ. Владата на РМ ќе обезбеди одредбите од овој документ исто така да се применат кон било кој нерегуларни сили и вооружени цивилни групи;

4. Под вооружени сили се сметаат сите страни групи и поединци кои го прифаќаат авторитетот и командата на Владата на РМ, вклучувајќи ги регуларните сили, полициските сили, граничната полиција, армиските и полициските резерви, воена полиција, разузнавачките служби, македонското министерство

за внатрешни работи и локалната специјална полиција за антитероризам и полиција за одржување на јавниот ред и мир:

5. Бара да се обезбеди меѓународни набљудувачи;

6. Одредбите од прекинот на огнот ќе стапат во сила од 00.01 часот на 6 јули 2001 г.

7. МОДАЛИТЕТИ

а) Прекинот на огнот се однесува на сите оружја, вклучувајќи го и поставувањето на мини или др. импровизирани направи.

б) Владата на РМ ги презема сите можни мерки за да осигура безбедност и слобода во движењето на целиот персонал на меѓународната заедница.

в) Тие ќе ја задржат сегашната позиција на нивните вооружени сили, освен онаму каде што ќе се постигнат натамошните аранжмани со кои се овозможува локално дезангажирање или онаму каде што владините сили се упатени да се вратат во касарните. Нема да го користат прекинот на огнот за подобрување на нивните позиции.

8 ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

а) По стапување на прекинот на огнот, силите за спроведување на Законот се обврзуваат да дејствуваат без пристрасност и потполно да ги применуваат заканите на РМ, без каква било етничка, верска или расна предрасуда.

б) Ни една од наведените одредби за прекинот на огнот нема да бидат толкувани како губење на неотуѓивото право на самоодбрана - самоодбрана значи употреба на толкава неопходна и пропорционална сила потребна за одбрана на себе си и другите од напад или од престоен напад. Секаква употреба на сила мора да биде ограничена на степен, интензитет и траење, неопходни за самоодбрана и не повеќе. Одмаздата не е самоодбрана и ќе претствува прекршување на прекинот на огнот.

Началник на ГШ
Генерал-потполковник,
Панде Петровски с.р.
Генерал,
Ристо Галевски

Прекинот на огнот беше договорен и потпишан на 5. 7. 2001, односно 10 дена по прекинувањето и изведување на операција во Арачиново и извлекувањето на терористите од страна на НАТО. Значи, многу брзо и експедитивно!...

На 30 минути пред потпишувањето (5. 7. 2001) бевме повикани: јас (генерал Петровски) и генерал Ристо Галевски да го потпишеме. Кој го составувал тоа писмо (или спогодба за прекин на огнот) не ми беше познато, меѓутоа, може да се констатира од содржината дека ги опфаќа сите барања кои Питер Фејт им ги доставил со писмо до Владата на Р. Македонија.

Не ми беше доволно јасно, зошто писмото (т.е. спогодбата) го потпишувам јас и генерал Ристо Галевски во име на Владата на РМ кога ние не бевме членови на истата!? Ни беше објаснето дека ние командуваме со вооружените сили и дека ќе издадеме сопствени писмени наредби за целосно спроведување на истото. Истата содржина, во вид на договор за прекин на огнот, другата страна ќе потпише со посредство на Питер Фејт. Таков документ не сум видел ни тогаш ни после тоа - веројатно Владата располага со документ потпишан од Али Ахмети или Г'зим Острени.

Без оглед на моите размислувања, доследно го прифатив и го потпишав документот за безусловен прекин на огнот бидејќи вкупната состојба во РМ, во која беше односно вмешаност на меѓународната заедница, а посебно на НАТО и воената криза да отпочне да се решава со политички средства и истата што побрзо да се резреши да не би се случила граѓанска војна во РМ, а уште полоше поделба на Република Македонија.

Истиот ден издадов сопствена наредба на потчинатите единици за спроведување на договорот за прекин на огнот.

Влеговме во фаза кога со помош на посредници, олеснувачи, отпочна да се решава воената криза, се разбира според Планот за мирно разрешување.

На самиот почеток на кризата предизвикувачите јавно ги нарековме терористи, иако самите се нарекоа ОНА (Ослободителна армија). Секако дека според нивниот начин на воени акции, употребувајќи класични методи на терористички дејства, посебно во Кумановско и подоцна (држење во заложништво граѓани, малтретирање, уцени, подметнувања на јавни патишта, поставување заседи надвор од зоната на воеnото дејство итн) беа терористи.

На самиот почеток т.н. “ОНА” сама се дефинираше како организирана бунтовничка војска која имала за цел: “добивање на поголеми права за албанското малцинство во РМ”. За добивање на “посебни” права со извршување на терористичките дејства некако е сфатливо бидејќи во денешни услови често се случува, но за добивање на “посебни” права со организирање на “востаничка организирана армија” - тоа претставува воена револуциија за постигнување на радикални измени во државата. Воената револуција никогаш сама за себе не оди - мора да е водена од политички структури и тоа внатрешно- политички структури кои ги поставуваат целите во самата држава каде се изведува истата и пред меѓународниот фактор. Во нашиот пример, во однос на подршка на”Востаничката организирана армија” уште со самото појавување беа подржувани и тоа од политичките структури кои беа на власт, а подоцна и од опозицијата (преговорите во Охрид) од албанскиот блок.

Доколку во почетокот на конфликтот Владата на РМ јавно ги дефинираше целите на “востаничката Армија”, а не ги нарекуваше терористи, текот на разрешувањето ќе добиеше поинаква конотација во РМ и во меѓународната заедница - посебно што албанскиот блок на партии директно беа во Владата на РМ и во сите други државни структури. Сето ова и се што се случуваше до прекинот на огнот ме наведува на

заклучок дека "Воената криза во РМ е однапред договорена со внатрешно политички структури во РМ кои беа на власт и строго контролирани од меѓународниот фактор поради постигнување на радикални политички цели". (промена на Уставот и се од тоа што произлегува). Според претходно истакнатите случувања и документи, видливо е дека Меѓународната заедница им даваше отворена подршка во остварување на целите, под вид "кризата да се реши со мирни средства" - но сепак "воената револуција, односно воената криза" отпочна однадвор, од странска држава, со уфрлување на легални единици (Заштитен корпус од Косово), а за цело време, до потпишување на договорот за прекин на огнот, раководена и командувана од Призрен каде што беше Генералштабот и раководството на ОНА - со кои директно се комуницираше со внатрешно-политичките структури во РМ, а дури и таму - во Приштина и Призрен легално одеа на состаноци. Сепак, иако сето тоа беше познато нашите државни структури ги нарекуваа ДТГ (Дивезантско-терористички групи - терористи). Уште при прекинот на операцијата во Арачиново - Питер Фејт отворено ми рече: "Господине генерале, тоа не се терористи, тоа е етиничка востаничка вооружена организација и војска која ги бара своите права во Вашата држава, со нив мора да се постапува според Женевската конвенција". Тоа не ми го рече само мене, кога говореше беа присутни министри и други владини функционери и никој од нив не реагираше.

По моето повторно влегување во активна служба во АРМ, од самиот почеток ми беа многу нелогични два различни става за разрешување на воената криза - во државниот и во воениот врв. Едните беа кризата да се реши со употреба на воени средства и употреба на сите легални безбедносни сили; Другите застапуваа теза: "кризата да се решава со политички средства, бидејќи тоа биле групи кои не се согласуваат со одредената државна граница меѓу СРЈ и РМ!" Лично сметам дека тогашната владеачка гарнитура ја знаеше вистинската цел на воената криза уште на самиот почеток, но не се осмелуваше да ја прикаже во јавноста. ДПА (политичка партија на Албанците во РМ), како коалиционен партнер во Владата, се задржа до новите избори. Без оглед на двата различни става во начинот на разрешувањето на кризата (кога ќе се донесеше одлука за

употреба на безбедносните сили, ќе се отпочнеше операција и пред да заврши ќе беше прекината. И секогаш со некакво објанување “поради големи цивилни жртви”, “да не се дигне албанскиот народ во востание” итн).

Во суштина, ќе се отпочне воена операција, ќе се постигне воен успех и ќе се вклучеа инструментите за контрола на воената криза, бидејќи така “Режисерот” одобрил, а “Владата да ги употреби безбедносните сили, но со воени средства не може да се решава проблемот” - оправдување пред сопствениот народ, а по прекинувањето на секоја воена операција не реагираа ни тие што ја застапуваа кризата да се решава со политички средства, ни другите - кризата да се решава со воени средства. Па затоа е одбрана третата опција “и топло - и ладно” - воено-политички средства.

Ставот на Претседателот беше познат во јавноста, посебно со неговиот План за разрешување на кризата, односно, Претседателот секогаш се залагаше кризата да се решава со политички средства и со подршка на НАТО, ЕУ и ОБСЕ, правдајќи го својот став за мирно разрешување на кризата, додека премиерот Љубчо Георгиевски се залагаше за целосно воено разрешување на кризата, па дури и да се прогласи воена состојба во РМ. Откога ќе се отпочнеше со воената операција, Премиерот, пред истата да биде прекината, ќе дојдеше на командното место, а после тоа ќе се прекинеше операцијата - класичен пример воената операција во Кумановско и Арачиново. Премиерот и некои околу него јавно се залагаа кризата да се решава со воени средства, а откога ќе се прекинеа операциите не реагираа зошто се прекинало.

Со спогодбата за безусловен прекин на огнот, зад кое стоеше Владата на РМ, во фаза на кризата безбедносните сили на РМ, посебно АРМ, беа во највисок степен на борбена готовност. Така, прекинати беа дејствата, поставени беа услови, како што стои во писмото од Питер Фејт, односно за проблемот за разрешување на кризата директно да се вклучи НАТО, ЕУ и ОБСЕ.

## НАСТАНИ ПОСЛЕ ПРЕКИНОТ НА ОГНОТ

Што се се случуваше после 6. 7. 2001 г. во РМ откога стапи на сила Спогодбата за безусловно прекинување на огнот - со посредство на личниот пратеник на Генералниот секретар на НАТО?

АРМ ги задржа сите позиции и реони во која се затекна на 5. 7. 2001 г. Во реонот на Сува Гора (с. Гргурница - Седларево) се добибија сознанија дека теренот се подготвувал за престој на ДТГ, бидејќи во Тетовско немале можност за проширување поради присуството на јаките армиски и полициски сили. Обидот да ја заземат Попова Шапка и таму да се смести командното место на т.н. ОНА беше неуспешен во два наврати бидејќи тие беа разбиени. Во с. Рашче беа распоредени полициски сили и теренот целосно беше под контрола. Но, ценејќи го целиот тој простор, посебно изворите во Рашче и пошироко, имавме одлучено борбените единици на Командата за одбрана на град Скопје (КОГ) да се засили со 8-та пешадиска бригада од Велес и да се распореди на просторот Рашче и пошироко. Со распоредувањето на 8. ПБР (Осма пешадиска бригада) во целост главните објекти околу Скопје беа поседнати и ставени под контрола на КОГ - Скопје. Се обезбеди и поширок терен да се контролира со дејство од дистанца (ВВ и ПВО и артилерија); па дури и во ловиштето Јасен беа поседнати позиции со една батерија од 122 м/м, поради поддршка на единиците на тој простор, беа намалени можностите ДТГ да се прошируваат на Сува Планина. Обидот на една ДТГ, да ја поседне раскрсницата на патот од с. Мерово кон с. Седларево беше разбиена на самиот почеток.

На 03. 07. 2001 г., хеликоптер на КФОР (УХ - 60) летајќи од с. Драчево кон Водно во реонот на ТТ - 416 (тригонометриска точка над населбата Пинтија (ЕМ 390442), во непосредна близина на Скопје, го активира уредот за противракетна одбрана (ИЦ мамки), а потоа изврши трипати огнено дејство од митролез.

На наше предупредување и реакција, добивме одговор дека по истиот било дејствувано од страна на ДТГ, секако дека не е

точно бидејќи таму воопшто немаше од нив. Секако дека е тоа почеток во директно дејство на силите на НАТО, односно КФОР пред потпишување на Спогодбата за прекин на огнот, иако КФОР за такво дејство немаше мандат.

Спогодбата за прекин на огнот во целост не се почитуваше до потпишувањето на Рамковниот договор во Охрид. Во дневните извештаи од потчинетите команданти регистрирани беа 139 директни напади врз позициите на македонските безбедносни сили и тоа во Тетовско 117, во Кумановско 12 и во скопското кризно подрачје 10 случаи. Во исто време соодветно безбедносните сили на РМ возвратија 74 пати од кои во Тетовско 60, Кумановско 7 и скопско 7. Во јули 2001 погинати беа 5 припадници на безбедносните сили, 25 ранети, 81 случај на киднапирање на цивили (во Тетовско 79 и во Кумановско 2), а истиот месец беа ослободени 61 киднапиран.

Од погоре истакнатото видливо беше дека Тетовскиот простор добиваше значење за проширување на ДТГ. Но тоа проширување не можеше да се изврши на просторот каде што беа распоредени единиците на АРМ-просторот околу Тетово, градот и селата северно од Тетово, затоа беше одбран просторот во селата со македонско население - односно каде што беше распоредена полицијата.

Зошто се случи иселувањето на Македонците од Шарпланинските села?

Самата идеја за иселувањето на жителите Македонци од македонските села или мешаните села со Македонци и Албанци беше многу погрешен потег или смислен потег на поедници кои беа во тогашната Владата на РМ.

Тезата или идејата "дека ние (Македонците и Албанците) не можеме да живееме заедно бидејќи секогаш ќе имало проблеми со албанскиот фактор, поради тоа преселбата од Тетовско на Македонци и чистење на Кумановскиот простор од Албанци" беше нереална.

Тензиите на таквата идеја дојдоа после прекинот на огнот во Тетовско во јули 2001 г. Избран беше многу погрешен метод за иселување на Македонците. Имено, по формирањето на широката коалција во Владата на РМ постепено се создаваше сомнеж за преземање на сериозни воени акции од страна на АРМ, бидејќи "началникот на ГШ бил под влијание на Владо Бучковски и Бранко Црвенковски, односно на лидерите од партијата СДСМ!" Од таквите сомнежи тогаш дојде до дистанцирање помеѓу Министерството за внатрешни работи од Министерството за одбрана - односно се отвори сомнеж во искреноста на системот за раководење и командување, во изведување на заеднички воени акции против ДТГ. Во почетокот таквиот сомнеж не се чувствуваше во извршувањето на воените дејства.

Првите сигнали се појавија во изведувањето на операцијата во с. Ваксинце (25. 5. 2001) во Кумановско. Имено, по успешната акција на единицата на АРМ во истото село, единицата на МВР за специјални дејства "Тигри", со која директно командуваше министерот за внатрешни работи (Љубе Бошковски), откажа послушност - дојдоа до влезот на с. Ваксинце и организирано се вратија во Скопје, а задачата не ја извршија во целост. После ваквата постапка на оваа единица МВР презеде мерки за одредени смени во командниот кадар, што беше сосема исправно. Во средствата за јавно информирање се пласираа разни невистини околу промената на поединци во таа единица. Шпекулациите беа од типот "дека таа единица партиски внатре е поделена" - секако дека ова беше крајно несериозно да се определуваат и манипулираат партиски, посебно што тогаш безбедносните сили на РМ секојдневно изведуваа воени дејства. Мислам дека сето тоа се случуваше поради неизградени ставови помеѓу македонските партии во широката коалиција на кој начин натаму воената криза да се решава. Од таквите ставови повеќепати се случуваше да се повлечат некои полициски станици, па дури и полициски единици, а за таквата постапка да не биде известено Министерството за одбрана - што во кризните региони можеше да биде катастрофално по безбедноста на припадниците на безбедносните сили - што подоцна и ќе се случат такви жртви и иселување на цивилното население.

Различните ставови во разрешувањето на воената криза дојдоа до најголеми тензии во Координационото тело за разрешување на кризата, односно некои министри не присуствуваа на седниците, а министерот за внатрешни работи ова тело го нарече “Клуб за дебатирање”. Од самиот почеток на работата на тоа тело не можеа да се договорат некои битни ставови за начинот на разрешување на кризата. Најповеќе неединство изразуваа министрите од ВМРО-ДПМНЕ со министрите од СДСМ. Подоцна, после прекинот на огнот, Координационото тело, пред се, разрешуваше технички прашања, главно, околу санирањето во кризните подрачја.

Од ваквите различни ставови, лично јас имав голем притисок за начинот на разрешување на кризата, од 3 страни (СДСМ - ВМРО-ДПМНЕ и НАТО). Посебно од НАТО.

Пред потпишување на Договорот за прекин на огнот, на 28. 6. 2001 г., на барање на амбасадорот на НАТО во РМ и командантот на НАТО во РМ, имавме подолга средба. Темата на разговор секако беше состојбата во Р. Македонија.

Во разговорот, покрај другото, амбасадорот на НАТО - Ајиф истакна дека НАТО во РМ бил разочаран од мислењето на јавноста и подвлече: “Ние ги тргнавме терористите од Арачиново, па сме на страната на РМ. Ние понатаму имаме намера да ги разоружаме, сега ги убедивме да престанат со пукање”, и продолжи: “затоа од Вас бараме да употребувате пропорционална сила против нив, бидејќи тоа е многу важно. Ве уверувам дека сега ние водиме разговори, ги убедуваме да престанат со оружјето, да се продолжи со разговори и дијалог. НАТО е подготвен да помогне и со оружје, ќе доведеме и набљудувачи, само да најдеме начин да ги попречиме натамошните дејства итн”.

Во разговорот се вклучи генерал Ланге, командант на НАТО во РМ, го изнесе своето мислење: “Јавноста е дезинформирана за улогата на НАТО и тоа од највисоки претставници во Владата на РМ”. - “Ние сакаме да ги разоружаме албанските бунтовници и правиме напори за мирно разрешување на кризата.

Бунтовниците немаат друг избор и затоа на претежното водство му останува да прифати разоружување и предавање на оружјето - тие тврдат дека ќе го направат тоа без промена на статусот во Р. Македонија”.

Бидејќи тогаш (28. 6. 2001 г.), се уште не бев информиран дека Претседателот испратил барање во писмена форма до Генералниот секретар на НАТО за помош и вклучување на НАТО во разрешување на кризата, а дознав од писмото, (после 5. 7. 2001 г.), испратено до Владата на РМ од страна на Питер Фејт реагирав во тој разговор со зборовите: “Господа, јас сум само извршител во интерес на одбраната на РМ. За Вашите барања и предлози може да одлучува само Претседателот на РМ и Владата. Од Вас барам да не ги вооружувате терористите, да не ги пропуштаат војниците на КФОР од Косово во нашата територија - имам сознание дека турскиот баталјон во составот на бригадата “Југ”, кој ја обезбедува границата на Шар Планина и Рестилица ги пропушта терористите преку Караниколичко Езеро”. Како секогаш, “тие” одглумија дека се изненадени од сознанијата и дека ќе ги испитаат моите предупредувања. Натаму во разговорот нагласив: “Во однос на Вашето барање за употреба на соодветна сила од страна на АРМ кон албанските бунтовници, ние ќе ги употребиме оние средства кои ќе обезбедат успешно разбивање на ДТГ, а притоа да нема цивилни и сопствени жртви” - “Вашата помош секако ја прифаќам за мирно разрешување на кризата и разоружување на терористите доколку имате искрени цели, како што искажавте”.

По потпишувањето на Спогодбата за прекин на огнот имав повеќе средби со воено-дипломатските преставници акредитирани во РМ од скоро сите земји - но средбата со господин Пердју и американскиот воен аташе полковник Р. Линч беше во стилот на давање на насоки за натамошното постапување на АРМ - односно како што истакна Пердју: “Трезвеноста во периодот на прекинот на огнот доколку на некои простори сепак дојде до нарушување од Вас зависи”, и продолжи: “Вие можете да го реализирате овој прекин на огнот или истиот да не успее, а тоа е голема одговорност лично за Вас и Вашата држава затоа во Вас гледаме сите” - “Јас ни по Уставот на РМ, ни по Законот за одбрана не сум фактор кој

донесува одлуки за употреба на АРМ, туку сум извршител на донесените одлуки од Врховниот командант (Претседателот на РМ) и Владата на РМ", му возвратив на Перд}у за советот. - "Ние знаеме за тоа, но сепак ние гледаме што Вие предлагате и кое е Вашето мислење за мирно решавање на кризата, а имаме и довреба во Вас" - на тоа одговори Пердју.

На тој разговор посебно истакнав сомневање дека другата страна ќе ја почитува спогодбата: - "АРМ, како изградена институција, бидете сигурни дека ќе постапува кон потпишаниот документ во однос на безусловниот прекин на огнот. - А исто така, како и досега, продолжив со објаснување, одлуките на Врховниот командант ќе бидат конечни за АРМ". Тогаш Пердју изрази сомневање, истакнувајќи дека не е сигурен и дека и другите институции ќе го почитуваат прекинот на огнот и мирното разрешување, веројатно мислејќи на МВР - "но затоа сме ние тука да помогнеме".

Во создадените услови за прекин на огнот, секако лично, не ни очекував дека веднаш ќе престане, но бев сигурен дека т.н. ОНА нема ниту капацитет, ниту можност да преземе нешто посериозно бидејќи војнички беше во тешка состојба, посебно во Кумановско и Тетовско. Всушност т.н. ОНА беше во состојба на разбиеност.

Пред потпишувањето на договорот, односно после Арачиново. т.н. ОНА со денови никаде не се појавуваше на просторот. За АРМ беше проблем да дознае каде се и зошто не се појавуваат, а бидејќи имавме наредба за дејство исклучиво по "легитимни" цели, односно доколку некоја ДТГ се појави или пројави дејство. Размислував, ангажирав органи да ги следат просторите во РМ, каде претходно немавме воени дејства, случајно да не се појават таму, односно во Гостивар, Дебар итн., но не наидувавме на нив.

Сите претходни искажувања, насоки, предупредувања во однос на натамошното разрешување на воената криза, пред се со директно вклучување на НАТО и другите меѓународни асоцијации, не одеше се како што беше замислено бидејќи некој од внатрешно-политичките структури сакаше поинаку да се

решава кризата, односно да се создаде општ хаос во РМ, да се повтори војната во Босна, а кога има меѓународни сили во државата, а посебно НАТО, секако тешко би дозволиле слично на просторот на Р. Македонија.

Во јавноста, во однос на иселувањето на Македонците од Тетовско, имаше повеќе верзии, кој со која цел ги пласираше. Моите сознанија во врска со иселувањето на Македонците во Тетовско се базираа на одредени факти кои се случуваа тогаш на тој простор.

До 5. 7. 2001 г., односно до потпишувањето на Спогодбата за прекин на огнот, патниот правец Тетово - Јажинце беше обезбедуван од страна на полициските сили на МВР, освен караулата Јажинце која ја обезбедуваше АРМ. Патот беше слободен за движење и граничниот премин Јажинце беше во функција. На целиот простор имаше редовни полициски станици, резервни полициски станици и полициски пунктови со доста респективни сили, со околу 450 активни резервни полицајци.

Лично јас во почетокот немав официјална информција за иселувањето на македонското население од тој простор "дека ДТГ се прегрупираат и дека ги тероризираат Македонците".

Го повикав Питер Фејт, му ја изолжив состојбата за сознанијата дека патот Тетово - Јажинце, го поседнале ДТГ и "доколку истиот не биде ослободен како што е договорено во спогодбата за прекин на огнот ќе се преземат воени дејства за враќање на состојбата пред 5. 7 .2001 г.", му предочив.

Ме замоли господинот П. Фејт, да не преземам воени дејства, туку да му дадам 6 часа да оди во Призрен за консултации со Али Ахмети. За сето ова беше информиран Претседателот и го прифати предлогот на господинот Питер Фејт. Покрај разговорот му доставив и службено предупредување.

Во писмото е нагласено:

“Со ова писмо ние уште еднаш потврдуваме дека македонските безбедносни сили имаат инструкција стриктно да ги почитуваат одредбите кои произлегуваат од заложбите за прекин на огнот од 6 јули 2001 година”.

- Понатаму тие добија инструкции да соработуваат околу аранжманот за демилитаризација на патот и селата покрај патот Тетово - Јажинце, да не влегуваат во тие села и да се воздржат од природно присуство во демилитаризираната област, освен ако добијат поинакви инструкции.

Македонските безбедносни сили нема да ги злоупотребат овие аранжмани што беше дискутирано со Претседателот во однос на областа на патот Тетово - Јажинце

Началник на Генералштабот,
Потпис: Панде Петровски

***

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМИЈАТА
Бр. 30-674/782
26.07.2001 година
СКОПЈЕ

ПРЕДМЕТ: Одговор на информацијата од NCCC број 2423 од 26.07.2001 година

До: Полковник Finney Olsen

Во текот на денешниот ден ја добивме информацијатса за моменталната состојба на теренот предизвикана од страна на терористите. Благодарам на искреноста од Ваша страна.

Молам лично од Ваша страна на почитуваниот Г-дин Питер Фејт, ги пренесете моите ставови и загриженост по следното:

Со непочитувањето на договорот од страна на терористите постигнат помеѓу мене и Г-динот Питер Фејт на ден 25.07.2001

година, очигледно се губи моето лично трпение, верување и очекување за реализација на истото.

Чувствувам потреба да го информирате Господинот Питер Фејт да во колку до 16.00 часот на ден 26.07.2001 година не бидат во целост испочитувани договорените активности, ќе бидам присилен да за остварување на истите се употребат и силите на Армијата на Република Македонија.

Со почит,

НАЧАЛНИК НА ГШ НА АРМ
Генерал
Панде Петровски

Копие од писмото на началникот на ГШ на РМ до Питер Фејт

***

После 6 часа Питер Фејт ми го донесе одговорот од Али Ахмети со следнава содржина:

“Издадов наредба во 6 ч. на 26 јули 2001 г., до единиците на ОНА:
- целосно да се повлечат од патниот правец Тетово - Јажинце, од Тетово до Одра, да прекинат со сите активности на патот и да ги остранат сите пункта и блокади на патот;
- да ги повлечат сите свои борци од селата, покрај и горе споменатиот пат, и да одржат минимално растојание 500 м, од овие села, поради нивна целосна демилитаризација. Секоја заедница може да одреди лице кое ќе дејствува како лице за врска со ОБСЕ;
- да се воздржат од секако тип на провокативна акција која е контрадикторна со прекинот на огнот од 6 јули 2001;
- да дозволат слободно и непречено враќање на раселените лица во горе споменатите области
-целосно да ги почитуваат условите кои доминираат од 6 јули 2001 година;

- услов за горе споменатите точки е целосно почитување на прекинот на огнот од страна на Владата, согласно проценката на меѓународните монитори;
- се разбира дека возилата на АРМ, со претходна нотификација, ќе го користат патот без запирање со цел да ја снабдуваат караулата Јажинце".
Потпис: Али Ахмети

Документот го достави полковник Финес Олсен, помошник на Питер Фејт. Истиот ден му одговорив биедејќи на 26. 7. 2001 и пред писмото од Али Ахмети, повторно се случи провокација од страна на т.н. ОНА. Одговорот на информацијата е заведен под бр. 2423 од 26. 7. 2001 година.

"Во текот на денешниот ден ја добив информацијата за состојбата на теренот, предизвикана од страна на терористите-благодарам на искреноста од Ваша страна. Молам лично, од Ваша страна, на почитуваниот Питер Фејт да му ги пренесете моите ставови и загриженост по следното:

Со непочитувањето на договорот од страна на терористите, а постигнат меѓу мене и Питер Фејт, на 25. 7. 2001, очигледно дека се губи моето лично трпение, верување и очекување за реализирање на истото. Чуствувам потреба да го информирам г-динот П. Фејт со следново: доколку до 6 часот на 26. 7. 2001 не бидат во целост испочитувани договорените активности, ќе бидам присилен да употребам сила на АРМ".

Со почит,
Началник на Генералштабот на АРМ
Генерал,
Панде Петровски

По испраќањето на овој одговор до П. Фејт, истиот ден добив телеграма од НАТО/КФОР.

Во одговорот стои:

"Екстремичките албански терористички групи (ОНА) комплетно се повлечени од Лешок (ЕМ - 0357). На граѓаните од

ова село им беше дозволено да се вратат. За неколку часа и с. Добророте ќе биде чисто од екстремичките албански групи. с. Глоги (ЕМ - 0457) и Теарце (ЕМ - 0457). Екстремистичките албански вооружени групи се уште се внатре, но планираат да се повлечат".

NATO/KFOR CONFIDENTIAL
RELEASABLE TO THE FORMER YUGOSLAV REPUBLIC OF MACEDONIA

Operations and Intelligence Exchange
Размена на операции и разузнавачки информации

CONTROL NUMBER
YEAR: 2001
NCCC NO: 2423

| | |
|---|---|
| 1. ORIGINATOR: | KFOR - |
| 1. БАРАТЕЛ: | КФОР - |
| TIME SUBMITTED: | 26 1425 July 01 |
| ВРЕМЕ НА ОДГОВОР: | 26 1425 Јули 01 |

TIME OF RESPONSE
ВРЕМЕ НА ОДГОВОР

| | |
|---|---|
| 2. SUBJECT: | Tetevo Withdraw |
| 2. ПРЕДМЕТ: | Повлекување од Тетово |

3. Intelligence. The following information was given to the NCCC MOD by Col Finney of the NATO Team.

In the Tetevo area: The EAAG (NLA) has completely withdrawn from the village of LESOK (EM0357). The villagers are being allowed to return. Within a few hours, the village of DROBROTE (EM0661) will also be free of the EAAG. In the villages of GOGI (EM0559) and TEARCE (EM0457) the EAAG are still in the villages, but plan on moving out. No time table given.

3.РАЗМЕНЕТИ ОПЕРАТИВНИ или РАЗУЗНАВАЧКИ ИНФОРМАЦИИ:Следните информации се доставени до НЦКС во МО од ПОЛК. Фини од Нато тимот.

Екстремистичките Албански вооружени Групи (ОНА) комплетно се повлекле од селото ЛЕШОК (ЕМ 0357). На граганите на ова село им е дозволено да се вратат. За неколку саати и силото ДРОБРОТЕ (ЕМ 0661) ке биде чисто од Екстемистички Албански вооружени групи. Селата ГЛОГИ (ЕМ 0559) и ТЕАРЦЕ (ЕМ 0457) Екстемно Албанските. Вооружени групи се сеуште во внатре но планираат да се повлечат. Нема дадено време.

4. DISSEMINATED TO: MOD
4. ДИСЕМИНАЦИЈА ДО: МО

5. REMARKS/ACTION TAKEN:
5. ЗАБЕЛЕШКИ/ПРЕВЗЕМЕНА АКЦИЈА:

RECORDED BY: (SIGNATURE)
ЗАБЕЛЕЖАНО ОД: (ПОТПИС)
* TURKEY RECOGNIZES THE REPUBLIC OF MACEDONIA WITH ITS CONSTITUTIONAL NAME
-1-

NATO/KFOR CONFIDENTIAL
RELEASABLE TO THE FORMER YUGOSLAV REPUBLIC OF MACEDONIA

Копие од одговорот

Без обзир на овие допишувања со Питер Фејт, имавме сознание дека една поголема ДТГ беше дојдена од некаде и базираше северо источно од наведените села.

Издадов наредба и ги засилив единиците на АРМ да го поседнат патот Тетово - Јажинце на 500 метри југо-источно, и имавме започнато воени дејства од дистанца по ДТГ за која имавме сознанија, а беше распоредена надвор од договорот од 5. 7. 2001 г., (односно северно од с. Глоги). За оваа активност

очекував реакција од П. Фејт, но сакав да им дадам на знаење дека ние го почитуваме договорот, а исто така во секоја активност на ДТГ која ќе биде преземена надвор од договореното, веднаш ќе реагираме со употреба на сила.

Ми се јави претседтелот Борис Трајковски и ме повика да одам кај него во кабинетот. Таму го затекнав П. Фејт, генерал Ланге и командантот на НАТО за Р. Македонија. После моето објаснување за состојбата, Претседателот ме подржа во постапката што единиците на АРМ ја преземоа - односно дека целата постапка што ГШ ја презеде во духот на спогодбата од 6. 7. 2001 г. Во таа прилика П. Фејт го замоли Претседателот да нареди да ја прекине акцијата АРМ со образложение дека утре ќе оди во Призрен и дека тој гарантира за целосно повлекување на терористите од тој простор.

Во целиот тој разговор кај Претседателот, П. Фејт при објаснувањето зошто терористите дошле во македонските села кога тоа не е она каде се дејствуваше пред прекинот на огнот, го изнесе следното:

“Имам сознание дека МВР ги вооружила жителите во целиот тој крај” (мислејќи на Македонците) и предизвикот на востаничките албански етнички вооружени групи бил “да бидат разоружени месните жители”.

Секако дека јас пред Претседателот го тврдев спротивното бидејќи немав такви сознанија. Но на тој состанок Претседателот го прифати предлогот на Фејт, АРМ да ја прекине акцијата и уште еднаш да им даде можност на терористите да се повлечат од тој простор и докрај да се испочитува договореното за мирно разрешување на конфликтот. На 27 и 28. 7. 2001 г., теренот беше исчистен, односно ДТГ се повлечени. Но, жителите раселени од споменатите села, не се вратија.

По ден-два по разговорот кај Претседателот со мене и со П. Фејт г-динот Стојановски - Бомбај водеше една делегација од раселените тетовски села на прием кај претседателот Б. Трајковски. На тој состанок Борис Трајковски ме повика и јас

да присуствувам и ми рече: “Да ги слушниш што изјавуваат мештаните од Тетовско”. Сите дискутанти на тој состанок беа децидни со своите изјави: “Откога полицијата ги напушти селата, ни подели калашникови и по 100 куршуми, сами да се браниме, а после тоа доаѓаа терористите и по список ни го земаа оружјето”. Еден меѓу нив кој имаше околу 30 години рече: “Господине Претседателе, јас не сум служел војска ми дадоа калашников и 100 куршуми, кога дојдоа терористите ги испукав куршумите и избегав - ни поделија оружје, а не не научија како да се браниме иако ние бевме побројни”.

Таканаречената ОНА, за да се претстави дека беше присутна на теренот, посебно каде што не беа присутни единиците на АРМ, повремено се појавуваше во мали групи.

После потпишувањето на Спогодбата за прекинот на огнот, со договор на НАТО, беше дозволено враќање на раселените лица. Најголем број раселени лица од албанска националност во јули 2001 отпочнаа да се враќаат во своите домови. Со враќањето на жителите во селата Лавце, Селце, Ѓермо, Шипковица, Бродец, Вешала, Вејце, па и самиот град Тетово, се создадоа услови, дел од терористите да се инволвираат повторно во тие села. Во споменатите села од страна на припадниците на АРМ, кои беа на позициите на тој простор, забележаа присуство на вооружени униформирани групи од 5 - 7 претежно во движење, создавајќи слика дека секаде се присутни, па дури некои се појавуваа во градот Тетово. Поедници од нив почнаа да провоцираат со своето појавување и доаѓаа до позициите на единиците на АРМ. Кај војниците и старешините од АРМ таквите постапки од страна на ДТГ предизвикуваа нервоза што можеше да се случи и судир или дејство по ДТГ.

За ваквата појава, покрај писменото предупредување до господинот П. Фејт, јавно преку средствата за информирање, издадов соопштение, а на единиците на АРМ - наредба: “Доколку ДТГ, униформи и вооружени се појават пред позициите на единиците на АРМ од 250 - 300 метри, без предупредување ќе биде отворен оган”.

После ова соопштение беше издадена наредба на единиците на АРМ за отворање оган. После оваа наредба појавата на ДТГ јавно на теренот беше инцидентна, но во урбаните средини, посебно во ноќни услови, кога мониторинг мисиите на ОБСЕ се повлекуваа чести беа вооружените провокации. Во Тетово вооружените провокации беа зачестени, пред се каде што беа на позиции припадниците на МВР - посебно на полициските пунктови.

Провокациите дојдоа до ниво да се создаде слика дека градот е полн со ДТГ. Такви информации се добиваа од МВР - на состаноците на Државниот врв, односно “Тетово е окупирано од ДТГ и треба да се ослободи - односно да се изведе операција за чистење на градот”. Таквата тензија од ден во ден се подгреваше на состаноците, па дури и во јавните медиуми.

Јас и Владо Бучковски, министерот за одбрана знаевме дека не е така и дека се тоа само провокации - дури исценираа напад на касарната во Тетово само со цел да се испровоцира АРМ, не од терористите туку од други структури кои заговараа - “дека АРМ не сака да помогне на полицијата”. Оваа теза се најде и во некои медиуми преку изјави “дека генералите не се одлучни во употребата на АРМ”.

Дневните извештаи од командантите на теренот кажуваа нешто сосема друго - односно сите провокации ги предизвикува полицијата, па после бара помош од АРМ за употреба на артилеријата и другите борбени средства.

Борбен извештај Р - 4192/2023

Цитат: “Од самиот почеток на изведувањето на операцијата, соработката и координацијата со МВР беше организирана и реализирана квалитетно, кое имаше крајно позитивен исход при реализацијата на Планот за разбивање на ДТГ во доделената зона на одговорност. Меѓутоа, во натамошниот период, посебно по потпишувањето на договорот за прекин на огнот и имплементирање на договорот на Претседателот за справување со кризата, координацијата на активностите не беа на потребното рамниште и беа се почести барањата од страна на

МВР, АРМ да се вклучи во извршувањето на чисто полициските задачи.

Во прилог на оваа оценка ги изнесувам следниве примери:

1. При нападот на ДТГ на 23. 7. 2001 г. од претставниците на МВР упорно се бараше дејство со артилериските оружја по населеното место с. Лешок, с. Теарце, а врз база на непроверени податоци и нецелосни проценки.

2. На 24. 7. 2001 г., полицискиот пункт во реонот на жичницата беше напаѓан од објектот Теќе, при што од страна на МВР беше побарано засилување на еден ОТ (оклопни транспортери) на што началникот на 15 ПБР се запагаше дури и за употреба на тенкови што е неправилно од причина шти интензитетот на нападот не беше таков да го загрози полицискиот пункт.

3. На 27. 7. 2001 г., околу 18,30 часот, од началникот на МВР на СВР Тетово, беше побарано ангажирање на хеликоптер поради наводна загрозеност на полициските сили во реонот на с. Јегуновце. Со дополнителна проверка на состојбата е утврдено дека престрелки имало, но тие биле помеѓу резервниот МВР и активниот состав на МВР.

4. На 29. 7. 2001 г., од припадниците на МВР беше пријавен напад врз полициски пункт во реонот на стадионот на Тетово. При контролата со Штабот во СВР (Штабот на секторот за внатрешни работи) во Тетово не добив потврда за напад, што наведува на заклучок дека дејството и нападот биле измислени. Истовремено беше отворен оган од поголема дистанца и кон касарната, но без загрозеност. Активноста траеше кратко, околу 5 минути што беше многу кратко за откривање на целите и дејството со артилерија по истите. За кратко време проследи реакција од припадниците на МВР: “Зошто не помагате?!” - за веднаш потоа по мобилен телефон да се јави лично претседателот Борис Трајковски со прашање: “Дали дејствувате и каква наредба имате добиено!?”. Одговорот од моја страна беше: “Во дадениот момент не дејствувам, затоа што активностите траеја многу кратко, но во изминатите неколку дена дејствувавме соодветно, енергично и ефикасно, а

наредбата гласи да се почитува прекинот и при директен напад на единиците соодветно да се одговори”. Истиот ден околу 16 часот бев прашан од Оперативниот тим во Генералштабот на АРМ, дали ми е позната состојбата во с. Јегуновце и дали некој од мене побарал засилување. Одговорот беше: “Не”, а со дополнување на проверка утврдено беше дека во назначениот реон немало апсолутно никакви дејства што беше потврдено од Оперативниот тим при ГШ на АРМ.

Претходно наведените примери недвосмислено упатуваат на заклучок дека се можни конструкции на ваквите случаи, инволвирање на АРМ на извршување на полициски задачи, како и нејзино оптужување дека не се соработува со полициски сили на МВР.

- Р - 4192/2023
УБ/ЦА
Командант на ОТГ - 1
Бригаден генерал
Јосип Бошевски

Следниот извештај кој ми го испрати бригадниот генерал Јосип Бошевски во однос на соработката помеѓу АРМ и МВР во Тетовскиот реон гласи:

Од 07. 08. 2001 г., стр.дов. 07 - 89/275

“Ве запознавам и Ве информирам дека во последниот период присутни се појави на барање помош од АРМ, односно подршка при изведување на борбени дејства на припадниците на МВР. Притоа, често пати АРМ се оптужува дека не реагира и не дава соодветна помош”.

“На 6. 8. 2001 г., околу 23 часот, од полицискиот пункт стациониран кај стадионот, беше отворен оган од стрелачко вооружување во правецот на населбата Дреновец, при што беа испалени неколку рачни гранати и проектили со солзавец, што се почувствува во реонот на касарната и дел од градската наслеба”.

Лично остварив контакт со единицата на АРМ, која, согласно наредбата на НГШ е стационирана во непосредна близина на полицискиот пункт кај стадионот на оддалеченост од 10-15 метри при што прашав: "Дали имало било какви дејства од правецот на населбата Дреновец, при што го добив следниот одговор: "полицијата дејствуваше, а по нас немаше никави директни опасности и закани".

Веднаш потоа стапив во контакт со дежурниот во Штабот на МВР при СВР Тетово. Се интересирав за состојбата, при што добив одговор дека имало неколку истрели од Дреновец или Порој. Инсистирав да не се дејствува непотребно доколку единиците не се директно загорзени.

Околу 6,30 часот од дежурниот тим на МВР Тетово добив информација дека се нападнати пунктовите во с. Ратае и с. Жилче при што се слушаат поинтензивни детонации, најверојатно од дејството на полицијата со РПГ и РРФ. Инсистирав на попрецизни информации од каде се дејствува, при што добив крајно нереална информација, "дека се дејствува од реонот на с. Џепчиште кон с. Непроштено, дека се нападнати од с. Требош, с. Еребино и при тоа бараат дејство на артилерија." После тоа се јави службено лице од МВР со изјава: "Таму каде што сега дејствуваше одете десно за 200 метри" - иако од страна на ОТГ - 1 не беше дејствувано и никаков оган не е отворен, сето тоа укажуваше на целосно не познавање на состојбата.

Лично инсистирав моментално да се запрат дејствата со цел што по прецизно да се лоцираат ДТГ, на што добив одговор: "дека со нив раководи и командува - Скопје МВР и дека се тоа доброволци со цел да го штитат македонското население во с. Жилче, с. Ратае и др".

Ценам дека намерата беше АРМ да се инволвира во една состојба која не претставува закана по безбедноста на нашите сили. Исто така ценам дека таквиот начин на дејстување на силите на МВР излегува надвор од донесената одлука за изведување на операции и која може крајно негативно да се

одрази во натамошниот период и тек на одржување на политичката безбедносна состојба во зоната.

УБ/ВШ
Командант
Бригаден генерал: Јосип Бошевски

- Р - 1378/831

Вакви и слични извештаи тие денови, односно во време на прекинот на огнот, имаше повеќе од починетите команди, пред се од Тетовскиот реон. Тензиите растеа во натамошниот начин на разрешување на воената криза. Владо Бучковски (МО), на ниво на Државен врв укажуваше на вакви појави, а секако од набљудувачите на ОБСЕ целосно беше информиран и Питер Фејт - односно НАТО и кој стои зад сите овие случувања со цел да се предизвика општ хаос во РМ. Сето тоа му беше познато на претседателот Б. Трајковски, но не беше во состојба било што да преземе - стално беше под притисок од своите партиски партнери. Секако, поведени со идејата - “поделбата на Р. Македонија и создавање на поголема држава во состав на некоја друга држава!”

Честопати Претседателот телефонски ќе ми се јавеше и ќе ми издадеше наредба за дејство со АРМ по одредени реони, на барање на МВР. Јас ќе му одговорев дека ние немаме сознанија на тој простор некој да дејствува. - “Добро, постапи како што ти наредив, ќе се чуеме повторно”. Кога ќе ми се јавеше повторно за 10-15 минути ќе ми induceречеше: “Јас морав така да ти велам бидејќи кај мене беа Љ. Георгиевски и Љ. Бошковски - а ти работи како што се договоривме” - мислејќи да ја контролирам состојбата и да не дозволам провокации од страна на полицијата туку да постапувам според договорот за прекин на огнот. Многу често Претседателот навраќаше во ГШ, ќе дојдеше и ќе поразговаравме за многу прашања во врска со состојбата, за начинот на разрешување итн. Во една прилика тој ми кажа: “Го примнав на разговор Б. Геровски, новинар - тоа што ми го рече мислам дека е во право”. Ми вели: “Претседателе сега сите по Вас ќе плукаат, издржете со своите идеи и Планот за мирно разрешување на кризата, а после кога

нашите деца мирно ќе одат на одмор во Охрид сите ќе бидеме благодарни...” Секако дека Претседателот имаше закани од разни видови, поинаку да постапува, дури и закани со ликвидација на одредени личности.

И покрај сите сознанија, укажувања за да се заврши кризата како што беше договорено, тензиите се повеќе се зголемуваа во спротивни насоки - односно се потешко можеше да се контролира состојбата на теренот, посебно по вклучувањето на посебните полициски единици - доброволци - “Лавови” кои се вклучија откога беше потпишана спогодбата за прекин на огнот и откога отпочнаа преговорите во Охрид.

Неколкупати барав да профункционира единството во командувањето и раководењето со безбедносните сили, како што е регулирано според Законот за одбрана во воена состојба - односно во зоната на воените дејства сите други припадници на безбедносните сили да се ставаат под единствена команда за остварување на планираните цели - односно под најстариот командант на АРМ. Тој принцип е застапен во сите армии и држави. Од самиот почеток на воената криза Врховниот командант - Претседателот командуваше со АРМ, а Премиерот на Владата на РМ со полицијата, како што е со Законот регулирано во мирновременски услови. До тоа единство во системот на раководење и командување не дојде - напротив, се повеќе се создаваше разединетост на највисоко ниво - но сепак на пониските нивоа имаше повеќе координација и договор помеѓу командирите на АРМ и полицијата, а посебно со активниот состав на полицијата.

Како што течеа преговорите во Охрид, состојбата на теренот се повеќе се заоструваше и се потешко можеше да се контролира. Во Тетовско посебно во Полог и во Шарпланинските македонски села, од час в час, имаше провокации”. Патот с. Порој - с. Јажинце честопати беше затворен со барикади од самите жители, а потоа почнаа да се појавуваат и вооружени униформирани групи, изигрувајќи полициски пунктови, попречувајќи го движењето дури и на хуманитарните конвои и на месното население. Со повлекувањето на полициските сили од тој простор се создадоа можности за проширување на ДТГ, а

посебно во селата: Порој, Џепчиште, Непроштено, Варвара, поточно таму каде АРМ претходно не дејствуваше и имаше позиции. Во Кумановско - Карадачкиот реон состојбата беше релативно мирна со многу мал обид за инциденти и не претставува некоја сериозна провокација.

Поделеното оружје на цивилното население во Тетовскиот простор по списоци, за што знаеја терористите, отпочнаа да го одземаат од македонските граѓани (изјави на иселените жители).

На заедничките позиции каде што беа единиците на АРМ и полицијата, побарав полициските сили да се повлечат, да останат само армиските единици, посебно на некои места во градот Тетово. Сето тоа го правевме за да не би дошло до меѓусебно оптужување т.е. "како Армијата не помага на полицијата која е нападната".

Во една прилика, во текот на преговорите во Охрид, Љубе Бошковски како во шега ми вели: "Легендо, те притиснале комунистите да ме закочиш!" - "Не, му реков, вака не ја бива работата, им оставивме простор на терористите да се шират и тоа користејќи ги нашите грешки или некој тоа намерно го прави".

- "Имам изјави од бегалците Македонци и тоа во разговор кај Б. Трајковски дека си му делел оружје сами да се бранат, а полицијата ги напуштила селата".

- Љубе Бошковски на свој начин тоа го негираше, употребувајќи и други зборови во свој стил.

- Со Љубе Бошковски, министер на МВР, бев доста близок од самиот почеток, кога беше поставен за министер на Министерството за внатрешни работи - многу често и скоро секогаш присуствуваше на командното место со мене, во повеќе прилики ги прифаќаше моите совети и тоа кога беа најтешки состојбите. Со него можев отворено да разговарам за многу проблеми и прашања. Секогаш настојуваше безрезервно да ги реализира насоките од Премиерот Љ. Георгиевски. Во

една прилика и Претседателот на РМ бараше да се смени Љ. Бошковски од министер. Љубе Бошковски во еден разговор ми рече: “Е легендо, овој (се однесуваше на Претседателот), сака да ме смени, многу се зезнал во таквите намери, јас него можам многу побргу да го сменам и така за ништо не го бидува...” Сето ова, односно обидите за создавање општ хаос во РМ се појавија откога отпочнаа преговорите во Охрид. На секој начин се правеше обид да се инволвира АРМ во преземање на поголема воена операција и тоа кога за таква операција ниту постоеја услови, ниту беше време - преговорите беа во тек, НАТО веќе целосно беше инволвиран во разрешувањето на кризата, а ОБСЕ, со своите набљудувачи, беше секојдневно на теренот во реоните на позициите во единиците на АРМ.

Претседателот Б. Трајковски беше под постојан притисок да издаде наредба за употреба на АРМ “како би имале предност во разговорите”. Тогаш, кога воената криза можеше да се реши со воени средства, тоа не го дозволи, а сега кога е поканет НАТО истата да ја разреши, треба да ја употребиме Армијата и целите напори за разрешување на воената криза да паднат во вода, а во РМ да се создаде хаос - односно да се повтори Босна. Во сите притисоци секако “виновни беа”: Владо Бучковски, министерот за одбрана и генералот Панде Петровски, бидејќи “не сакале да ја употребат Армијата”, а во член 28 во Законот за одбрана децидно стои: “Командувањето со Армијата на РМ го остварува Претседателот преку министерот за одбрана”. ГШ е само стручен орган во Министерството за одбрана. Тој Закон е донесен, односно изменат додека Љубен Пауновски беше министер за одбрана. Затоа сите наредби кои Претседателот ги издаваше мораа да одат преку МО. Подоцна, по завршувањето на кризата, тој член во Законот за одбрана е изменет.

Користејќи ја општата состојба после прекинот на огнот и ангажирањето на НАТО за разрешување на воената криза - командното место на т.н. ОНА од Призрен било потребно да се пребазира во Р. Македонија.

Обидите на т.н. ОНА да се совлада Попова Шапка, како погодно место за таа намена не успеа, но сепак требаше да се

бара место во тетовскиот регион - одбрана беше Шипковица како општинско место.

Во Шипковица не дејствувавме, го државме Шипковското теќе, а населението од селото уште на 25 и 26. 3. 2001 г., беше иселено. По прекинот на огнот населението, односно раселените лица, во договар со НАТО на целиот простор да им биде дозволено да се враќаат во напуштените домови, па исто така, меѓу првите отпочнаа да се враќат жители и во Шипковица.

На 21. 7. 2001 год. хеликоптер на КФОР SH-47 во 16,45 до 17,05 часот во Шипковица слета и истовари опрема и луѓе, во истовреме хеликоптер CH-47 слета и во с. Бродец (во 16,45 часот до 17,05 часот) - извештај од командантот на ВВ и ПВО.

Во наредните денови добивав извештај од Јосип Бошевски, командантот на ОТГ-1 во кој ме известуваше дека во Шипковица има група вооружени и униформирани лица; ОБСЕ често пати одело во Шипковица, дури и во една прилика бил виден и командантот на бригадата “Југ” од Косово во Тетово. На 25. 7. 2001 во 13,53 до 14,30 ч. и од 16 до 16,30 ч. хеликоптери на КФОР CH-47 и CH-53 слетале во с. Бродец. Сите овие слетувања на КФОР не беа најавувани од нивна страна, поради тоа реагиравме преку командата на НАТО во Р. Македонија - генерал Ланге. Покрај тоа, преку Центарот за контакти со НАТО-КФОР-испративме предупредување, доколку и понатака се случуваат вакви работи ќе бидеме присилени да извршиме борбено дејство по иститe.

Во суштина тоа беа подготовки од КФОР за пребазирање на командното место на т.н. ОНА од Призрен во Шипковица, иако во одговорот од КФОР добив дека поставуваат одредени системи за врски за потребите на набљудувачите и реализирање на акцијата “Жетва”- собирањето на оружјето. Со генерал Ланге често се сретнував, пред се, бидејќи беше и назначен за командант на силите “Жетва” во РМ. Од самиот почеток кога се запознавме, односно уште во април 2001, Ланге ми остави впечаток дека е искрен човек и дека искрено сака да и поможи на РМ, а по повлекувањето од РМ замина во пензија. Во разговорот кога му насочив некои факти, дека сепак КФОР го

префрли командното место на т.н. ОНА од Призрен во Шипковица само ми одговори:- "Вие сте во право, но сфати ме дека јас сум професионалец и одвај чекам да заминам во пензија".

Како што се одвиваа разговорите во Охрид така се повеќе состојбата на теренот се комплицираше со почести воени акции. Отпочнаа да ми се јавуват, телефонски, од кабинетот на Претседателот и неговите советници, дури и да ми издават задачи, да ми кажуват каде се терористите, зошто не ги разбијам итн. Не ми беше познато што се случуваше во Охрид, но сигурен бев во едно што ми кажуваше Б. Трајковски, дека тој беше под силен притисок на поединци да се преземе некоја пообемна операција со АРМ, "како би имал предност во разговорите" - Претседателот секогаш, уште од почетокот на кризата, беше против употреба на сила во решавањето на конфликтот. Во моите проценки лично не очекував некое изненадување на теренот во реоните каде што беа распоредени единиците на АРМ, не очекував биедејќи единиците имаа солидно борбено искуство, добро беа вооружени, системот на раководење и командување целосно функционираше - посебно што НАТО и ОБСЕ, со своето присуство, на самиот терен тоа нема да го дозволи биедејќи Питер Фејт беше во постојан контакт со албанските етнички вооружени групи и со нас, односно Министерството за одбрана и Генерал-штабот и директно со Претседателот на РМ. За сите случувања во нашата Влада и односите со Претседателот, П. Фејт беше целосно информиран, повеќе и од мене, а посебно за состојбата и постапките на МВР.

На 5. 8. 2001 г. бев непријатно изненаден - кога преку ТВ А-1 во 17 часот беше објавена наредбата, строга државна тајна (ДТ 07-70/05.08.2001).

Во наредбата се бараше:

1. "АРМ, со потребна структура и број на сили, да влезе во Тетово со цел да оневозможи заземање на градот од страна на терористичките групи на т.н. ОНА и обезбедување на животот, сигурноста и имотот на граѓаните на Тетово.

2. АРМ да се постави на патниот правец Тетово - Јажинце со цел да ја обезбеди сигурноста на сообраќајот и да не овозможи пенетрирање на терористичките групи од шара кон селата во Полог. Обезбедувањето на правецот да се врши континуирано до следната наредба.

3. Генералштабот да направи план, подготовки и реализација на задачите од точка 1 и 2 на оваа наредба во рок од 3 дена од добивање на наредбата.

4. Началникот на Генералштабот да ме извести и да ми реферира за преземените активности, најдоцна 24 часа пред истекот на рокот на предходната точка".

Во прво време не можев да поверувам, мислев дека е тоа чиста провокација, документ со ознака "државна тајна" на ТВ, а посебно Врховниот командант да издава наредби на началникот на Генералштабот преку средствата за јавно информирање. Уште повеќе се сомневав биедејќи во наредбата се бараше операција во Тетово, а против кого? Во Тетово беа единиците на АРМ, не само во касарната туку и околу градот. Друго: има жители, и Македонци, и Албанци, и градот нормално функционира. Внатре во самиот град има полициски пунктови, како и воени пунктови. Така, во нервоза, го повикав полковникот Симе Спасковски, шеф на мојот кабинет, кратко му објаснив и го испратив во Собранието да се увери дали навистина постои таква наредба како што ја слушнав преку ТВ А1.

Тој отиде и по кратко време ми донесе едно парче хартија, испратено преку телефакс од Охрид, со потпис на Претседателот со содржина што ја набележав во точките од 1 - 4.

Се уште не верував во тоа што го гледав: истиот ден со Претседателот се слушавме телефонски неколупати, ништо не ми спомна за наредбава. Оваа наредба не личи на одлука за употреба на АРМ во воена операција и тоа на Тетово. Се обидов

да стапам во контакт со Владо Бучковски (МО), но и тој беше во Охрид, па не беше достапен.

Во едно бев сигурен: и покрај тоа што наредбата е потпишана од Б. Трајковски, тоа не е негова волја, додека по содржината и стилот, сепак личи на неговите советници - кое подоцна се потврди.

Но, без обѕир на сите мои размислувања, пред себе имав писмена наредба од Врховниот командант и тука немаше шега. Го повикав Штабот- ги запознав и издадов насоки да се отпочне со планирање на операцијата за ослободување на Тетово и патот Порој - Јажинце.

Идејниот дел од одлуката која ја издадов гласеше:

“Во наредните денови да се подготви и изведе операција за обезбедување на градот Тетово и патниот правец Тетово-Јажинце, групирајки ги главните сили во градот, а помошните на патниот правец Тетово-Јажинце, со цел да се оневозможи заземање на градот Тетово од страна на терористичките групи на т.н. ОНА и да се обезбеди животот, сигурноста и имотот на граѓаните на Тетово. Со единиците за борба против терористите, во содејство со соседните единици и со артилериска и авио подршка, да се обезбеди сигурност на сообраќајот на патниот правец Тетово - Јажинце и да се оневозможи пенетрирањето на терористичките групи од Шар Планина кон селата во Полог”...

- Готовост за напад: 8. 8. 2001 г.

За ова операција да се ангажират следните единици....... и тн.

Планот на операцијата, без обѕир на наредбата на Врховниот командант, мора на Советот за безбедност да се одобри. Затоа очекував да се закаже седница, а истата беше закаана на 6. 8. 2001 г. во Охрид.

Со Владо Бучковски се обидував да стапам во контакт повеќепати, но не успеав новинарите, уште во Охрид бараа

изјава од него, бидејќи немаше добиено таква наредба, нормално даде изјава дека нема добиено никаква наредба од Б. Трајковски, туку е само информиран дека ТВ А1 пренесла таква наредба, а сето тоа мора да го провери.

Следниот ден на 6. 8. 2001 год. во 7 часот дојде министерот Владо Бучковски во својот кабинет, му ја однесов наредбата што ја добив преку факс и му реков: "Врз основа на ова наредба, ние подготвивме План на операцијата и одлука, а очекувам дека денес ќе не повикате на седницата на Советот за безбедност". Министерот за одбрана ја прочита наредбата, лут, веднаш му се јави на Б. Трајковски, да реагира зошто и како е можно Министесртвото за одбрана да биде прескокнато, туку директно да се даде на генералот (началникот на ГШ). Реакциите на министерот В. Бучковски беа исправни бидејќи не беа во согласност со член 28 од Законот за одбрана на РМ. Во разговорот со Б. Трајковски, претпоставувајки дека наредбата ја има подготвено неговиот советник за национална безбедност Никола Димитров, покрај другото, му рече: "Претседателе, Никола Димитров, наместо да се шета во Њујорк, ќе се шета во Идризово бидејќи изнесе документ со степен на државна тајна преку средствата за јавно информирање". А тогаш Никола Димитров беше назначен за амбасадор во САД.

Во медиумите и во печатот, ова реченица е преиначена и соопштено е наводно дека Владо Бучковски му се заканувал на Б. Трајковски дека ќе шета во Идризово" - но покасно дознав дека таа наредба ја "предал на ТВ А1 Љубомир Фрчковски заради што Министерството за одбарана покрена обвинителен акт против него.

Покасно, "благодарение" на јавното сопштение на Наредбата во Карпалак, на 8. 8. 2001 г., настрадаа недолжни војници, за кое е изнесено подолу во овие записи.

Како што претпоставив, истиот ден бевме повикани на седница на Советот за безбедност во Охрид. Тој ден бев подготвен да поднесам оставка пред Советот доколку се одлучи да се реализира операцијата во Тетово бидејќи ги знаев намерите и целта на таа воена операција, посебно заради начинот на

издавање на наредба од Врховен командант. Таков начин за пренесување наредба преку медиум во историјата на војувањето не се практикува, посебно во современи услови каде има многу технички средства за пренос на наредби.

Седницата беше закажана доцна попладне. На неа, покрај Претседателот, присуствуваа Премиерот, Претседателот на собранието, министерите за одбрана и на МВР, министерот за надворешни работи, јас, Бранко Црвенковски како лидер на СДСМ, проф. д-р Владо Поповски, проф. д-р Трајан Гоцевски како членови, кои на предходните состаноци за вакви прашања не беа повикувани.

Веднаш на почетокот на седницата се јави д-р Владо Бучковски, министерот за одбрана и остро реагираше, зошто наредбата е издадена покрај него, цитирајки го чл. 28 од Законот за одбрана кој со таквата постапка бил нарушен. Во дискусиите, од правен аспект, имаше разни толкувања со цел да се оправда направената постапка, но да би ја прекинал сета таа некорисна дискусија се јавив со зборовите: "Не навлегувајки на начинот на издавање на наредбата од правен аспект, Врховниот командант има право да издава и директни наредби за употреба на АРМ, според Уставот, па затоа јас го подготвив планот на операцијата, ако дозволите да го изнесам". Беа малку изненадени, но ја извадов картата каде што беше разработен планот и почнав да му реферирам на Претседателот. По моето завршување на реферирањето, веднаш отпочнаа да се поставуваат прашања од Претседателот од типот: "колку ќе има жртви цивили, колку ќе има рушење итн".

Кратко изнесов: "Господине Претседателе, за тоа не размислувам, иако знаам дека Тетово е урбан град, дека патот Порој - Џепчиште-Јажинце е целосно од едната и другата страна на патот со куќи и дека сите жители се таму. Јас добив наредба од Вас и доколку овој план го одобрите бидете сигурни дека ќе биде реализиран, а доколку населението од тие села не се исели ќе има и цивилни жртви".

Борис Трајковски кратко ми одговори: "Генерале, планот не е добар, направете нов, јас овој не го потпишувам" - "Според

вашата наредба е изработен, јас незнам да направам друг план, задачите се децидно напишани во Вашата наредба", му вратив. Тој сугерираше: "Поминете со тенковите по патот од Тетово до Јажинце". - "Претседателе јас сум професионалец, нема да ризикувам да ги загубам тенковите и членовите на послугите, а доколку би постапил како што вие велите тоа ќе се случи уште во Порој".

Претседателот Б. Трајковски даде пауза за да се смири состојбата. На паузата ми пријде премиерот Љубчо Георгиевски и ми рече: "Генерал Панде, ајде уште еднаш објасни ми го планот". Покрај мапата му го објаснив Планот со одредени поединости. На терасата отидов да запалам цигара. Владо Поповски ми рече: "Добар беше, не секирај се". Зошто тоа ми го рече не знам - но насетував дека се дискутирало "дека јас не сакам да ја употребам АРМ".

По паузата Премиерот веднаш зеде збор и рече: "Претседателе Борис, планот е одличен, ако ти не сакаш да го потпишеш, јас ќе го потпишам". Љубе Бошковски седеше покрај мене, веднаш извика: "И јас ќе го потпишам, па нека ме носат во Хаг".

Ги гледам и размислувам, на што личи ова, од една страна го усогласуваат Рамковниот договор, а од друга страна да се отпочне операција во осетливиот дел. Кога ја прекинаа операцијата во с. Џепчиште (27. 3. 2001) Доста Димовска ми рече: "Па што сакаш ти Генерале, да се крене народот против нас!" Размислував дали веднаш да дадам оставка, вака повеќе не одат работите, кога имавме можност да се разреши кризата со воени средства не ни дозволуваа, а сега по секоја цена се инсистира на комплексна операција и тоа во Тетово. Но во секој случај Претселателот беше апсолутно совесен што значи тоа и дека го присилија да ја потпише наредбата.

Со цел да се изнајде компромисно решение, повторно се јавив за збор и го предложив следново: "Единиците, планирани за оваа операција, ќе бидат стационирани во Еребино - во нашиот објект на 2-4 км од патот Порој - Јажинце. Доколку и натаму патот биде затворен ќе отпочнам со борбени дејства. На 7. 8. 2001, беше планирано единиците да бидат пребазирани во

реоните за операција (Еребино и пошироко) и од Скопје преку Ѓорче Петров- Еребино”. Тој предлог го прифатија сите, но планот Б. Трајковски не го потпиша. Со тоа заврши седницата во вилата во Охрид. Остана во текот на 7. 8. 2001, единиците да извршат марш во Еребино и таму да се подготват за евентуална операција на просторот Тетово- Јажинце.

## КАРПАЛАК

За престојната операција за "ослободување на Тетово" и патот Тетово - Јажинце беше информирана целата јавност преку ТВ-А-1, а следниот ден и преку печатот. Секако и бранителите и НАТО и т.н. ОНА. На НАТО и на т.н. ОНА им беше познато дека за таква борбена операција неопходно е да се доведат свежи сили бидејќи силите во Тетово и Тетовско не се доволни. Да би се попречило доведувањето на сили, ако не повеќе барем за неколку дена, додека завршат преговорите, неопходно беше да се руши патот Скопје - Тетово, за што беше потребно време повторно да се стави во сообраќај. Просторот Карпалак во суштина беше најприспособен за рушење на патот, бидејќи немаше услови срушениот дел да се заобиколи. Инаку во Карпалак од самиот почеток на воената криза имаше полициски пункт, а без знаење на Министерството за одбрана истиот беше повлечен на два дена пред да се случи "Карпалак". Повлекувањето на полицискиот пункт беше извршено секако со нечија наредба, но не ми беше позната причината за повлекување и кој го наредил тоа од МВР. Неколу дена пред тоа, Љубе Бошковски, вршејки обиколка на Тетовскиот простор и Гостивар, при враќањето за Скопје, на самото место Карпалак, неговата придружба од оклопни транспортери отворија оган по ридовите од левата и од десната страна на местото Карпалак. Истата вечер медиумите објавија дека "Министерот за внатрешни работи е нападнат на просторот Карпалак". Ме зачуди информацијата бидејќи таму, пред се, не беа забележани терористи, а просторот беше надвор од зоната која е опфатена со воени дејства. Исто така сообраќајот од Скопје за Тетово и обратно, како Тетово - Гостивар - Маврово се одвиваше без било каков инцидент. Па сега тука беше ОБСЕ, НАТО кои исто така го наљудува целиот простор. Сепак се јавив до амбасадорот на НАТО, како би реагирал г-динот Ајф за проширувањето на ДТГ, надвор од договореното. Кратко ми одговори: "Не секирајте се, тоа е мала медиумска пропаганда". Сето тоа ми беше чудно и му се јавив на Љ. Бошковски, а тој ми одговори во свој стил: "Да им кажеме на бандитите дека сме присутни и спремни". Се насмеав и ништо не му одговорив.

Имајки ги предвид сите овие сознанија, за обезбедување на единиците кои треба да извршат марш од Скопје - Еребино, наредив да се вклучи ВВ и ПВО и со борбените хеликоптери да ја следи колоната која требаше да изврши марш на 7. 8. 2001, покрај сопственото обезбедување, кој секој командант беше должен во такви прилики да го организира, сепак нека се вклучи и ВВ и ПВО, за секоја евентуалност.

На 7. 8. 2001 г. беше организирана посета на Лешок по патот Тетово - Јажинце од Кординационото тело за спречување со кризи. Покрај дел од раселените лица, во таа посета отиде и министерот Владо Бучковски, пред се да се увери дали навистина патот е затворен и за сето тоа што на 5. 7. 2001 со наредбата од Врховниот командант е наредено. Со Владо Бучковски беше и Државниот секретар Владо Ѓоревски. Бидејќи министерот беше целосно информиран кога единиците од Скопје треба да извршат марш за Еребино а тоа во суштина беше тој ден 7. 8. 2001 год. од Лешок ми се јави В. Ѓорески и ми рече: “Господине генерале, министерот ми рече да Ве замолам, доколу маршот можете да го одложите да не би се случило непредвидено при враќањето за Скопје, односно да не ги предизвикаме терористите да го блокираат патот Лешок - Порој, па иселениците и ние не ќе можеме да се вратиме”- “Добро Ѓоревски, му вратив, нема никакви проблеми и утре да се реализира маршот - имаме време, мислејки дека според Наредбата од Врховниот командант ми е дадено 3 дена за подготовки за операцијата. Поради тоа, наместо на 7. 8. 2001, маршот со единиците за операцијата беше препланиран за 8. 8. 2001 со почеток во 9 часот.

Во Тетовскиот реон беа распоредени единиците од Вториот армиски корпус - Битолски од самиот почеток на изведување на воените дејства. Замена на единиците се вршеше: Битола - Кичево-Гостивар - Тетово и Битола - Прилеп - Скопје- Тетово. Проток на воени возила, на овие правци секојдневно имаше. Таа активност беше во надлежност на командантот на корпусот и командантите на бригадите. На 8. 8. 2001 г. командантот од Прилеп имал планирано да изврши замена на еден дел од артилериската единица која беше на позиции во Тетовско, со нови војници - како и секогаш што се правело. Единицата

тргнала од Прилеп - Скопје Ѓорче Петров-Тетово. Чиста случајност беше што единицата од Прилеп во временски раздел од 30 мин. излегла пред борбените единици кој во 9 ч. тргнаа од Скопје за Еребино, односно автопатот за Тетово. “Планерот” кој сакал по секоја цена да ја спречи операцијата во Тетово, според јавно објавената задача преку ТВ А1, испланирал и организирал заседа и рушење на автопатот за Тетово на местото Карпалак.

“Планерот”, мислејки дека пристигнувала колоната од Скопје, односно дека овие возила се како предходница, во 9,30 ч, ја отпочнал заседата - дејството по возилата кои се движеле по автопатот за Тетово. Тие, терористите, нанесоа кукавички, тешки и грозоморни загуби на недолжни македонски војници, но не успеаја да го дигнат автопатот во воздух и да го спречат доведувањето на единиците од Скопје иако имаа подготвено и поставено 200 кгр. експлозив. - Зошто не успеаја?- Поради тоа што борбените хеликоптери беа во воздух за пратење на колоната тенкови и транспортери за планираната операција и за 10-15 мин. отпочнаа со борбено дејство во реонот каде што беше организирана заседата и не успеаја да го активираат експлозивот. Покасно, на позициите каде што беа тие, пронајдени беа жиците за активирање на експлозивот и по нив беше пронајден експлозивот во каналот на автопатот веднаш деминиран, поставен во пропусниот канал под автопатот.

Во извештајот од ВВ и ПВО, покрај другото, стои дека пет минути пред да се случи заседата хеликоптер на КФОР го надлетал просторот на Карпалак, а два џипа од КФОР под дејството на нашите хеликоптери избегале и тоа едниот за Скопје, а другиот се скрил во Ново Село.

Појавувањето на Ставре Џиков, јавниот обвинител на РМ, на самото место на случувањето, за многу кусо време, во најблага форма речено: е нелогично, но после тоа ми беше сосема јасно кога во писмена форма од него добив прашања во врска со случувањата во Тетовско и пошироко.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА Р.МАКЕДОНИЈА

Стр. доб.бр 31/2001
Скопје, 6.8.2001 година

до
НАЧАЛНИКОТ НА ГЕНЕРАЛШТАБОТ НА
АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Генерал потполковник Панде Петровски

СКОПЈЕ

Господине Началник на Генералштабот

Бараните документи и податоци да ни се достават со степен на тајност која Вие ќе ја определите, а податоците можат да бидат користени на соодветен начин во вршењето на функцијата на јавниот обвинител за кривичното гонење.

Ве молиме да ни одговорите на ова барање колку е можно поитно.

/бѓ ЈАВЕН ОБ ВИНИГЛ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Ставре Џиков

Факсимил од писмото на Ставре Џиков, јавен обвинител на РМ

Кога ќе се погледа датумот на доставените прашања од Ставре Џиков до мене и до Владо Бучковски, министерот за одбрана, конструкцијата околу јавно издадената наредба преку ТВ А-1 се станува јасно тогаш што се случуваше.

цитат:

До Началникот на Генералштабот на АРМ
Генерал Панде Петровски

Господине Началник на Генералштабот,

“Јавното обвинителство на РМ континуирано презема мерки и активности за кривично гонење на сторителите на злосторствата што се вршат во Република Македонија во врска со вооружените дејства на албанските вооружени групи на т.н. ОНА, преземени со цел да се загрози територијалниот интегритет и суверенитет на РМ и нејзината територијална целина и да се отцепи дел од нејзината територија заради создавање на Голема Албанија и Големо Косово. Веќе подолго време се преземаат вооружени дејства на албанските терористички групи, со што се предизвикани огромни последици за животот и здравјето на војниците полицајците и на цивилното население, кое е изложено на невидени страдања, присилно протерано од вековните огништа и изложено на огромни опасности на веќе подолго време фактички манифестираното прифаќање на окупирани територии во РМ што е спротивно на Уставот и законите”.

“Поаѓајќи од овластувањата на чл.144 ст. 2 и 3 од Законот за кривична постапка, Јавното обвинителство презема мерки да ги испита големиот број на изјави на граѓани кој тврдат дека биле оставени без било каква заштита поради неодговорно или неизвршување на обврските на одбраната на територијата на РМ и заштита на граѓаните, посебно изразено во поедини региони од каде присилно е протерано целокупното македонско население”.

Не кажува зошто тоа население е протерано и зошто полициските станици се напуштени, и зошто на тоа население им е делено оружје и муниција, и кој има право да дели оружје на цивилно население и тн. туку ми ги поставува следниве прашања:

“Поради тоа барам да ми бидат доставени потребни известувања и податоци и тоа:

Во време на т.н. едностран привиден прекин на оружените дејства (така го нарекува безусловниот прекин на огнот - кој го прифати Владата на РМ) е извршено најбрутално етничко чистење на повеќе села од Тетовскиот регион, како Лешок, Теарце, Непроштено, Доброште, Отуње, Једоарце, Варвара,

Сетоле и други села од тој регион, од кои села на крајно понижувачки начин пред цевките на автоматското оружје на албанските терористи е протерано целокупното македонско население, извршен грабеж на нивниот имот и палење на повеќе куќи.

1. Во врска со тоа, Ве молиме да не известите дали согласно плановите за одбрана на тој регион била предвидена одбрана на тие села од нападите на албанските терористи и ако тоа било предвидено зошто тој регион е оставен без одбрана и населението без заштита бидејќи фактички целокупното македонско население од тие села на најбрутален и крајно понижувачки начин е протерано од нивните вековни огништа пред цевките на автоматските оружја на албанските терористи или пак зошто тоа население не е навреме известено и не му е пружена соодветна помош заради времено напуштање на нивните живеалишта пред налетот на албанските терористички групи”.

2. Врз основа на кој документ и кој ја гарантира проодноста на патот Тетово - Јажинце, дали фактички се обезбедува тој пат и ако е така од кои причини неколку села од тој регион со повеќе илјади жители повеќе од 25 дена се оставени без заштита и без елементарни средства за живот, поради што на тоа население му престои катастрофа, а обидот да се врачи помош во храна и лекови на тоа население на 4. 8. 2001 г. бил спречен покрај од дел на албанското население и од голема група на вооружени албански терористи кои извршиле и преглед на конвојот и не дозволиле негово поминување, поради што конвојот се вратил назад.

Бараните документи и податоци да ни се достават со степен на тајност, кој вие ќе определите, а податоците можат да бидат користени на соодветен начин во вршењето на функцијата Јавен обвинител за кривично гонење”.

“Ве молиме да ни одговорите на ова барање колку е можно поитно.”

Јавен обвинител на РМ

Ставре Џиков / потпис и печат

Барањето го добив еден ден по објавувањето на наредбата за напад на Тетово, но не му одговорив итно, како што бараше од мене господинот С. Џиков, а одговорив на 26. 9. 2001. год.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
22.10.2001 година
Скопје

Генерал
Панде Петровски
Советник на Министрот за одбрана

ДО
ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Г-дин Ставре Џиков

5. И како војник и како граѓанин на Република Македонија, кој беше директен сведок во случувањата со кризата во Република Македонија, лично сум заинтересиран за потполно расветлување на сите аспекти на настанувањето и разрешувањето на кризата. Мислам дека и граѓаните на Република Македонија имаат право да ја сознаат целата вистина за овие случувања, посебно што последиците од нив во најголема мерка, а некои и неповратно ги погодија луѓето од кризните подрачја. Одговорните за ова треба и мора да му дадат отчет на македонскиот граѓанин.

СОВЕТНИК ЗА РАЗВОЈ
И УПОТРБА НА АРМ
Генерал
Панде Петровски

Факсимил од одговорот на барањето на Јавниот обвинител од страна на генерал Панде Петровски

Одговор на предмет - 31/2001

Проучувајќи го предметот ст. дов. бр. 31/2001, во кој, покрај барањето за одговор на поставените прашања, во основа се изразува сомнеж во однос на употребата на АРМ во кризните реони, од аспект и улога на тогаш актуелен началник на Генералштабот на АРМ, ги доставувам следниве одговори и појаснувања:

1. АРМ, според Уставот на Р. Македонија и Законот за одбрана се употребува исклучиво по одлука на Преседателот на РМ, односно Врховниот Командант на Армијата. Во настанатата криза, предизвикана од дејствата и активностите на албанските терористички групи во РМ, посебно откога бев поставен за заменик на началникот на Генералштабот на АРМ, сите одлуки одобрени од Врховниот командант на Армијата во целост се извршени. Во архивот на Генералштабот постојат документи, планови и одлуки, како доказ за сите планирани и одобрени операции на Армијата и истовремено како потврда за извршените борбени дејства за сите тие операции.

2. По одлука на политичкиот врв на РМ, а согласно спогодбата за безусловен прекин на огнот, АРМ од 5. 7. 2001 остана и ги задржа борбените позиции на границата кон СРЈ во делот кон Косово... АРМ во целост ги задржа постигнатите позиции и не дозволи проширување на т.н. ОНА надвор од постојните позиции...

Одговорноста во однос на просторот на правецот с. Порој- с. Јажинце и селата с/З и ј/у од наведениот правец во актуелното време за кој се изразува сомневањето во врска со одговорноста и употребата на АРМ, имаше полициски станици и полициски пунктови, и во тој исти период АРМ беше одговорна и го држеше Јажинце. Зошто МВР ги напушти тие позиции, односно полициски станици и пунктови и зошто како епилог на тоа, дојде до раселување на граѓаните, пред се население од македонско потекло од овие региони - одговорност, очигледно треба да се побара од структурите на Министерството за внатрешни работи...

“Претпоставувам, а така би требало, на Јавното обвинителство на РМ му е познато кој дозволи прекин на огнот, односно кој бараше прекин на огнот. Јас нити во улога на началник на Генералштабот на АРМ, нити како војник тоа не го побарав. Од друга страна, од аспект на мојата професионална војничка етика, за мене би било поразително да си дозволам да барам прекин на огнот од многу послаб непријател, а посебно од непријател на Р. Македонија”.

Армијата на РМ беше подготвена војнички да ги порази и да ги уништи терористичките групи, влезени во РМ. Јас во улога на началник на Генералштабот, заедно со своите соработници и командниот кадар на теренот, со своето искуство и стручност, се обидов да ги разбијам и уништам терористите. Зошто тие во целост не се разбиени и уништени, одговорот единствено и подобро од нас - Армијата, веројатно го знаат нашиот политички врв и меѓународните фактори.

Се работи за комплексно прашање на кое одговорот не беше во структурите на Армијата. Почитувајки ги државните институции, Армијата ги извршуваше наредбите на Врховниот командант, па и оние кои беа во насока на прекинување на одредени операции. Но и за ова - зошто Армијата добиваше наредби кои ги спречуваа натамошните борбени дејства во рамките на одредени операции - одговорот пак не е во структурите на Армијата”.

3. За елиминирање на опасноста од терористичките групации на просторот од с. Порој до с. Одри во време кога бев началник на Генералштабот на АРМ испланирав операција и истата ја презентирав на седницата на Советот за безбедност на 6. 8. 2001 год. Зошто тогаш не е одобрена одлуката за изведување на операцијата, одговорот, веројатно го знае Врховниот командант. Мене како началник на Генералштабот одговор не ми беше даден, као ни одобрение, односно одлука за изведување на операцијата не одобрена”.

4. Не сум сигурен кој ја планираше воената криза во РМ. Меѓутоа, кој и зошто ја контролираше и кој и зошто не дозволуваше истата да се разреши со воени средства беше

повеќе од очигледно. Армијата сигурно не е, па затоа конкретните одговори по овие прашања не можат да се бараат во нејзините структури. Сознанијата по оваа проблематика, што ги имам како тогашен началник на Генералштабот, само можат да ги насочат правците за барање на одговор”....

5.И како војник, и како граѓанин на РМ, кој беше директен сведок во случувањата со кризата во РМ, лично сум зинтересиран за потполно расветлување на сите аспекти на тие случувања и разрешувањето на кризата. Мислам дека и граѓаните на РМ имаат право да ја сознаат целата вистина за овие случувања, посебно што последиците од неа во најголема мерка, а некои и неповратно, ги погодија луѓето од кризните подрачја. Одговорните за ова треба да му дадат очет на македонскиот граѓанин.

Генерал
Панде Петровски / Потпис

По чија сугестија или инструкција се одлучил Јавниот обвинител на РМ да ми постави вакви прашања и да бара одговор, само можам да предпоставам - а што не беше многу битно, но зошто после два дена кога се “случи” Карпалак, меѓу првите пристигна на лице место, што не е вообичаено, - би требало да каже поради вистината на воената криза во РМ. Уште побитно од тоа е што на 5. 8. 2001 г. НГШ преку А1 телевизија добива наредба, за ослободување на спорниот простор, а веќе на 6. 8. 2001 г. Јавниот обвинител бара појаснување со писмен акт до МО и НГШ! Зошто е тоа така, односно што се гледа од споменатиот документ, а веќе на 8. 8. 2001 “се случува Карпалак”!?” Истиот ден (на 8. 8. 2001 г.) пред Советот за безбедност поднесов оставка.

Сето тоа беше веројатно мотивирано со тезата кај поединци од Владата на РМ ја пласираа идејата “дека министерот Владо Бучковски и генералот Панде Петровски не сакаат да ги извршуваат наредбите на Врховниот командант”.

Многу покасно, проф. Љубомир Фрчковски, кој беше тогаш советник на Преседателот, во двонеделникот “Форум”, по

преговорите во Охрид, раскажувајки за нив, меѓу другото забележа: “На 5. 8. 2001 г. се случи она што цело време се убедувавме да го потврдиме”, но не кажуваше со кого се убедувале и продолжи: “Имено има една линија во СДСМ, која ја блокираа Армијата во акциите. Претседателот напиша писмена наредба за извршување акција. Генералштабот се обиде таа наредба да ја скрие и да не ја изврши, но ние се обидовме преку телевизија А1 вечерта да ја објавиме за да не може тоа да го скрие Министерството за одбрана”. За оваа констатација немам коментар бидејќи како што истакнав во архивата на ГШ не постои “наредба” која АРМ не ја извршила, односно сите одлуки се донесуваа на Советот за безбедност, а д-р Љ. Фрчковски не беше член на тој Совет и не присуствуваше на седниците, исто така по таа јавна наредба од 5. 8. 2001 г. ГШ подготви одлука и како што истакнав, пред сите членови на Советот јас ја реферирав.

Ова сето го пишувам, не себе си и Министерството за одбрана да ги правдам, поради таквите грозоморни постапки што се случија во тој временски интервал на Карпалак во кој загинаа недолжни борци на РМ. Едноставно да ја потврдам вистината за која ги пишувам овие сведоштва и да ја извадам на виделина. На 5 дена пред потпишувањето на Рамковниот договор, а на ден пред случката Карпалак сите спорни прашања од Рамковниот договор беа усогласени. Историската вистина за недолжно загинатите борци, кои загинаа надвор од зоните на воените дејства, обврска е да се каже, бидејќи во сите изведени воени операции што АРМ ги изведе на просторот загинаа само 3 борци - сите други останати загинаа на кукавички начин. Ако некој планирал да убие припадници на АРМ без повод можел да го направи и на некое друго место на јавните патишта каде секојдневно се движеа армиските припадници. Но сепак некому му требала “конструкција” пред потпишувањето на Рамковниот договор. Тој “некој” во својата совест ќе ги носи недолжните жртви. На тој “некој” дали тоа му требало за да се одложи потпишувањето на Рамковниот договор или да се забрза ќе покаже времето. Јас во едно сум сигурен, дека Карпалак немаше да се случи доколку Врховниот командант не ги слушаше “советниците” пред потпишувањето на Рамковниот договор. Но, ве уверувам, ни сега не ми е јасно кој наредил на 6.

8. 2001 год да се повлече полицискиот пункт од местото Карпалак а Министерството за одбрана и Генералштабот да не бидат за тоа информирани. Сите хронолошки постапки преку "Карпалак" наведуваат на заклучок дека некој тоа го испланирал со одредена цел, слично како со Арачиново; но со Арачиново беше постигната целта: прекинати беа воените дејства на АРМ и отпочна да се решава проблемот преговарачки, со директно учество на меѓународната заедница, а со "Карпалак" целта можеше да биде: или да се одложи потпишувањето на Охридскиот договор, доколку "режисерот" на тој настан е домашен, или да се забрза потпишувањето, доколку "режисерот" не е домашен или барем не е од македонскиот блок.

На 8. 8. 2001 г. вечерта беше закажана седница на Советот за безбедност во Охрид.

После сето тоа што се случи на 8. 8. 2001 г. во врска со "Карпалак" цврсто одлучив да се повлечам од функцијата началник на ГШ. Тоа сакав да го направам и на 6. 8. 2001, кога на таа седницата на Советот беше барана оставка на Владо Бучковски, министер за одбрана, но после реферирањето на одлуката состојбата се смири и седницата на 6. 8. 2001 заврши со заклучок да се доведат единиците за операција на просторот Еребино.

Како човек од војската и како граѓанин од РМ бев скршен, зошто да загинат недолжни луѓе, а уште повеќе што загинаа поради нечии политички игри за време на воената криза. Иако во својот бележник ја имав формирано оставката уште на 6. 8. 2001 не сакав да објаснувам ништо, само кратко соопштив: "Јас после сето ова што се случи се повлекувам од ова должност".- Единствено Стојан Андов беше искрен и јавно, на телевизија, го изнесе моето повлекување, но брзо го прекинаа на Македонската телевизија, како не би се искажал докрај.

По грозоморноста на Карпалак лесно можеше цела состојба да излезе надвор од секаква контрола и наместо да се разреши истата да прерасне во граѓанска војна.

Осветата во такви прилики е секогашнеправилна, но таа е најлоша реакција бидејќи во секоја освета обично страдаат недолжни луѓе кои најмалку се виновни за она што се случило пред тоа.

Во граѓанската војна нема победници, сите се губитници: на двете страни - и пак меѓународната заедница ќе се вклучеше со многу појаки сили и немаше да го дозволи тоа во што бев сигурен.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМ
2 АРМИСКИ КОРПУС
Стр.дов.број 30-182/21-1065
08.08.2001 година.

Вонреден борбен извештај,
доставува.

ДО ОПЕРАТИВНА ГРУПА НА ГШ НА АРМ

1. Врз основа на Наредбата на Командата на 2.АК стр.дов. 30-182/21-973 од 27.07.2001. година и дополната на Наредбата на командата на 2.АК стр.дов.бр. 30-182/21-1007 од 31.07.2001. година, а во врска со извршувањето на планската смена на ангажираните единици во составот на ОТГ-1, на ден 08.08.2001. година извршено е превезување 2.пч-КОГ Прилеп/2.мап од касарната од Прилеп преку Велес -Скопје за Тетово, со поаѓање во 07,00 часот. 2.пч-КОГ Прилеп/2.мап е мобилизирана на 25.07.2001 година.

2.- Превезувањето на луѓето беше извршена со 2 (два) автобуси од ЈСП "Пелагонија Транс" од Прилеп, 1 м/в комбе и 1 м/в "Мерцедес" од опис и 1 м/в Хермелин од 2.бВП.

3.- Околу 09,25 часот по пристигнувањето на колоната со м/в во реонот на Групчин (Марков Ѕид) истата беше нападната од заседа од страна на албанските терористи со рачни фрлачи на

гранати, рачни ракетни фрлачи и автоматско-стрелачко вооружување.

4.- Во текот на нападот:

а) м/в Хермелин било погодено во задното лево тркало, но истото продолжило да се движи кон Тетово и пристигнало во касарната.

б) Двата автобуси биле погодени со стрелачка муниција при што се повредени следните в/о:
-ПЕТРЕСКИ Станоја РУБИНЧО, роден 1973 година во Прилеп (ранет во грбот);
-РИСТЕСКИ Кирил ДИМЧЕ, роден 1971 година во Прилеп (ранет во левата подлактица).
Повредените се наоѓаат во гарнизоната амбуланта во Тетово и се вон животна опасност.
Автобусите продолжиле да се движат кон Тетово и истите пристигнале во касарната.

в) м/в "Мерцедес" е погодено со повеќе мини од рачен фрлач при што дошло до запалување на истото. На лице место смртво погодени во м/в останале:

1. резервниот капетан НАУМОСКИ Ѓоре НАНЕ, роден 29.01.1953 година, оженет, татко на 2 деца, живее на улица "Кочо Рацин" број 5 во Прилеп.
2. резервниот поручник КИТАНОСКИ Благоја САШО, роден на 11.11.1961 година, оженет, татко на 2 деца, живее на улица "Ленин" број 168 а во Прилеп.
3. в/о СЕКУЛОСКИ Спасе БРАНКО, возач на м/в, роден на 26.11.1958 година, живее на улица "Кеј 4-ти Јули" број 24-А во Прилеп.
Останатите војници излегле од каросеријата на м/в и завзеле позиција за борба и возвратиле на дејствата на албанските терористи.
Бо борбата загинаа следните в/о:
4. в/о МИНОСКИ Атанас ГОРАН, роден на 27.12.1972 година, живее на улица "Београдска" број 69-Б во Прилеп.

5. - в/о ДЕСПОТОСКИ Благоја МАРКО, роден на 28.09.1973 година, живее во с. Новоселани-Прилепско.
За горе наведените лица потврдена е идентификацијата од страна на Заводот за судска медицина при Медицинсикот факултет во Скопје.
За останатите лица идентификацијата е во тек. Се претпоставува дека се загинати следните лица:
6. в/о ШАБАНОСКИ Алија ЕРДОВАН, роден на 24.10.1980 година, живее на улица "Дабнички завој" број 34 во Прилеп.
7. в/о СТОЈКОСКИ Ѓорѓија МАРЈАНЧО, роден на 20.04. 1968 година, живее на улица "Осоговска" број 52 во Прилеп.
8. в/о ГРУЈОСКИ Александар ЉУБЕ, роден на 03.11.1969 година, живее во с. Пашино Рувци-Прилепско.
9. в/о ВЕЛЈАНОСКИ Милорад ДАРКО, роден на 17.03.1974 година, живее во с. Ропотово-Прилепско.
10. в/о СЕКУЛОСКИ Веле ПЕЦО, роден на 25.09.1970 година, живее во с. Поле-Прилепско.
11 в/о РУШИТОСКИ Кадри ВЕБИ, роден 23.09.1974 година, живее на улица "Врањска" број 6 во Прилеп.
Досега се пронајдени 10 (десет) тела на загинатите припадници на единицата, а 1 (еден) припадник засега го нема ниту меѓу загинатите, ниту во единицата во касарната во Тетово.
После завршената идентификација, дополнително ќе Ви доставиме извештај за преостанатите загинати лица.

г) м/в комбе во кое се наоѓале командантот на колоната мајорот Рашниќ Енер со уште двајца старешини, се вратило назад за околу 200 метри од каде раководеле со борбата.

5.- За нападот на колоната од албанските терористи известени сме во 09,40 часот од капетанот Ческо Ешеф кој беше во м/в - комбе. Веднаш после тоа известена е ОГ на ГШ на АРМ и побарана е интервенција на специјални сили, хеликоптери и санитетски м/в.

6.- Околу 10,30 часот местото на настанот е обезбедено од специјалната единица на АРМ, а хеликоптери на АРМ го пребарувале теренот на местото на настанот.

7. - На местото на настанот за извршување на увид излегоа републичкиот јавен обвинител, истражниот судија од Основниот суд-1 - Скопје, крим – техничари од БВП од Скопје и лекарска екипа од ЦВЗУ - Скопје.

8. - Командата на 2.АК за превземање на телата на загинатите воени лица во Заводот за судска медицина ги ангажира полковникот Живко Најдовски и ппк Павле Ставревски. После извршената обдукција со погребални м/в од ЈП "Бутел" од Скопје телата на загинатите ќе се превозат до касарната во Прилеп, а од касарната во Прилеп со ангажирање на АВЛ од 2.мап ќе се превозат до нивните места на живеење.

9. - Од Командата на 2.АК изработена е наредба за организација на погребот на загинатите воени лица со која се регулирани сите обврски од Правилото на служба во АРМ од точка 595 до точка 604.

10.- Во Прилеп група на граѓани револтерани од загинувањето на своите сограѓани, влегле во касарната кадешто провалиле во еден од магацините од каде зеле 55 АП 7,62мм и 500 парчиња муниција.
Групата граѓани до магацинот од каде што е земено оружјето и муницијата ги одвеле в/о кои се демобилизираа на 07.08.2001. година кога и го раздолжија оружјето и муницијата.
За надминување на состојбата, покрај командата на гарнизонот ангажирани се две одделенија од 2.бВП и полиција од УВР Прилеп.
Во тек е предавањето на оружјето и муницијата.

11.- После завршувањето на идентификацијата на загинатите припадници на единицата и предавањето на оружјето и муницијата дополнително ќе ве известиме.

МК/ДК

КОМАНДАНТ
бриѓаден ѓенерал
Илија Николовски

Извештај од командантот на 2.АК до ГШ за случката “Карпалак”

На 10. 8. 2001 г., дадов јавно сопштение во сите средства за информирање

На 9. 8. 2001. Претседателот дојде во Министерството за одбрана, односно во мојот кабинет во Генералштабот

Прво што ме праша, дали се стабилизирав и дали сериозно се повлекувам. Му одговорив да, тоа е конечно, па затоа ги повикав командантите на единиците пред нив да го објаснам мотивот и добро би било и вие да присуствувате”. “Кого го предлагаш да те замени?”, - “Ако Вие немате предлог, односно, ако не ви сугерирале, јас немам предлог, имам заменик - а тој е генерал мајорот Методи Стамболиски, но да го викнеме Министерот за одбрана, тој е во својот кабинет”, му велам на Претседателот. Министерот Владо Бучковски дојде во мојот кабинет и го повторивме предходниот разговор.

Слеговме во “кожната сала” каде што чекаа командантите на 1.АК; на 2.АК, на ВВ и ПВО, Командата на одбрана на град Скопје и генералите од Генералштабот. После објаснувањето на целта на овој состанок од страна на Претселателот зедов збор и тогаш истакнав: “Како човечки и морален чин не можам да стојам на чело на ГШ и да поднесам 10 жртви кои се кукавички убиени поради нечиј интерес; не сакам никој да ме манипулира за остварување на тесни политички интереси. Не сакам да предизвикам граѓанска војна во РМ и да бидам дел на однапред планираното сценарио на некои личности во РМ и затоа се повлекувам од оваа функција”. После тоа следеше дискусија од присутните генерали кои на некој начин го потврдија моето образложение со конкретни примери на теренот, односно кој во суштина ги прави провокаците. Генерал Звонко Стојановски, командант на ВВ и ПВО, покрај другото истакна: “Во 9,30 часот, на денот на заседата, во Карпалак, хеликоптер на КФОР го надлета просторот. Во 10 часот оств010 дејство од нашите хеликоптери по реонот Карпалак и во тоа време две

возила од НАТО (два џипа) едното возило успеа да побегне, а другото се скри во Ново Село” итн. ...

После тоа Претседателот му наложи на Никола Димитров да даде јавно соопштение за моето повлекување, но не како јас ги наведов причините, ами тој да го подготви и да ми го донесе да го видам пред да се објави. Никола Димитров веројатно беше под нечиј друг притисок, па го напишал соопштението и го дал во јавноста без да го погледнам како што беше договорено.

Република Македонија
Кабинет на Претседателот

СООПШТЕНИЕ
за средствата за информирање

Претседателот на Република Македонија Борис Трајковски денеска потпиша указ со кој го разреши од должноста началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, генералот Панде Петровски. Непосреден повод за ваквата одлука на претседателот Трајковски е вчерашниот трагичен инцидент кај мвснота Карпалак, кога од заседа на терористичките банди беше нападнат воен конвој при што загинаа десетмина припадници на резервниот состав на Армијата на Република Македонија.

На вчерашната седница на Советот за безбедност, генералот Панде Петровски ја потенцираше својата лична морална одговорност за начинот на кој загинаа бранителите на суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија, најавувајќи го своето размислување да се повлече од функцеијата.

Претседателот Трајковски му се заблагодари на генералот Петровски за досегашниот ангажман во вршењето на мошне одговорната функција.

Вршител на должноста началник на Генералштабот на Армијата на Република Македонија привремено ќе ја врши заменикот на началникот, генерал-потполковник Методи Стамболиски.

Скопје.9.08.2001 год. КАБИНЕТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Соопштение до средствата за информирање

Иако бев премногу навреден, му се јавив на Претседателот и го прашав, дали го погледавте соопштението што го дал Никола Димитров во јавноста, ми одговори искрено дека не го погледнал - Тогаш утре јас ќе дадам соопштение штом Вашиот Никола така настапи и попладнето, не би дошол кај Вас во Собрание за акцијата која ја планиравме - ќе го испратам генерал Методи Стамболиски". Тој ми одговори: "Почекај малку, мислејќи да не го затворам телефонот- на друг телефон го повика Никола Димитров и му рече: "Никола што ти реков, генералот Панде да не си го чепнал и зошто не му го однесе соопштението пред да го објавиш да го погледне?"- "Вечер на А1-телевизија да ја кажеш вистината!". Без оглед дека Претседателот беше искрен, чесен и сакаше докрај да ја смири состојбата во РМ, секогаш не беше правилно сфатен, многу пречки му подметнуваа, тој тоа го знаеше, имаше целосни информации за се што се случува на теренот и пошироко. Го заплашуваа, му се закануваа со ликвидација и што ли не други нечесности, но тој истраа во својата замисла за разрешување на кризата.

И од тој аспект, сепак се одлучив да настапам, јавно да го образложам моето повлекување.

На моето соопштение се јави преку медиумите само тогашниот премиер Љубчо Георгиевски, веројатно се препознал и ако не спомнав ничие име, или пак мислеше дека ќе продолжам јавно да изнесувам некои факти, односно вистината за оваа воена криза која е договорена и разработена и строго контролирана со

определени инструменти. Но тогаш не сакав да продолжам полемика преку средствата за јавно информирање бидејќи само би ја отежнале работата за конечното разрешување на воената криза, а јас немав намера доправа да градам воена, а најмалку политичка кариера.

Знаејќи ја целата состојба генерал-мајорот Методи Стамболиски не сакаше да ја прифати должноста началник на ГШ- па бев замолен и понатака да останам и да помогнам во разрешувањето на кризата, односно останав до 29. 9. 2001 г., кога со Указ на Претседателот (бр.40 од 29. 9. 2001), бев поставен за Советник на министерот за одбрана за развој и употреба на АРМ.

ГЕНЕРАЛ
ПАНДЕ ПЕТРОВСКИ
09.08.2001 година
Скопје

Изјава за јавноста

Денеска, 09.08.2001 година, по неколку дневно размислување, а откако на седницата на Советот за безбедност на Претседателот на Република Македонија и врховен командант на нашите вооружени сили од 08.08.2001 година ги запознав и Претседателот и членовите на Советот, одлучив да се повлечам од должноста началник на Генералштабот на АРМ.

На наведената седница на Советот јасно и прецизно го изразив мојот недвосмилен став дека како човек и старешина, а поаѓајќи од моите морални принципи, не можам да стојам на чело на Генералштабот и да раководам со Армијата на Република Македонија по подмолното убиство на 2 старешини и 8 војници од резервниот состав на Армијата кои своите животи ги загубија заради нечиј интерес чија основна цел е да се спречи политичкиот договор од Охрид и да се оневозможи неговата имплеметација во пракса.

Како и многупати пред тоа и на оваа Седница посочив дека не сакам и нема да дозволмам кој било да мамипулира со мојата личност и функција заради остварување на тесни партиско-политички интереси, посебно не во извршувањето на борбените дејства. Истовремено на членовите на Советот им дадов до знаење дека задачите што сакаат да и се постават на Армијата и начинот на кој тие треба да се реализираат, нужно водат кон предизвикување на граѓанска војна во Република Македонија, во која нема да има победник, а сите ние заедно - граѓаните во нашата земја ќе бидеме губитници. Истовремено потсетив дека на крајот пак ќе мора да се седне на тркалезна маса и пак ќе мора да се дојде до политички договор.

Ова посебно го потенцирав напоменувајќи дека во реоните во кои и од кои сега дејствуваат албанските терористчки банди живее население кое, сепак и пред се, се граѓани на Република Македонија. Затоа и нагласив дека не сакам и нема да прифатам какви било притисоци и хајки врз мене од одредени политичко-партиски структури, а кои во суштина се против интересите на нашите граѓани и на Република Македонија.

Во моето долгогодишно животно и војничко искуство секогаш се раководев во прв план да ми бидат интересите на мојата земја во целост. Тоа како основна цел, со подготвеност секогаш да бидам во полза на мојата земја, ми останува и по моето заминување од досегашната должност и функција.

Генерал
Панде Петровски

Изјава на генерал Панде Петровска за јавноста

Предложената операција на 6. 8. 2001 г., која не беше одобрена од Претседателот, а беше прифатена да се доведат единиците во Еребино во готовност доколку има потреба да се ангажираат за ослободување на патот Пороj - Јажинце беше извршена покасно. Од тој аспект, на 9. 8. 2001 г. единиците ги поседнаа почетните позиции. На 9. 8. 2001 г. кога дојде Преседателот во ГШ, по завршување на состанокот со командантите - тој, јас,

генерал-мајорот Методи Стамболиски и Владо Бучковски, министерот, се вративме во мојата канцеларија и тогаш договоривме: сепак да се изврши една помала акција, како би се задоволиле нечии страсти. Акцијата беше договорена да се реализира на 9-10. 8. 2001, на една терористичка група која беше стационирана пред Порој - во бараки. Акцијата успешно беше извршена. После тоа се случи нова освета - беа киднапирани недолжни граѓани - Македонци.

Во тие денови се потешко се контролираше состојбата на теренот, посебно таму каде што беа вклучени новоформираните единици "Лавови". Тогаш т.н. ОНА немаше ни капацитет, ни можност да изврши некоја сериозна акција на нашите позиции. Како освета за некои неконтролирани постапки т.н. ОНА се одлучи да нанесува загуби на патиштата, таму каде воопшто не се дејствуваше. Во просторот, полн со населени места, со жители од албанска националност, тешко можеа да се спречат таквите освети или терористички акции. Тоа секогаш го потенцирав и настојувавме што е можно поцелосно да ги обезбедиме на истурените објекти и колони.

До 13. 8. 2001, до потпишувањето на Рамковниот договор, веќе во неколку случаи состојбата ќе излезеше од целосна контрола. Дваесет и четири часови дневно бевме ангажирани на следење состојбата за да не бидеме изненадени.

На 9. 8. 2001 г. во 20 часот дојде генерал Ристо Галевски да ни пренесе информација дека во Радуша "има многу терористи-односно од Косово се спремаат терористите да ја освојат Радуша". Бара да се испрати војска за одбрана на Радуша. На генерал Методи Стамболиски му реков: "Ова пак е некоја замка". Поради што, ден пред тоа, МВР наредило да се повлече полицијата, односно да го напушти селото и да се стационира јужно за 2 км, а во полициската станица да остави незнатен број полицајци.

Радуша беше под целосна контрола на полицијата уште од 29. 3. 2001 г., кога на целиот простор беше изведена воена операција. Просторот од Радуша вдолж границата со Косово до Јажинце не е населен. Патот Дворце - Јажинце, исто така беше

под контрола. Но поради вовлекување на самата граница од Косово во РМ заседнат беше правецот: Кривени - с. Грачани - с. Кучково, каде што имавме доволно јаки сили за обезбедување. Северно од Радуша на границата со Косово, во изработениот камп уште кога беше УМПРОФОР во РМ беше поседнат со еден вод војници и ОТ (оклопни транспортери) граничари кој го следеше целиот простор до Јажинце каде што беше следната караула. Од 29. 3. 2001, на тој простор, повремено, ако се појавеше некоја терористичка група бидејќи нема населени места, брзо беше разбивана, а најчесто, штом ќе почувствуваа страв се повлекуваа кон Кривени во Косово.

Одеднаш, пред потпишувањето на Рамковниот договор, целиот простор стана актуелен за предизвикување на поширока акција од терористички групи и тоа од тие кои се инфилтрирале од Косово. Познато ни беше дека во непосредна близина на Кривеник (во Косово на 1 км оддалечено од границата со РМ) т.н. ОНА имаше камп за обука на регрути. Тој простор од косовска страна го имаше во надлежност бригадата “Југ” на КФОР со сили од Чешка. На целиот тој простор, како погоден правец за инфилтрирање теротисти од Косово беше Радушка Река, заправо каде што беше поставен кампот на АРМ. Поради сето тоа во мај и јуни 2001, во околината на Чашка, АРМ ги засили единиците со тенкови, артилерија и оклопни транспортери. Вкупно АРМ имаше сили на тој простор, вклучувајки го и Рашче еквивалент на околу засилен баталјон. За класичен напад од страна на Косово, во дневни услови, т.н. ОНА немаше големи шанси бидејќи по силите кои би тргнале од Кривеник кон Чашка и Радуша би дејствувале и на самата територија во Косово. На командантот на КФОР, во повеќе наврати, тоа и му го потенцирав, знаејки дека во Кривеник има т.н. ОНА камп за обука.

Добиената информација од генерал Ристо Галевски, дека “во Радуша има многу терористи, односно од Косово се спремаат терористите да ја освојат Радуша”- бара да се испрати војска да ја брани Радуша многу не ме загрижи не знаејќи дека пред тоа полицијата била повлечена.

После ова сознание веднаш наредивме од Скопје да тргни колона со тенкови и други воени сили за да го засилиме граничниот камп бидејќи во ваква состојба каква ги остави полицијата можно е да дојде до изненадување.

Тоа беше пресудно покасно да не биде кампот Радуша целосно уништен од страна на терористите кои отпочнаа напад од Косовска страна, а истовремено и од самото село Радуша. Незнам зошто, но пред самиот напад полицијата целосно се повлече и ги остави војниците во кампот сами да водат 5 часовна борба, додека пристигна засилувањето од АРМ, за најпосле да бидат извлечени од кампот.

Испровоцирани со ваквиот начин на дејство, односно дејство и инфилтрација од Косово, наредните два дена беше извршен силен напад на целиот тој простор со дејство од дистанца. Во јавноста се пласираше тезата “дека на тој простор полицајците ја одбраниле Република Македонија”. А полицијата, всушност, се повлече пред да отпочнат борбените дејства.

По повлекувањето на полицијата и по 5 часовна борба извлекувањето на војниците од кампот Радуша, во целиот тој простор (од Радуша и Јажинце) Радуша стана “Мека” за терористите бидејќи после 12. 8. 2001 им беше овозможено слободно комуницирање со Косово и Радуша за Кривеник иако од другата страна беа силите на КФОР.

Групата војници која го бранеше кампот Радуша иако доживеа силен напад од сите страни, посебно од косовската страна, го издржа нападот, го одбрани кампот и покажа висока професионалност, храброст и упорност. Од ГШ цело време ги имавме на директна врска, за да не се создаде паника до пристигнувањето на единиците кои ги засилија и ги извлекоа без загуби. Нападот беше извршен ноќе, бидејќи беа свесни терористите, доколку отпочнеше напад на 11. 8. 2001 дење, никој не можеше да ја спречи АРМ да изврши дејство по ДТГ уште при доаѓањето и тоа дури и на Косовска страна.

Тие денови, пред 13. 8. 2001 (пред потпишувањето на Рамковниот договор), во секој момент очекувавме провокација

од поголеми размери. Бидејќи одлуката за напад на Тетово Претседателот не ја потпиша, се измисли Радуша. МВР имаше 100 полицајци во Радуша, од посебните единици и посебно полициските сили во полициската станица, а АРМ кампот Радуша го држеше со 24 војници и ОТ.

Во текот на борбените дејства, во ноќните часови, кога беше најжесток нападот на кампот, го повикав командантот на КФОР, бидејќи не реагираше, му пренесов: “Доколку од Косовската страна се дејствува со минофрлачи ќе морам да извршам напад и нема да сносам одговорност ако во близина имаат некоја единица на КФОР во реонот каде ќе дејствувам”. За оваа одлука им дадов дека го известив и претседателот Б. Трајковски. Веднаш потоа, околу 00 часот на 11. 8. 2001 дејствата престанаа, а војниците од кампот беа извлечени. При нападот, ноќта еден тенк се заглави во Кривеничка Река, онеспособен и оставен во реката. Покасно терористите го извлекоа и пласираа како заробиле тенк од АРМ.

## ЉУБОТЕН

После “Карпалак” патот Порој - Јажинце и “Радуша” кои се случија за многу кратко време, односно од 8. 8. 2001 до 11. 8. 2001, кулминацијата на теренот излезе од општа контрола, отворено се дојде до директен конфликт помеѓу членовите на Владата од широката коалиција бидејќи секој бараше повод за конфронтација и директно обвинување за состојбата. Се сеќавам, на седницата во Охрид, кога беше барано оставка од Владо Бучковски, а на негово место да дојде Бранко Црвенковски - на таа седница ја прибележав дискусијата на премиерот Љубчо Георгиевски, кој покрај другото, истакна: “Сето ова премногу наивно се случи - општа трагедија за македонскиот народ - овој договор ќе го потпишеме како срамно решение. Р. Македонија влезе во ќорсокак, државните институции немаат никаков авторитет пред народот”. Ова го прибележав на 8. 8. 2001. Но, сепак тој Договор е потпишан, меѓу другото со коалициониот партнер кој беше во Владата кога започна воената криза во РМ. Тоа требаше да се констатира тогаш, а не на 8. 8. 2001 бидејќи “беше доцна - меѓународните институции веќе беа целосно инволвирани во разрешувањето на кризата. Доколку не се прифатеше разрешувањето на кризата на тој начин граѓанската војна ќе беше неизбежна. Веројатно некој тоа и го посакуваше, па покрај сите тие провокации во времето од почетокот на преговорите во Охрид, достигна кулуминација на ден пред потпишувањето на договорот со случајот во Љуботен.

На 12. 8. 2001, недела, како и секогаш спиев во кабинетот на Генералштабот. Во 6 ч. ме пробудија експлозии од правецот на касарната “Илинден”. Мислев дека нешто се случува во касарната, па веднаш го повикав полковник Блажо Копачев, командант на касарната: “Блажо, што се случува во касарната?” - “Ништо!”, кратко одговори. - “Слушаш ли ти дека некој дејствува со артилерија?!” - “Слушам вели, но звукот ми доаѓа од Радишани”.- “Веднаш да провериш и да ме известиш!” Го викнав генерал Методи Стамболиски: “Да не знаеш ти кој дејствува, овие се јаки експлозии, не верувам дека терористите негде напаѓаат”. Во меѓувреме се јави полковник Блажо Копачев и ми соопшти: “Дејствата се во Љуботен, отпочнат е

напад со полицијата во селото, но за тоа ние ништо не знаеме!" - "Како не знаеш, нели твојата артилерија дејствува, полицијата нема артилерија, веднаш да провериш и да ме известиш!" - Пак го прашав генералот Методи Стамболиски: "Што се случува, кој го наредил нападот кога ниту ние знаеме, ниту командантот на бригадата?!" "Не знам, вели, ќе провериме!" - "Извести го Министерот за одбрана!"

Артилериските дејства престанаа околу 7 часот. Повторно се јави командантот полковник Блажо Копачев и ми соопшти дека минофрлачка батерија од 120 мм го подржала нападот на полицијата по наредба на Врховниот командант" - "Застани, му велам, од каде знае Врховниот командант дека ти на тие позиции имаш батерија 120 мм, а со што му наредил кога ни јас не знам кој е командир на таа батерија? Оди на лице место, провери ја состојбата, земи изјава од командирот на батеријата и дојди во ГШ со изјавата!", му наредив.

За сето ова министерот Владо Бучковски беше информиран, но и тој не беше запознат со случајот.

Кога дојде полковник Блажо Копачев во ГШ ја донесе изјавата од командирот на батеријата и ми ја даде. Читав и не можев да поверувам. Покрај другото, во изјавата пишуваше: "Во 6 часот ми се јави Претседателот преку мобилен телефон и ми нареди да ја подржам полицијата која врши напад во селото Љуботен - но не дејствувавме во селото ами надвор од селото..."

"Не е спорно, Врховниот командант може и директно да нареди, по правилото на служба, односно на секој претпоставен во итни случаи, во системот на командување може да издаде директна наредба на потчинетиот, поради брзина на преносот на наредбата, но таму во тоа правило исто така е регулирано, потчинетиот е должен веднаш да го извести предпоставениот каква наредба има добиено и од кого!"- му забележав на полковник Блажо Копачев. - "Познато ми е тоа, но ете така се случи", вели полковник Блажо Копачев, што во суштина и беше во право.

Суштината не беше во тоа бидејќи не се случило Претседателот пред предходни проценки, согледувања на состојбата и начинот на извршување на борбената задача, да не се консултира и да побара наше мислење, а посебно кога една задача заеднички ја изведуваат АРМ и полицијата.

Сепак, во себе си помислив дека ова е игра на Љ. Бошковски, министерот за внатрешни работи. Го прашав Љубе Бошковски а тој едноставно ми рече: “Кога почна нападот јас не знаев, а Претседателот ми се јави околу 8 часот, а во тоа време јас бев во населбата “Аеродром” да се потстрижам”. -Повеќе не знаев на кого да верувам, си мислев во себе. Командирот на батеријата беше дециден во својата писмена изјава. Освен 12 испалени гранати на минофрлачи од минофрлачката батерија АРМ не учествуваше во тој напад. Покасно, добиени се некои информации дека “наводно ни полицијата не учествувала во директен напад, ами некоја агенција за обезбедување “Комета”. Информациите не беа проверени, а за што АРМ не беше надлежна.

Сакам да подвлечам дека ова беше уште еден “обид” да се вовлече АРМ во “хаосот” што беше од некој посакуван.

Благодарение на трезвеноста на дел од Владата и помошта од меѓународната заедница, сепак не беше дозволен општ хаос во РМ и не се дозволи граѓанска војна во што бев сигурен, дека во таква создадена состојба НАТО ќе влезеше со свои единици “поради раздвојување” на двете страни, а не беше исклучена можноста за инволвирање и на некои од соседните држави. Доколку би дошло до тоа, тогаш исто така беше неизбежна регионална војна, во која тешко би се предвиделе последиците, посебно за македонскиот народ.

“Планерот” на воената криза во РМ ги постигна целите, со помалку последици во однос на целосна војна (на граѓанска војна) бидејќи имаше однапред разработени инструменти за контрола на воената криза на двете страни. Сите други “меѓупростори” “и топло - и ладно” беа само составен дел на завршницата кои се заборавaат како времето минува. Самата дилема дали има победници или поразени во ова воена криза:

победник има, а тоа е политиката со политичарите, а ние бевме само еден инструмент на постигнување на планираните цели во оваа војна.

Во сето тоа време најголем губитник беше македонскиот народ и Македонската армија која е понижена во овој историски период-понижена од сопствените “патриоти”. До кога така ќе му се случува на овој народ и на овие простори не би знаел да кажам - но сепак сум со надеж дека се приближува крајот на односните понижувања!?”

Македонскоиот народ учествувал во војни, но никогаш со своја Армија и за сопствени цели - секогаш за туѓи интереси. Војната во 2001 г. сепак ќе остане во историјата, ако по ништо друго-тогаш по тоа дека Р. Македонија како самостојна суверена држава со сопствена армија го бранеше сопствениот територијален интегритет и целовитост.

## РАЗОРУЖУВАЊЕ НА Т.Н. "ОНА"

На 15. 08. 2001 Владата на РМ донесе одлука, како што истакнав во предходниот текст, да се прекинат дејствата на двете страни, а потоа да се пристапи разоружување. Секако, по потпишувањето на Охридскиот договор.

Во овој момент се сеќавав на писмото од П. Фејт во кое децидно е нагласено: "Како мерка за градење на доверба од вас се бара да ги прекинете сите воено-воздушни операции за време на операцијата, со исклучок на оние кои се вршат за редовни логистички потреби на безбедносните сили на РМ и за евакуација на жртвите во вонредна состојба, кои ќе се извршат во координација на Командата на Наменските сили "Жетва". Понатаму, од Вас се бара да го повлечете тешкото оружје и вонредно разместените сили во гарнизоните за време на собирањето на оружјето од етничките албански вооружени групи, истовремено водејки сметка за барањата за заштита на безбедносните сили на РМ."

Сите овие барања посебно за повлекување на единиците со тешко оружје (тенкови, артилерија) оклопни транспортери) беа задоволени: Целокупното оружје од кризните реони беше повлечено во касарните.

Покрај повлекувањето на тешкото вооружување од кризните реони, мораше да се повлечи и тенковскиот баталјон Т-72 кој беше набавен од Украина, формиран со професионални послуги, оспособен за дејство, а беше стациониран во касарната "Илинден" Скопје. За ова повлекување немаше нити писмен договор, нити беше тема на разговор во преговорите за прекин на огнот, а ни покасно кога се договараше разоружувањето на т.н. ОНА.

Генералниот секретар на НАТО беше посебно заинтересиран, овој баталјон да биде дислоциран што подалеку од кризните подрачја. Знаејки ја борбената моќ на оваа единица НАТО бараше по секоја цена баталјонот да биде дислоциран во Струмица. Со секојдневни притисоци од НАТО Претседателот на РМ одлучи и нареди Тенковскиот баталјон со комплет

старешински и војнички состав да се дислоцира во Струмица, што беше направено. За секое напуштање и на еден тенк од Струмица мораше да се бара одобрение од НАТО.

И во конкретните преговори, во однос на разоружувањето на т.н. ОНА, на некој начин бевме изиграни - имено во изработка на Планот за разоружување и начинот на извршување на разоружувањето на пунктовите, наменските сили на НАТО "Жетва", од почетокот на разговорите беше договорено: на секој од пунктовите да бидат присутни и старешини од АРМ или МВР, секако како набљудувачи во цивилна облека. Ова го баравме од почеток на преговорите бидејќи имавме сознанија дека т.н. ОНА е вооружена со вооружување од некои земји, членки на НАТО. Но пред самата реализација на операцијата "Жетва", под оправдување "не гарантираат безбедност на нашите набљудувачи" не беше дозволено присуство на пунктовите за собирање на оружје на нашите набљудувачи од страна на наменските сили на НАТО.

И по потпишувањето на Рамковниот договор, по прифаќањето на Владата на РМ за стацинирање на наменските сили "Жетва", и разработка на Планот за разоружување на т.н. ОНА, состојбата не се смируваше, можни беа потешки инциденти во кризните подрачја, а посебно во Тетовскиот регион.

БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА ВО РЕОНОТ НА С. РАТАЕ ОД 21. 8. 2001 г.

До ГШ на АРМ, на личност генерал Панде Петровски
(фото копие од извештајот од Командантот)

Во извештајот кој е испратен од командантот на Оперативно-тактичката група - 1 на бригадниот генерал Јосип Бошевски, покрај другото стои:

"На 19. 08. 2001 г. во вечерните часови од реонот на с. Ратае, беше непотребно отворен оган од вооружена група која беше надвор од контрола на МВР и од составот на единиците за борба против тероризам. Под команда на мајорот Трајковски, остварено беше дејство од тенковите по џамијата во с.

Непроштено. Ценам дека денешното минирање на манастирот во с. Лешок од страна на ДТГ е реакција во знак на освета”.

“Од страна на ОТГ-1 и лично од моја страна, бевте информирани и запознати повеќепати да се преземат итни мерки за престанување на дејствата на горе споменатите единици и состави, од причина што истите не беа загрозени до тој степен, да мора да се постапува на тој начин. Исто така Ве информиравме дека во с. Ратае е стационирана вооружена група (полиција) која оперативно не е под контрола и команда на СВР Тетово, а која честопати отвора оган без потреба и може да предизвика сериозни последици по имплементирање на мировниот договор...”

“На 21. 8. 2001 год. лично упатив наш старешина со мисијата на НАТО во реонот на с. Ратае, при што е утврдено дека вооружената група, кон преставниците на мисијата се однесувала крајно дрско и некоректно со зборовите “дека секоја мисија на НАТО ќе биде убиена”.

“На прашањето на старешината од командата на ОТГ-1, кој раководи со оваа група и чии наредби извршува, од страна на лицето по име Марјан кое не сакал да го каже презимето, изјавил дека тој и групата извршуваат наредби на генералот, и не доаѓа предвид некој друг да раководи и командува со нив”.

“Од страна на присутните лица со “црвени беретки” манифестиран е висок степен на омраза кон мисијата на НАТО со упатување закани “ќе видите Вие што ќе се случи за два дена”.

Вакви и слични извештаи тие денови од Тетовскиот реон МО и ГШ добиваше скоро секојдневно, посебно и од мисијата на НАТО, со потенцирање дека во тој реон има некои единици кои се надвор од секаква контрола и кои можат да предизвикаат потешки последици по реализирањето на целата операција “Жетва” и имплементирањето на Рамковниот договор. Во неколку наврати добивани се и оптужби од македонските жители во тие села од постапките на некои единици во “црвени

беретки". Секако за сето ова беше информиран и претседателот на Р. Македонија и премиерот на Владата на РМ.

Тоа беше создавање на неизвесност како за настаните така и за идната реализација на договорот и на смирувањето на стабилизацијата во државата.

Денес (август 2006 г.) сите тие случувања, непосредно пред Охридскиот договор по неговото потпишување ми изгледаат како очајанички обиди на некои структури да продолжи кризата и конфузијата во Р. Македонија. Но тоа доправа треба да се откриваат и разјаснуваат. За среќа не се случи така како што настојуваа таквите структури. Кон тоа длабоко верувам, дека значително придонесе и АРМ - со своите старешини и војници, со одговорното однесување за цело време на кризата.

# РЕЗИМЕ

Од почетокот на војната во Р. Македонија, во Државниот врв имаше различни мислења и неединство во мислењата на кој начин војната да се разреши, а пред јавноста се стекна слика дека раководството на РМ е неодлучно во употребата на постоечкиот одбрамбен систем, во што Уставот ги обврзува за употреба на сите средства во однос на одбрана на суверенитет и интегритет на државата. Таа неодлучност, дали се темели на недоволната храброст, знаење или "така беше договорено" не е многу важно. Битно е дека овластениот орган кој според законот должен е да преземе соодветни мерки за одбрана на Р. Македонија а не ги преземал - е директен соучесник со другата страна односно со агресорот.

Таквата неодлучност за не преземање легитимни мерки во почетокот на војната се правдаше со недоволната информираност "Што е тоа што и се случи на Р. Македонија?" Покасно се покажа дека тогашните информации од АРМ - граничните единици на АРМ зборуваа дека Р. Македонија е нападната од воени сили на туѓа територија, односно врз Р. Македонија се врши класична агресија, а не како ги нарекуваа во јавноста гранични инциденти.

Сепак, под притисок на јавноста, а посебно на јавните средства за информираност и откога проблемот беше издигнат на меѓународна сцена, бидејќи Р. Македонија е легитимна и суверена држава и има право со легални средства да ја брани сопственоста, да ги вклучи сите свои одбранбени капацитети, државното раководство се одлучи да преземе посериозни воени акции и операции.

На самиот почеток на преземање воени операции повторно дојде до колебање во државното раководство, односно се застапуваа два става, едниот за радикални воени акции против предизвикувачите, а другиот кризата да се реши со политички средства - "да ја решат политичарите бидејќи тие ја предизвикаа".

Кога преовлада ставот дека Р. Македонија има легитимно право да ја брани сопствената држава со своите безбедносни сили и се презедоа воени дејства во Тетовско, сепак, после три дена безбедносните сили беа запрени - а АРМ беше ставена во статична состојба, наместо да продолжи за конечно разбивање на предизвикувачите на војната. Зошто тие што имаа право да одлучуваат така одлучија, дали "некој" така им наредил, "дали така однапред беше договорено или нешто трето", сепак тие што имаа право да донесат одлука за одбрана на Р. Македонија треба да објаснат. Доколку не објаснат со право може да се заклучи дека кризата беше однапред договорена со надворешни фактори и со договор на некои политички структури кои беа тогаш на власт.

На самиот почеток кога АРМ и полицијата покажаа способност, одлучност и храброст конечно да се справат и да ги разбијат предизвикувачите на војната, некој се уплаши дека целта на воената криза нема да биде постигната и веднаш одпочнаа со употреба на однапред разработените инструменти за контрола на кризата. Тие нивни "инструменти" во натамошниот тек на разрешувањето на војната со воени средства, беа се поотворени поконкретни, а достигнаа кулминација во директното вклучување на НАТО со цел да се прекине војната и да се седне на преговарачка маса.

На таа преговарачка маса не седна "оној што ја предизвика агресијата" формално така изгледаше, а во суштина на другата страна седнаа тие што ја договорија кризата и ги застапуваа интересите на агресорот, и секако дека на тој начин целта на кризата беше остварена.

Во моментот кога не беа сигурни дали ќе се постигне конечната цел на агресорот - пред потпишувањето на договор се активира притисокот со непотребни човечки загуби надвор од зоната на воените дејства за да се "убеди" македонскиот народ дека друго решение нема, туку да се потпише Рамковниот договор. Неспорен беше фактот дека во сето тоа беа инволвирани и дел од државното раководство. Дали намерно или од други интереси не е битно, без инволвирање на некој од државното

раководство оној што ја планирал и после тоа ја реализира кризата не можеше да се постигнат планираните цели.

Необјасниви се мотивите и целите на тие што ја застапуваа тезата “поделба на Р. Македонија” освен ако имаа желба и понатаму да продолжат со владеење на македонскиот народ и да предизвикаат општ хаос во сопствената држава. Секако дека на самиот почеток на разрешувањето на кризата тие што ја застапуваа тезата за поделба на Р. Македонија можеа само тоа да го сторат со употреба на безбедносните сили - со воени средства.

Во примената на инструментите на воената криза, инструментот за застрашување во државното раководство беше најповеќе употребуван од страна на “така наречените пријателски разузнавачки служби”. По тие т. н. “пријателски разузнавачки служби” пласирани беа податоци од самиот почеток на кризата систематски, дневно дека во Р. Македонија има влезено преку 50 000 терористи. Тоа кај македонското државно раководство предизвикуваше колебливост во натамошните дејства за разрешување на кризата со воени средства.

Кулминацијата на ваквото застрашување од “пријателските разузнувачки служби” беше постигнато на денот на потпишувањето на Рамковниот договор, односно ден пред тоа ја пласираа следната информација која во целост ја цитирам бидејќи на 13. 08. 2001 година т.н. ОНА “планирала операција за завземање на Сарај”.

Тој напад го планирале по следното “на објектот наречен Ветерник во шумата, во близина на селото Горно Свиларе, имало распоредено единица на т.н. ОНА со јачина од 300 до 400 припадници вооружаени со автоматски пушки, пушкомитралези со калибар 12.7 мм, а најверовatno имаа минофрлачи 82 мм. Командант на оваа единица беше Нуредин Азби, сопственик на ресторанот “Лозана” во Порта Влае (Скопје), командир на пониските единици неговиот братот Рамадан, познатиот Оџа Суљо (т. н. Мали Суљо) од Горно Свиларе и синот на Оџата. Целта на оваа единица била да се

изврши напад на правецот: Долно Свиларе - Кондово - Сарај и да се заземе Сарај. Како дополнителна задача дел од оваа единица требало да изврши напад на с. Рашче и да помогне на единицата на т.н. ОНА која беше разместена во с. Дворце, во близина на Радуша. Терористичката единица т.н. АНА броеше околу 600 припадници вооружани со минофрлачи 82 мм и 120 мм. Командант на дел од оваа единица беше Алит од Долно Свиларе кој завршил воена обука во Пешкопеја, Р. Албанија".

Нападот на Сарај требало да се изврши на 13. 08. 2001 г., но со можност истиот да се изврши или во понеделник на 14. 08. 2001 г.

Во претходните седум месеци т.н. ОНА не изведе ниедна операција, освен кукавичките убивања од заседа надвор од зоните на воените дејства. Додека АРМ со месеци ги провоцираше да се појават, да не се кријаат меѓу населението, на 13. 08. 2001 година планирала "операција за заземање на Сарај". На кого му требаше оваа дезинформација? - да не се поколеба Државниот врв, односно поединци во него или доколку некој не сака да го потпише Рамковниот договор или нешто трето. Вакви и слични разузнувачки информации имаше многу, но оваа ја цитирав бидејќи беше доставена ден пред потпишувањето на Рамковниот договор.

Состојба на т.н. ОНА нашите служби многу добро ја знаеа и тоа од самиот почеток, додека во народот се даваа разни застрашувачки дезинформации.

Од почетокот т.н. ОНА не беше самостојна, туку беше во формацискиот состав на ОВПМБ и тоа се до 25. 05. 2001 г. кога беше распуштена ОВПМБ од страна на КФОР и кога единиците на СРЈ влегоа во пограничниот простор Бујановац - Прешево. Дотогаш беше формирана висока воена команда ОВПМБ и ОНА на чело со Емруш Џемаил.

Тие (раководството на ОНА) имаа планирано, во случај на ескалација во Јужна Србија при влегувањето силите на ВЈ (Војската на Југославија) - сектор "Б", после 24. 05. 2001 г. од правецот: центар да влезат во Р. Македонија (Прешево) -

Северна Македонија. Секако дека дел од тие сили влегоа во Р. Македонија во состав на т.н. ОНА, околу 170 до 200 борци. После тоа, со распуштање на ОВПМБ со посредство на КФОР, т.н. ОНА доби привидна самостојност. После тоа односно од 25. 05. 2001 година ОНА на КФОР им постана галениче и во Призрен беше формиран Генералштаб. За командант беше поставен Г'зими Острени, а за политички директор Али Ахмети-"Абас". Тогаш во нивната формација имаа така наречена дивизија со бригада "Танушевци" и бригада "Тетово".

Тогашната оцена на НАТО - КФОР за т.н. ОНА може да се види од следниов цитат:

"Редовите на ОНА беа составени од македонски Албанци од северо-западна Македонија и искусни борци од Косово - се уште нема докази за присуство на борци од Албанија".

"ОНА можела да регрутира борци во Р. Македонија како и во Косово и во дијаспората. Се проценува дека 150 поранешни членови на ОВПМБ и се приклучија на ОНА ..."

"ОНА имаше способност да продолжи на ниско ниво, на бунтовништво за неодредено време, но би имала потешкотии во применување на поголеми операции..."

"ОНА беше присилена да ја ограничи или да прекине со активноста се додека не е доволно повторно снабдена..."

Пред Арачиново состојбата во т.н. ОНА беше критична, односно во распаѓање, а бевме присилени да потпишеме прекин на огнот. Во официјалните извештаи за состојбата на ОНА во тој период стои:

"Во меѓувреме 112 бригада Муџдин Алиу со 300 луѓе базирал близу Тетово, изгледа страдал од морал во некои елементи, проблем кој несомнено придонесувал на неспособноста самостојно да ги провоцира или ангажира македонските сили ..." Војниците од дел на 112 бригада станувале незадоволни со животот на теренот и од средината на јуни 2001 биле подготвени на бунт или напуштање на единицата. Командата на

т.н. ОНА тврдоглаво останала на неостварување на желбите од припадниците и редовно погрешно ги информирале за да останат и натаму во тек ...” “Незадоволството во 112 бригада, заедно со одговорот на раководството на т.н. ОНА го истакнува степенот до која посветеност и силата е на т.н. ОНА што може да флуктира во мал период на време ...”

Таква беше ОНА пред Арачиново. Нашето државно раководство прифати прекин на огнот и после сето тоа што следеше беше кризата да се решава со политички средства “бидејќи АРМ не е способна да ја реши кризата со воени средства!?” Така барем мислеа некои од власта, иако знаеја дека свесно грешат.

Државното раководство, односно Владата на Р. Македонија беше надмудрена, дали намерно или од неспособност, или незнаење, во што се сомневам: се потпиша безусловен прекин на огнот, беа поставени услови од страна на личниот пратеник на генералниот секретар на НАТО - Питер Фејт, кое е целосно потенцирано во текстот во оваа книга.

Што се случуваше за време на прекинот на огнот и колку недолжни жртви паднаа на кукавички начин? Исто така во книгата е целосно опишано. На кого му беше потребно после прекинот на огнот во Р. Македонија да отпочне општ хаос и да се предизвика граѓанска војна во која нема да има решение со воени средства туку само со политички средства и со посредство од меѓународната заедница, треба добро да се разработи. Тоа му требаше на оние што ја предизвикаа оваа војна за пред јавноста да се оправдаат. За среќа на македонскиот народ во тоа не успеаја. Успеаја да обезбедат смрт на недолжни и искрени храбри борци за Р. Македонија и тоа да загинат на подмолен и кукавички начин - да бидат наместени, а после тоа да обвинуваат друг што и се случи на Р. Македонија? Кој треба да го знае тоа, ако не го знаеја државниците, избрани во Владата од македонскиот народ во тој временски период. Сите ние кои директно учествувавме во разрешување на кризата имавме искрени, патриотски и професионални намери да ја браниме Р. Македонија од агресорот. Бевме попречувани во секоја воена операција.

Водевме војна со сите расположливи средства и сили што ги имаше АРМ во мирновременски услови каде што овластувањата и правата во однос на одлучување останаа исти, односно како да е мирна состојбата во Р. Македонија. Од тој аспект и тогаш, и денес учесниците во оваа војна, тие што искрено и патриотски ги дадоа своите животи, а и тие што се здобија со ивалидност и прострелни и тешки рани, не можат да ги решат статусните прашања. Некој од тогашната власт заговараше да се прогласи воена состојба во Р.Македонија, а не се активирани ни мерките за кризна состојба на дел од територијата на Р. Македонија.

Предмет : Најави за напад на Сарај

На објектот наречен Ветерник во шумата, во близина на селото Горно Свиларе, според изворот, има распоредено единица на т.н. ОНА со јачина од околу 300 - 400 терористи, вооружени со АП, ПМ со калибар од 12,7 мм, а најверојатно имаат и минофрлачи 82 мм (изворот не ја отфрла оваа можност).

Командант на единицата е лицето Нуредини Азби, кој е сопственик на ресторанот "Лозана" во Порта Влае. Командири на пониските единици се братот, Рамадан, на меѓу албанското население познатиот оџа Суљо (т.н мали Суљо, од Горно Свиларе, поранешен претседател на исламската верска заедница) и синот на оџата.

Целта на оваа единица според изворот, е да се изврши напад на правецот Долно Свиларе- Кондово - Сарај со најверојатна задача заземање на Сарај. Како дополнителна задача дел од оваа единица треба да изврши напад на селото Рашче кое пак е цел на напад на единицата на т.н ОНА разместена во реонот на селото Дворце, во близина на Радуша. Оваа единица според изворот брои околу 600 терористи вооружени и со минофрлачи од калибар 82 мм, а постои можност да имаат и минофрлачи од 120 мм. Командир на дел од оваа единица, изворот го наведува лицето Алит од Д. Свиларе (кој има завршено обука во Пешкопеја Албанија).

Нападот на Сарај требало да се изврши на ден 13.08.2001 година, но од засега нејасни причини е одложен до понатака, со веројатна можност тој да се случи на ден 14.08.2001 година.

Според изворот од селото Долно Свиларе има околу 80 млади луѓе, во единицата на т.н ОНА разместена во шумата на Ветерник и поголем број од младите од Горно Свиларе. Тие лица примале дневница од 30 ГМ со обезбедено јадење и пиење. За тријажа на повредените и ранетите, изворот наведува дека се користи амбулантата во Горно Свиларе, а како лекар се наведува лицето Фани од с.Рашче.

И покрај жестоките борбени дејства во реонот на селото Бојане, изворот наведува дека единицата на т.н ОНА која се бори на тој дел ги нема напуштено позициите.

Во селото Рашче карактеристично е обележувањето на куќите на жителите од селото кои не се лојални на ОНА. Тие куќи се обележуваат со крпа и сапунче, а тоа според изворот значи дека ќе бидат ликвидирани физички членовите од куќата која соработува со македонските безбедносни сили.

Прилог: Распоред на единици на ОНА во реонот на селата Горно и Долно Свиларе, Копаница, Дворце и можни правци на дејство.

# КРАТКА БИОГРАФИЈА ЗА АВТОРОТ

Генерал Панде Ал. Петровски роден е на 26. 12. 1943 г. во с Живојно, битолско. Потекнува од селско семејство, неговиот дедо Петре бил учесник во Илинденското востание и во Првата светска војна, а таткото Алексо учествувал во НОБ од 1943 г. и бил двапати рануван. Панде Петровски, по завршувањето на средното образование во 1962 година, се запиша во Воената академија во Белград, и во одредениот временски период (во 1965 г.) ја заврши со висок процент на успех. Веднаш по завршувањето беше унапраден во чин потпоручник на Оклопно механизирани единици.

Војничката кариера ја започна како потпоручник во Четврта оклопна бригада во Јастребарско, во непосредна близина на Загреб, каде ги извршуваше должностите: командир на вод, потоа командир на чета, па заменик командир на баталјон и најпосле командант на оклопен баталјон. Во меѓувреме, во траење од една година, ја заврши Школата за усовршување на оклопни механизирани единици во наставниот центар за ОМЈ, Бања Лука, а во 1974 година беше упатен на усовршување во Виша воена академија на копнената војска во Белград.

По завршувањето на ВВА, во 1976 г. беше распореден на должност за началник на оперативно - наставни работи во Оклопниот полк во гарнизонот во Прилеп. Во 1980 г. беше прекомандован во гарнизонот во Велес и поставен за началник на Штабот на 212 механизирана бригада, а во 1985 г. беше испратен на доусовршување во Школата за народна одбрана во Белград (ВА - КоВ). По завршување на истата, во 1986 г. беше поставен за командант на 15 механизирана бригада во Приштина.

Во 1990 г. беше поставен за помошник на командантот на 3. Армиска област во Скопје каде го затекнува расформирањето на поранешната ЈНА. По расформирањето на поранешната ЈНА, во март 1992 г. е поставен за командант на Вториот армиски корпус во Битола и истиот го формира во составот на Армијата на Р. Македонија.

Во 1996 година беше поставен началник за борбена готовност на АРМ во Скопје, а во 1999 г. покрај оваа должност, ја вршеше и должноста Заменик на началникот на Генералштабот на АРМ. Во 2000 г. по изборите за претседател на Р. Македонија, беше предвремено пензиониран. Во март 2001 г. беше реактивиран и поставен за заменик на началникот на Генералштабот на АРМ. Истата година во јуни поставен беше за началник на Генералштабот на АРМ. Во септември 2001 г. поставен беше за Советник за развој и употреба на АРМ. Во 2002 г., повторно беше пензиониран, но и натаму продолжува да работи како советник за развој и употреба на Армијата на Министерот за одбрана. Во неговата војничка кариера предвремено е унапредуван во чин капетан прва класа, во чин мајор и во чин полковник. Во генерал-мајор е унапреден 1993 година како командант на корпус, а во 1997 година во чин генерал-потполковник, и во 2001 година унапреден е во чин генерал како началник на Генералштабот на АРМ.

## ИЗВАДОК ОД РЕЦЕНЗИЈАТА НА ПРОФ. Д-Р ВЛАДО ПОПОВСКИ ЗА КНИГАТА СВЕДОШТВА 2001

Белешките на генералот Панде Петровски за настаните во Р. Македонија, за времето кога тој беше командант на воените операции против т.н. ОНА, имаат значење на изворно сведоштво за повеќе многу значајни аспекти на кризата и конфликтната 2001 г. Неговиот труд го претставува неопходниот дел од мозаикот на тие настани. Во него поприлично јасно се гледаат или оцртуваат позициите и улогите на актерите на односната криза, без што би било многу тешко или невозможно да се согледа што всушност се случуваше во 2001-та година, каква војна беше тоач која функција и цел се проследуваше преку истата. Токму поради фактот што генералот Панде Петровски беше една од клучните личности во настаните во 2001-та година, неговите белешки, опсервации и сведочења се, исто така, клучен дел од четивата на тие настани.

Самиот текст на понудената книга: самите генералови искази за случувањата во 2001-та во делот на воените аспекти, се изнесени прегледно, хронолошки, педантно и поврзано, пред се во воениот дел што и се очекуваше од автор со таква позиција во тие настани. Поради тоа понудените за печатење белешки и сведочења на генералот значат првостепено важен текст без кој не би била можна каква и да е покомплексна анализа на многу важната 2001 година за државно-правниот развој на Република Македонија.

Преку позицијата и улогата на генералот во војната во 2001- та година станува видлив и дел од улогите на најодговорните личности на државниот врв што означува драгоцен податок како за политиката на тој врв во воените конфликти, така и за нивната поставеност во однос на темелните државни интереси. А се разбира дека со тој аспект не се исцрпува и појаснува сета улога на државниот врв во однос на војната и на нејзините функции, но во секој случај се појаснува најзначајниот дел од таа улога. ... ...

Со задоволство и со чувство дека станува збор за многу важно четиво, препорачувам, понудената книга од Панде Петровски да биде отпечатена и да стане достапна на македонската и пошироката јавност.

проф. д-р Владо Поповски

## ПРИЛОЗИ

ГС КФОР 29 Март 01
Утрински известај

1. Највазен настан: Се извести дека Армијата на БЈРМ ја започна својата офанзива против терористичките групи во областите Грацани и Малина Мала, при што беа вклучени артилеријата и минофрлаците.

2. Тетово: Ситуацијата северно и западно од Тетово е нејасна, но бегалци во огромен број се движат преку границата. Многу од нив се спречени од силите на КФОР. Некои од лицата се задрзани, а е запленета воена опрема и орузје.

Се известува за мали борбени дејства воглавно во областите околу Селце, Гермо и Весала. Артилерија бесе слусната во правец на Гермо (од Тетово).

3. Пресевска долина / ГСЗ. Во ГСЗ (Гроунд Сецурити Зоне) продолзени се борбите мегју УЦПМБ И МУП во областа Церевајка (ЕМ 4686) северно-западно од Пресево. Еден МУП припадник на полицијата беше ранет, и на Српските сили им беше дозволен пристап до хеликоптер за медицинска евакуација.

Вчера попладне, МНБ (Исток) притвори осум етницки Албанци во близина на Заскосник (ЕМ 491 940). Сите лица потврдија дека се членови на УЦПМБ, но дека ја напустија организацијата дека биле премлади, односно сметаа дека е многу опасно. Коментар: Лицата најверојатно припагјаат на “Максхере” фракцијата на УЦПМБ која оперира во Зоната на Пресево (ЗОП). Како резултат на ситуацијата во ЗОП, мозно е етницките Албанци да бидат дезертери поради долготрајните борби во оваа област како и фактот дека србите кје навлезат во Сектор Б.

Активности на КФОР во поддрска на БЈРМ:

Вцера вецер МНБ (исток) извести за слуснати експлозии во близина на Дервен (ЕМ 208 610). Единицата ги слусна

експлозиите И ги идентификува како мозни минофрлаци. По кратко време, МНБ (И) забелеза цетири лица во близина на Грацани (ЕМ 214 610). Лицата носеле црни униформи И орузје, но не мозеле да бидат фатени.

Во 23:50 ч истата единица извести дека видела група од 50-60 вооррузени мази кои се движеле покрај границата (на страната на БЈРМ) во областа ГР ЕМ 2259. Лицата биле набљудувани и силите на МНБ (Исток) беа подготвени да интервенираат во слуцај на нивно поминување на границата. Групата исчезнала од нивниот видокруг по полнокј; МНБ (И) имаат намера да испратат воздусно набљудување, со цел да мозат да ги детектираат.

4. Разузнавање: ГС КФОР - заднински извести дека сите зители на селото Слупцане (ЕМ 51 69) се евакуирани. Вкупниот број на популацијата е 500, сите од Албанско етничко потекло. Причината е непозната. Правецот е непознат.

ГЕНЕРАЛНА ПРОЦЕНЕКА

За Тетово бесе известено дека е мирно и дека нема знацителни борби во брдата северно од градот. Во границмот регион вкупно 79 лица биле пресретнати од МНБ(ј), голем дел од нив го фрлиле орузјето пред оците на КФОР трупите. Одредено количество на орузје И друга воена опрема бесе превземено. Се разбира, дека 44 лица биле приведени затворот на во МНБ(ј)Призрен за понатамосно испрасување. Инаку, приблизно 600 бегалци преминале во Косово. А изгледа дека многу повеке се обидуваат да стигната до Косово. МНБ(ј) испрати 2 дополнителни одреди во тој регион. УНХЦР проценува дека 7600 бегалци рреминале во Косово од 16 Февруари, од кои 3700 во последниве 3 денови.

Со оглед на тоа дека насилството во ФYРОМ изгледа дека се намалува, вниманието сега се насоцува кон движењето на бегалците И поранесните вооррузени албански екстремисти кои се вракаат рреку границата.

РАЗУЗНУВАЦКИ ИНФОРМАЦИИ

(Н/К С) (ОРКФОР) околу 150 приврзаниси на воорузените албански екстремисти во ФYРОМ, од регионот на Тетово се обиделе да избегаат преку граница во Косово во текот на раните утрински часови. До попладнето единиците на КФОР привеле 78 од нив. Со бегањето во Косово, тие најверојатно ке се обидат да се претстават како бегалси кои бегаат од пукањето. Не мозе да биде исклуцено дека лутината и фрустрицацијата на овие лица сега мозе да се рренасоси кон КФОР.

ОПЕРАТИВНА СИТУАЦИЈА

1. Акција на опколување И рребарување на Кривеник во близина на границата со ФYРОМ.

На 27ми во 0610х Ролукрбат спроведе орколување И пребарување на сомнителна кука во Кривеник (ЕМ 227 624). Претходната нок тие приметиле 20 лица како носат кутии И сандаци во куката. Кога ја рребарале куката насле АКМ 7,62мм пуска со 27 кутии муниција, М-57 пистол 7,62мм со 6 кутии на муниција, И л елек отророн на курсуми. Кутиите кои сто биле набљудувани претходната вецер биле полни со храна; куката била риљарниса.

2. На 27ми во 1325х ХРС 4-27 И 13 ТГ известија дека 7 албански мази доагјаат преку контролната тоцка 75 (ЕН 550050) на патот за Витина. Тие тргнале од Скопје за да го избегнат насилството во Македонија и отисле да ја посетат нивната тетка. Тоа биле татко, мајка, 4 деца и еден пријател на семејството. Таткото ке го остави семејството и се врака во Скопје на работа

***

Почитуван г-дин Феит,

Имам чест да Ве известам за следново:

Подготвени за завршување на кризата која го нарушува мирољубивиот, демократски развој на РМ и која воедно претставува директна закана за регионалната стабилност;

Верувајќи дека безусловниот прекин на огнот, чиишто услови се утврдени подолу, претставува конкретен чекор кон поширокате цел да се разреши кризата;

Поздравувајќи ја намерата на НАТО да помага во разоружувањето и распуштањето на вооружените етнички албански групи и одобрувајќи го присуството на мисија на НАТО за оваа цел и предусловите за нејзино распоредување и помош во процесот на разоружување, а особено:

- Дека мора да се постигне генерален, безусловен и постојан прекин на огнот и

- Дека мора да се оствари доволен прогрес во дијалогот меѓу политичките партии, како што е дефинирано од страна на НАТО и ЕУ;

Потврдувајќи ја својата посветеност кон имплементирање, без одлагање, на планот за градење мерки на доверба;

Владата на Република Македонија одлучи како што следи:

1. Безусловно ќе го почитува и ќе се придржува кон прекинот на огнот и ќе се воздржува од сите воени дејствија, употреба на сила и незаконски дејствија против етничките албански вооружени групи.

2. Го признава и се придржува кон дополнителниот Протокол Женевската конвенција (Протокол II) од 12. август 1949 во врска Заштитата на жртви во немеѓународен конфликт.

3. Прекинот на огнот се однесува на сите безбедносни сили во Република Македонија. Владата ќе обезбеди одредбите од овој документ исто така да се применат кон било кои нерегуларни сили и вооружени цивилни групи.

4. Под вооружени сили се сметаат сите страни, групи и поединци кои го прифаќаат авторитетот и командата на Влалата на Република Македонија, вклучувајќи ги регуларните сили, полициските сили, гранична полиција, армиски и полициски резерви, воена полиција, разузнувачки служби, македонското Министерство за внатрешни работи и локалната специјална полиција за антитероризам и полиција за одржување на јавен ред и мир.

5. Бара да се обезбедат меѓународни надгледувачи.

6. Одредбите од прекинот на огнот ќе стапат во сила, од 0001 часот 6 јули 2001 по јавна објава.

7. МОДАЛИТЕТИ

а. Прекинот на огнот со однесува на сите оружја вклучувајќи го и поставувањето мини или други импровизирани експлозивни направи.

б. Властите на РМ ќе ги преземат сите можни мерки за да осигура безбедност и слобода во движењето на целиот персонал на меѓународната заедница.

в. Тие ќе ја задржат сегашната позиција на нивните вооружени сили, освен онаму каде што ќе се постигнат понатамошни аранжмани со кои се овозможува локално дезангажирање или онаму каде што владините сили се упатени да се вратат во касарните. Нема да го користат прекинот на огнот за промена или подобрување на нивните позиции.

8 ПРЕДУПРЕДУВАЊА

а. По стапување на прекинот на огнот, силите за спроведување на законот се обврзуваат да дејствуваат без пристрасност и потполно да ги применуваат законите на Република Македонија без каква било етничка, верска или расна предрасуда.

б. Ниедна од наведените одредби за прекинот на огнот нема да бидат толкувани како губење на неотуѓливото право на

самоодбрана. Самоодбрана значи употреба на толкава неопходна и пропорционална сила потребна за одбрана на себе си и другите од напад или од претстоен напад. Секаква употреба на сила мора да биде ограничена на степен, интензитет и траење, неопходни за самоодбрана и не повеќе. Одмаздата не е самоодбрана и ќе претставува прекршување на прекинот на огнот.

Началник на ГШ на АРМ
генерал-потполковник
Панде Петровски

Раководител на Оддел за полиција во МВР
генерал
Ристо Галевски

***

август 2001

Почитуван Заменик Претседателе,

Како одговор на писмото на Претседателот Трајковски од 14 јуни со кое се бараше помош од НАТО за разоружување на етничките албански вооружени групи, имам чест да Ве информирам дека етничките албански вооружени групи дадоа обврска за нивно разоружување, што ќе претставува еден од елементите за одлука на САС (Северноатлантскиот Совет) НАТО да обезбеди помош за оваа цел во тесна координација со вашите власти. Властите на Република Македонија ќе бидат известени за деталниот воен план за собирање изработен од Командантот на Наменските сили Жетва. Овој план ќе биде спроведен од Наменските сили Жетва, откако САС ќе одлучи да овласти разместување на силите. Како што знаете, следниве се предуслови за ваквото разместување:

- траен прекин на огнот, почитуван од сите страни;
- општ политички договор меѓу главните политички партии;

- договор со властите на Република Македонија за статусот на Наменските сили Жетва и условите по кои Наменските сили Жетва ќе ја спроведуваат својата мисија;
- план претставен од НАТО, а прифатен од Владата на Република Македонија, кој ги одредува модалитетите и временскиот распоред за предавање на оружјето, вклучувајќи и експлицитна согласност на етничките албански вооружени групи за нивната подготвеност да го предадат целото свое оружје.

Мисијата на Наменските сили Жетва ќе има за задача да спроведе ограничени операции во Република Македонија (1 Турција ја признава Македонија под нејзиното уставно име) со цел да го собере и отстрани оружјето и муницијата од разоружените етнички албански групи, како дел од процесот на разрешување на кризата во земјата. Силите ќе бидат ангажирани во ограничен временски период, при што самата операција на собирање на оружјето нема да надмине 30 дена. Тие ќе бидат мултинационална сила со големина на бригада.

Како што знаете, правните советници од НАТО и вашата страна работат на официјален договор кој ќе го дефинира статусот на Наменските сили Жетва и персоналот на тие сили, вклучувајќи и договори за бараната поддршка на земјата домаќин. Наменските сили Жетва се овластени да употребат сила во самоодбрана, за заштита на силите и за спроведување на мисијата, вклучувајќи ја и можноста да приведуваат лица кои ќе го попречуваат спроведувањето на мисијата која е тука прикажана.

Наменските сили Жетва ќе извршат пасивно собирање на оружјето од етничките албански вооружени групи и ќе го координираат движењето и уништувањето на оружјето и муницијата. Собраната муниција и експлозивни средства ќе бидат уништени во земјата. Собраното оружје ќе биде отстранeто и уништено во трета земја, освен ако Командата на Наменските сили Жетва сметаат дека тоа не безбедно. Претставниците на РМ ќе бидат поканети од Командата на Наменските сили Жетва да ја набљудуваат операцијата.

Оние членови на вооружените групи кои ќе го предадат своето оружје и муниција на Наменските сили Жетва нема да бидат приведени, освен во одредени случаи заради превземање мерки за заштита на силите или самоодбрана или за ефикасно и ефективно спроведување на мисијата.

При извршувањето на својата мисија, Наменските сили Жетва ќе воспостават аранжмани за поврзување со вашите централни и локални власти со цел да се овозможи соодветна координација и да се обезбеди целосна транспарентност при извршувањето на операцијата. За време на операцијата на собирање на оружјето, државните безбедносни сили нема да бидат присутни во оние области кои ќе бидат одредени како локации за собирање на оружјето. Претставници на РМ, овластени од Командата на Наменските сили Жетва ќе бидат поканети да ја набљудуваат операцијата.

Поканети сте да ја прифатите одговорноста за безбедноста и слободата на движење на НАТО силите и на меѓународниот персонал вклучен во процесот на разоружување во РМ и да ги превземете сите можни мерки за минимизирање на ризикот на нивната безбедност надвор од локациите за собирање на оружјето и да прифатите такви привремени дислокации на своите безбедносни сипи или нивни ограничувања какви што ќе ги одреди НАТО за да може да го спроведе разоружувањето.

Сметам дека постојат голем број на мерки кои вашата Влада мора да ги превземе за операцијата да биде успешна. Прво, како мерка за градење на довербата, од вас се бара да ги прекинете сите воени воздушни операции за време на операцијата, со исклучок на оние кои се вршат за редовните логистички потреби на безбедносните сили на РМ и за евакуација на жртви во вонредна состојба, кои ќе се извршат во координација со Командата на Наменските сили Жетва. Понатаму, од вас се бара да го повлечете тешкото вооружување и вонредно разместените сили во гарнизоните за време на собирањето на оружјето од етничките албански вооружени групи, истовремено водејќи сметка за барањата за заштита на безбедносните сили на РМ.

Трето, по завршувањето на операцијата, државните безбедносни сили, со учество на етнички албански полицајци, ќе ги извршуваат нормалните мирновременски обврски за спроведување на законот во сите делови на земјата, без спротивставување или попречување. При тоа спроведување, безбедносните сили строго ќе се придржуваат кон меѓународните хуманитарни стандарди и општите принципи на човековите права и ќе прифатат набљудување од страна на ОБСЕ и ЕУММ. Вашите власти ќе обезбедат никакви нерегуларни сили или вооружени цивилни групи да не дејствуваат во кризните региони.

Би бил благодарен доколку добијам ваше писмено потврдување дека содржината на ова писмо ја сочинува основата за спроведување на операцијата.

Со почит,

Питер Фејт
Личен Претставник на Генералниот Секретар на НАТО

Заменик Премиер Филиповски
Претседател на Координативното Тело

***

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБАНА
ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМ

Господине Питер Фејт,

Како потписници на документот за прекин на огнот ве известуваме дека на ден 29.07.2001 год. околу 19.15 часот од реонот на с. Гајре (реон на џамијата и школото) е отворен митралески оган кон нашите сили во реонот на с. Лавце при што се повредени тројца припадници на нашите сили.

Веднаш е упатена наша санитетска екипа да ги евакуира повредените и во 19.30 часот по возилото е гаѓано со МФ 82 мм

од реонот на школото во с. Гајре при што потешко е повреден уште еден наш војник.

Имајќи ги во предвид тоа што се случи на овој ден: нападот врз касарната, погинувањето на две недолжни цивилни лица и вечерниот настан, најостро протестираме и ве известуваме дека ќе презвемеме соодветни мерки за уништување на терористите било каде да се наоѓаат и дека вакви провокации во иднина нема да ги толерираме и ќе возвратиме со сите расположиви средства за да го заштитиме достоинството на Армијата и на Македонскиот народ.

НАЧАЛНИК на ГШ на АРМ
генерал
Панде Петровски

***

12ти Април

Генерал Панде

Честитка за Големата Победа на вооружените Сили на Република Македонија.
Доказ (покажување) за гордоста и професионализмот во заштитата на суверенитетот на Републиката.

Ричард Грифиц,
генерал - мајор
шеф на МПРИ
САД

После тетовската операција, меѓу првите лично дојде во ГШ генерал Грифиц Ричард да ми честита за постигнатиот успех

***